## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Првото продолжение на Осумдесетта седница Собраниетона Република Македонија, одржана на 3 септември 2001 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 11,45 часот.

Сеницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Молам, службите да ми утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може да продолжи со работа.

Породолжуваме со претрес по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Има збор господинот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата. Моето излагање ќе биде дел како координатор на пратеничката група на Вистинска Македонска Реформска Опција и ќе ги изнесам ставовите на нашата партија во поглед на ова што нас ни е доставено како Предлог за изменување на Уставот на Република Македонија. Пред тоа би почнал со една забелешка повеќе процедурална, бидејќи ја прогласија оваа седница за историска, што значи дека и луѓето што треба да си ги земат своите одговорности по однос на целава процедура, треба да покажат дека истава ја сметаат за историска, но од луѓето што го имаат потпишано Рамковниот договор т.е. од иницијаторите на целава оваа постапка поради која што ние сме овде собрани. Само двајца земаа храброст, или доблест од своја страна да образложат зошто го потпишале овој договор и да пробаат, да не убедат дека тоа е единствено можно решение во оваа кризна ситуација за земјава кога сите знаеме во каква состојба се наоѓа, не би ги повторувал тие констатации. Овој договор не го вклучија само претседателот на Републиката и претседателот на Социјалдемократскиот сојуз, туку тука како потписници се наоѓаат и двајца кои што за нас како партија се главните виновници за она што сега ние треба да решиме, колку да е тоа тешко и да понудиме решение за даденава ситуација. Имено, господинот Георгиевски и господинот Џафери, бидејќи кога тие го потпишаа овој договор кој носи име Рамковен договор, но тоа не значи само рамка за за слика, туку тоа значи ограда дека тие ќе се држат во она што го имаат договорено и нас ќе пробаат другите да не убедат дека тоа што го договориле е најдобро за Македонија.

Ги чувме ставовите на двајцата од потписниците, останува со нив да полемизираме за тоа дали ги прифаќаме, или не, но, сепак останува одговорноста на двајцата други кои што сепак, многу се инволвирани во целава ситуација, да излезат и да ни образложат зошто тие го потпишале и зошто тие сметаат дека ова е најдобро можно pѕшение за Македонија во овој момент. Инаку не можеш да потпишеш ваков договор и да побегнеш од образложението зошто ја повлекуваш оваа иницијатива. Инаку ние тука не усвојуваме мировен договор, што некој сака да ни го подметне во јавноста, ниту пак усвојуваме, некој диктат од Меѓународната јавност. Ние тука усвојуваме договор на четири лидера од политичките партии кои сметајќи се дека се најрелевантни во ситуацијава, дошле до решение кое мислат дека е најдобро за Македонија и ние тука ќе го цениме дали тоа е така. И ако тие навистина мислат дека ова решение е најдобро за сите нас, ќе си го изгласаат, бидејќи за да земеш одговорност и да потпишеш некој договор, а во исто време да го негираш и да правиш план да својот потпис преку себе самиот, или преку некои што се исти како самиот себеси да го поништиш во јавноста. Прво, не држи до елементарната политичка култура, а за другите вредности мислам во овој дом ние и не можеме да зборуваме бидејќи евидентно сме ги напуштиле. Поаѓајќи од заложбата за единственото можно решение за безбедносната криза, а тоа сепак е дијалог и ние во ова Собрание не се решаваме за дијалог и војна, бидејќи кога сме во Собрание, значи сме за дијапог. Да не бевме за дијалог за решавање на оваа криза која ни е наметната во еден период на лошо владеење на определени личности, исто така и од меѓународните

фактори, ние сме во Собранието тука за да најдеме политичко решение. Што значи дека со самото тоа што сме тука, сме за мировното решение. Така што нема двојба. Оној што не е за дијалог не би бил тука.

Сега друго е прашањето како компромис ние сите ќе се решиме и што мислиме дека е најдобро за земјава. Нашата партија Вистинска Македонска Реформска Опција смета дека нејзините веќе прокламирани јавно изнесени ставови содејствуваат со дел од она што спаѓа во обезбедување на иднината на демократијата во Република Македонија и овозмжување на Република Македонија да влезе во поблиски интегрирани односи со евроатланските структури. Ние сме за влегување во НАТО, сме за влегување во Европската Заедница. Тоа да не биде двојба дека оној што нема да го прифати договорот, не е за тоа. Со сите досегашни политички активности застанавме зад интересите на македонската држава, македонскиот народ и македонските граѓани со што го промовираме мировниот и хармоничен развој на граѓанското општество, почитувајќи го етничкиот идентитет на сите македонски граѓани со можност за развој и креативност во нивните активности за градење и заштита на сопственото потекло, култура и традиција. Иднината на овие заложби и определби е возможна само со поставување на единствена цел која што во моментот е приоритет на Република Македонија, а тоа е трајниот мир и стабилност на државата.

Вистинска Македонска Реформска Опција ги прокламира единствените принципи врз кои треба да опстои општеството и оваа држава и кои можат да бидат единствен гарант за мирот и развојот на македонската држава. Овие принципи кои се прокламираат во воведот на Рамковниот договор, документ и во точката "основни принципи", се ставови врз кои треба да се потпира и да се гради Република Македонија и тоа за нас не е спорно. Значи некои ставови од Рамковниот договор априори ги прифаќаме. По нејзиниот понатамошен развој како европска модерна држава, интеграција во НАТО и ЕУ. Затоа целосно се отфрла употребата на насилство за остварување на политички цели, иако за потсетување е дека албанските вооружени терористички формации, нема друго име, под притисок на оружјето успеаја да иницираат политички процес. Значи овој политички процес не е спонтан за нас, не е наметнат од нормалното живеење, туку е принуден. Ние сме во принуда. И од тоа како производ се јавува Рамковниот договор како документ. Ние велиме дека само со мирни политички решенија може да дојде до политички договор и резултати кои ќе го претрпат и судот на времето и истите ќе ја гарантираат стабилната и демократска иднина на Република Македонија. Суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и нејзиниот унитарен карактер се неповредливи и мора да се сочува, тоа на сите ни е јасно, и тука немаме никој разлики со тоа и мислиме дека не постои никакво дополнително решение за да се стави под знак прашалник унитарноста на државата, целовитоста, целокупноста на македонската територија. За потсетување, додека ние сега зборуваме, мислам разговараме, оценуваме, 1/5 од територијата на нашата држава Македонија е под окупација и се нема контрола врз териториите што ги запоседнале таканаречените припадници на ОНА. Затоа не смеат и не можат да постојат територијални решенија за етничките прашања и секакво разграничување на внатрешен план врз основа на етнички исти заедници и мислиме дека такви решенија можат да доведат до распукување на земјата и конечно до нејзина поделба. Мултиетничкиот карактер на македонското општество е придобивка која се гради повеќе време, најмалку 10 години во самостојноста на Република Македонија. Имаме веќе зголемени права на конфесиони и на различните групи кои што можеа да живеат мирно во земјава без пресија, или дискриминација, туку проблемот што ние треба да го решиме е инициран од страна, од припадници на едно малцинство кое со ништо не беше испровоцирано тоа да го направи.

Заедничкиот живот форсиран како пример за Европа и светот до пред извесно време треба да биде унапреден на сите нивоа, принципот на мултиетничност треба да се негува, да наоѓа одраз и во јавниот живот. Но, тоа мислам дека ние веќе почнавме да го правиме. Така што став е дека различните етникуми треба да се интегрираат во општеството, а не да дојде до подвојување и раздвојување по таа основа, мислам етничка.

Уставот на Република Македонија како највисок акт ги обезбедува и исполнува потребите на своите граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди. Инаку да не беа така, нашиот Устав немаше да биде пример за кој добивме оценка од господинот Бадентер во почетокот дека е еден од најграѓанските и најдемократските устави во Европа. Значи никако под притисок на оружјето и паравоени формации, не би требало да дојде до склучување на договори кои се производ на притисок, по воен пат. Ако тоа е така, тогаш да го признаеме. Единствено е

прифатлив политички дијалог низ кој се расправа, или расправаат рамноправни политички субјекти со сопствен легитимитет кој им ги дале одредена група на граѓани и би се дошло до реформи, бидејќи не постои идеално општество, но реформите се патот да се дојде до него. И со тоа би се дошло до промени кои би биле од интерес на сите. Посебно внимание при сите политички разговори и решенија треба да се посветат на децентрализација на власта. Тоа на сите нас ни е јасно, бидејќи како што покажа овој десетогодишен развој на демократија во плуралистички услови централната власт зависно од тоа кој ја држи, онаа на локалното ниво може да одредува која општина ќе се развива, или не, пред се од политички, а не од други што би се кажало објективни некои параметри. Системите на државата, нивното територијално комуницирање треба да се разгледува со почитување и слободно развивање на сите етнички заедници. Но во склоп на сите закони и Уставот на државата Македонија.

Се поставуваат прашања дали се создадени условите за иницијативата за било какви промени, дали овие сега наброени принципи и правила се испочитувани и прифатени. Рамковниот договор, рамката меѓу четирите лидери вели дека мора да има прекин на непријателствата. Дали тоа се однесува за целата Република, или што се мисли под тоа, јас не знам. Но гледаме дека додека ние водиме разговор и водиме меѓусебно докажување на некои работи факт е дека непријателствата не се стивнати и факт е дека тој дел не е исполнет за да може да се преговара во некои помирни услови и веројатно со помирна и поладна глава за работите. Ние мислиме како партија дека мора да постои општ, безусловен, неограничен прекин на огнот и тоа да трае определен период. Прво ставот ни беше минимум 5-6 месеци, а сега гледаме дека доволно е и помалку, но сепак мора да се исполнат условите за да можеме ние да одлучуваме без притисок и да одлучуваме со ладни глави.

Во Рамковниот договор, документ се вели дека се истакнуваат заложбите од 5 јули 2001 година за прекин на огнот. Тие не се испочитувани. Од тогаш имаме преку 25 мртви војници, 40 заробени, или исчезнати цивили, разурнат шествековен манастир, храм на нашаиот духовен живот на овој народ, опожарени се стотици објекти и се окупирани уште нови територии. Се вели дека прекинот на непријателствата на кои е наведена македонската страна строго се придржува. Од друга страна гледаме дека таканаречената ОНА воопшто не. Во овој период имаме и менување на името на таа организација, но сепак за нас таа е истата. Се поставува и прашањето дали е во согласност со горенаведените принципи од истиот Договор што ние сега го разгледуваме, но со прекин на непријателствата фактот дека процедурата за уставни промени беше почната кога главниот град Скопје е отсеч од главните сообраќајни артерии како што се патот Скопје-Тетово, Гостивар-Кичево-Охрид. Тие македонската држава не ги контролира, или ги контролира ограничено.

Вистинска Македонска Реформска Опција не може поинаку да ги толкува никако фактите за разоружување на етничките албански терористи и нивното распуштање како веродостоен доказ кога не постои никаква гаранција од нивните претставници, односно потписниците на Рамковниот договор господата Џафери и Имери, а инаку еден е и наш колега пратеник не најде за сходно како потписник на овој договор да дојде пред сите нас да ни го образложи од негов аспект, а потоа ќе цениме за фактите, истиот договор, со што значи за нас не знаеме дали тој го поддржува, или се оградува од истиот. Така што дали ние тука имаме беспредметна дискусија, или пак едноставно треба да решиме по предлог на четворица зрели политичари. Додека од македонската страна се бараат обврзувачки постапки, се бараат рокови, од друга страна не се бара апсолутно ништо. Во воената доктрина само од воениот победник не се бараат рокови и заложби, само тој има право на доброволни отстапки. Видете кој во која ситуација сега самиот се става. Дали во случајов Македонија е поразена страна, тоа мора да прашаме и тоа само од 3000 пушки, бидејќи такво имаме сознание, тоа е оружјето, во кое не убедуваат дека се единственото оружје, или пак поголемиот дел од оружјето на албанските терористи. Ние мислиме, не. Се поставува прашањето дали се исполнети условите за започнување на уставна процедура која би значела некаков вовед во трајни решенија кои сите ние ги бараме, бидејќи верувајте сме за трајни мировни решенија кои ќе ги задоволат сите страни и ќе ни дадат просперитет на нашава заедница и воедно задржување на Македонија како субјект во меѓународното право. Дали во овој процес учествуваат сите политички претставници и дали овие што учествуваа можат да го гарантираат она договореното. Јавна заложба за мир од друга страна ќе значи дека македонските граѓани според нас ќе се вратат во своите домови, ќе можат мирно да патуваат

без пресретнување и киднапирања на патот Скопје-Охрид, дека Македонија ќе го врати суверенитетот на оној дел од територијата кој сега не го поседува. Така што ќе го владее правото на целата своја територија. Додека ова не се оствари останува под прашање сериозноста на другата страна, се знае која е другата. Во овој поглед НАТО и ЕУ треба да покажат максимална ефикасност и сериозност за што ние не гледаме пример во досегашните настани. Ние немаме безусловен и општ мир. Затоа мора од сите страни да се обезбедат сите овие услови кои од своја страна ќе обезбедат свои услови за расправата и за натамошниот нејзин тек. Се она што во овој договор ќе води кон интеграција на македонското општество и единство на државата, кон почитување на сите граѓани, велам на сите граѓани, не на ентитети и сите решенија кои нема да бидат против идентитетот, историјата и самобитноста на македонскиот народ, ќе бидат во функција на оние определби за кои што и ние како партија ќе ги поддржиме. Македонија како граѓанско општество е приоритетна цел, но не е штета, не на штета на македонскиот народ и пред се на штета на македонскиот јазик како јазик на кој што единствено во светот се зборува во оваа држава, кој за нас е единствен, интегративен стожер во земјата која има и други малцинства да се потсетиме. Ние немаме само едно малцинство, туку има и други малцинства кои ги заборавивме и мислиме дека тој, јазик соединува и прави сите да работат и да функционираат заедно. Сите овие ставки треба да се најдат таму каде што им е местото, во институциите ќе ги опсервираме и потоа ќе решиме зависно од понудата што ќе биде, мислам преку амандманската расправа со одбивање и отфрлање. Одбивање ако не се запазат принципите што се кажани, прифаќање ако е тоа во корист на сите, а не на штета, или пак во корист само на едни. Од прифаќање врз основа на дилема, војна или мир, ќе биде крајна штета за Република Македонија и дополнителен чекор кон војната, а оддалечување на сите од прокламираната цел, а тоа е посакуваниот мир.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:** (Продолжение)

Вистинска Македонска Реформска Опција констатира дека не се исполнети сите услови предвидени во точка 2 од Рамковниот договор за расправа во Парламентот за уставно уредување на Република Македонија. Не се прекинати непријателствата, нема јасна заложба за распуштање на терористичките групи, напротив тие се реорганизираат во исти, но под друго име и сите позначајни инфраструктурни објекти во Републикава се блокирани односно блокирани и тоа ние го сфаќаме како политички притисок за решенијата во овој момент. Ние немаме безусловно прекинување на непријателствата. Сакаме да му дадеме шанса на политичкиот дијалог, затоа сме сите тука, со политички решенија. Имаме и некои сериозни забелешки на она што ние понудено, што ние ќе го укажеме во амандманската расправа и ќе се потрудиме, сепак, овој договор според нас да добие некоја друга форма која ќе биде и поприфатлива за сите нас.

Инаку тука малку не збунија некои, при последното продолжение, бидејќи од една страна го поддржуваат овој договор, а од друга страна излегоа и фрлија огромна количина на контра аргументи, факти, жолчка, против другиот потписник на договорот, бидејќи двајца немаат храброст да седат во сала и да ги примат ударите што ние сега ги задаваме и гледаат само на исток, а заборавааат дека постои и запад и север итн. Значи кога ги критикуваме, ги критикуваме сите потписници на договорот.

Овој договор не е даден само во англиска форма, или пак ние добиваме некои други документи што другите не ги добиваат, во што се сомневам. На нас ни е доставен документ оригинал и во англиска верзија и во она што се вели транскрипција на македонски јазик. Така да ние многу добро знаеме што е договорено од овие договарачи. Да ги прочитам да нема двојба.

Документот е потпишан во Скопје на 13 август. Потписници се: Борис Трајковски, претседател на Републиката; Љубчо Георгиевски, претседател на Владата на Република Македонија, а тука е потпишан како претседател на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Бранко Црвенковски, претседател на СДСМ, што мораме да признаеме, само тој тоа не го негираше. Излезе и го повтори своето гледање за тоа.

Арбен Џафери го потпиша истиот договор. И тој меѓу другите со овој свој потпис вели дека ова решение е добро за Македонија, добро за сите, но не слушнавме негово образложување пред Парламентот што е елементарна политичка култура, кога нешто поднесуваш треба да го образложиш. Јас би сакал г. Џафери да образложи зошто мисли дека тоа е добро за сите нас. Што добиваме сите ние, а тука е тој потписник и неговата одговорност е иста како одговорноста на оние што излегоа пред нас овде да ни го образложат. Дали со своето

недоаѓање овие другите заземаат друг став спрема овој договор и со тоа ни покажуваат дека ние тука џабе губиме време. Меѓународната заедница е потпишана на само како сведок, не гарант. Не презема некои одговорности. Тука се Франсоа Леотар и Џемс Пердју. Ние имавме повеќе разговори во овој подготвителен период за оваа седница и со меѓународните фактори кога на една седница бевме собрани сите координатори. Координаторите на овие 4 партии јавно ја презедоа одговорноста да го изгласаат тоа. Тука нема бегање. Бидејќи овие потписници контролираат 97 пратеници и бидејќи тие имаат договорено нешто малку повеќе од документот на Бадинтер. Јас тука го имам, а го имаат и сите пратеници, мислам координатори, она што ни беше дадено на сите, што има барано и советувано г. Баденте̍р како, се знае чиј претставник, а што е прифатено. Ќе видите дека има полно празни графи кои не се советувани, но пак се прифатени од меѓусебното договарање. Ние треба да знаеме кои биле факторите, аргументите што ги имале сите страни за ова, како што на нас пред сите ни е ставено, да биде претставено како единствено можно решение. Пред се тука се некои решенија процентуални, некои решенија, а со самото тоа дека се над 20%, се знае дека се однесува на една етничка заедница во Македонија која има повеќе од 20%, а не е тоа македонскиот народ. Што значи од тие права што се ексклузивни права се исечени сите други и тука завршува приказната за чистиот граѓански концепт. Јас мислам дека ние тука, во однос на европските тенденции малку одиме назад. Тоа ќе го образложиме поединечно тогаш амандманите ќе бидат претставени. Она што сега сакам да го спомнам е една работа која овие денови успеав да ја перцепирам, од еден иден раководител на определени промени што ние сега тука ги имаме. Тоа е дека две се причините зошто албанската популација не може да го прифати Македонскиот јазик како свој државен јазик, иако тоа е состојба која е состојба за сите други што не се Албанци и Македонски во државата. Едната е дека тие не го чувствуваат како свој, како што се вели овде - Албанците во Македонија не се малцинство во класична смисла на зборот од две причини: не се чувствуваат како малцинство, значи не е битна бројката, законите. Значи со самото тоа што не се чувствуваш, тоа е причина да не го прифатиш тој статус. И - не има премногу за доброволно да ја прифатиме доминацијата. Доминација значи, се што е македонско кое на некого му штети или не сака да го види она македонското во нас и криво му е што сме Македонци. Така да некој не сака ни јазикот да ни го слуша, не сака ни нашата вероисповест да ја почитува, иако ние ги почитуваме истите. Поради тоа што некој не сака да зборува на наш јазик, може да зборува на свој. Тоа никој не го негира, но мора да има и државен свој јазик. Сите овие аргументи ние ќе ги разгледаме. Тоа се аргументи, тоа се сфаќања, не ги негираме. Тоа е регуларно да се постави како прашање, но да биде како единствено образложение за она што се прави, не е убаво.

За претседателот на Републиката нешто морам да кажам. Тој самиот кажа, гледајќи дека факторите во земјава не можат да го разрешат проблемот, си земал и некои овластувања што не се овластувања на претседател, за да може да се дојде до ова, што се вели решение, со што самиот во своето излагање кажа дека ги препорачал своите овластувања. Ние направивме суспензија на институциите на државата.

Нашата партија на 4-5 пати, додека трае кризата, а трае со месеци, бараше ние тука да се собереме и да расправаме, со што можеби прво ќе следеше политички дијалог, па потоа ќе дојдевме до некои решенија. Сега го изменивме редот. Ние сега имаме воено решение, па дури потоа тоа воено решение имплицира политичко, што веројатно ќе влеземе во историјата, сите заедно тука, место работите да одат, откако ќе се потрошат средствата на политиката, дури тогаш во книгите останува простор за она што се вели воено решение.

Дали некој уште во стартот го продуцираше военото решение без да се потрошат сите други решенија, политички, без да се овој Парламент произнесе и да даде скромен придонес, бидејќи евидентно ние 5-6 месеци не се состанавме по ова прашање, иако за тоа прашање разговараа сите нерелевантни, и во околината, мислам во нашата најблиска околина, мислам на земјите што не опкружуваат. За нив беше многу поважно Парламентот да го даде своето мислење за оваа работа и да зазема ставови. Само некои, мислам пред се тука одговорноста е на претседателот на Парламентот кој одлучува по своја волја кога ние ќе се собереме. Ние сме во војна, а не се собравме да го дадеме своето мислење. Некој одлучи дека неколку луѓе можат да ја скројат судбината на Македонија. Не велам дека сите тие решенија се лоши или дека се дефинитивни, бидејќи ние мислиме дека имаше простор и за други компромиси, имаше

простор и за некои компромиси кои ќе произлезат од животот, имаше простор за нешто што се вели институционално решавање на се ова.

Дали со ова конечно ќе престане кризата ако се усвои ова. Јас лично не верувам, ако двете договорени страни не ги испочитуваат сите заложби во овој договор. Јас не знам дали, ако ние ова го договориме и било што да договориме тука во Собрание, утре ќе прекине кризата. Факт е дека ние тука треба да дадеме политички излез на кризава и со тоа на некого да му покажеме дека еве ние сме демократска парламентарна земја што евидентно сами не ја почитуваме парламентарната демократија, кога релевантни фактори не можат да најдат простор да се соочат со пратениците, а преку тоа и со јавноста, за она што го работат во државата. Со тоа одговорноста за прифаќањето или не прифаќањето на овој договор немојте да ја лоцирате кај никој друг освен кај потписниците на овој договор. Ќе се повторам. Рамка не е само рамка, туку обврска на потписниците овој договор да го спроведат на дело. Тоа не е обврска на оние кои не учествуваа во овој договор, кои беа лимитирани од други и кои не можеа ништо креативно да додадат или да одземат во овој договор. Тоа ние му го кажавме и на г. Бадинтер дека ние немаме обврска да гласаме нешто за што не сме консултирани.

Сега по другото прашање дека оној што учествува во Владата треба да го поддржува. Овде нема договор на Влада. Овде има договор на два политички блока претставени и две македонски и две албански партии и што е нивни пат за разрешување на кризата. Тоа го почитуваме. Тие понудија пат. Сега ние дискутираме за нивниот пат за разрешување на кризата, а не за мировен договор.

Тука од г. Филип Петровски беше кажано, дали ќе го поддржиме или не потпишувањето на Рамковниот договор. Тој веќе е потпишан. Нема што ние да го поддржуваме. Ние тука разговараме за почеток на иницијатива за уставни промени кој е договорен од лидерите на овие партии и да не ја префрламе одговорноста на други. Ако некој мисли во својава партија дека тоа е лош договор, нека го каже јавно, а не да прават оние еквибилиристики. Лидерот не излегува. Излегуваат двајца блиски луѓе на лидерот кои ќе го дадат она што навистина го мисли лидерот. Тоа е наше мислење. Ќе видиме при гласањето, бидејќи и досега сме имале различни говори тука, а во меѓувреме некој, читајќи некој весник се премислува и го дава она правото. Не е убаво да го потпишеш договорот и да го критикуваш. Требаше да се мисли пред да се потпише.

Тоа се некои наши ставови. Другите ќе ги изнесеме во текот на дискусијата.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија Звонко Мирчески).

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

За реплика се јави г. Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Само кратко, не сакам да навлегувам во некоја подетална реплика, но да му кажам на господинот претходен дискутант дека јас не го потпишав договорот. Мислам дека прави грешка кога цело време се обидува да направи граница, да ја опише рамката што попрецизно може и во неа со сила да ги стави некои пратеници.

Иницијативата за уставни промени е предвидена и отпочната врз основа на тој Рамковен договор. Јас го коментирав договорот и го анализирав по сопствено видување, како пратеник, затоа што мислам дека тој е причина зошто е закажана оваа седница. Мислам дека претходниот дискутант нема ни најмалку право да ме прозива во стилот дека јас сум го потпишал договорот. Јас така го разбрав, бидејќи тој ставовите на потписниците ги рефлектира односно прави една паралела со сите останати тука присутни во Собранието. Мислам дека тоа е некоректно и би го замолил ако има доблест да се огради од тоа што го кажа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Филип Петровски.

Збор побара пратеникот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Јас мислам дека добро ги лоцирав работите што сакав да ги кажам, така да не сум во недоумица. Ние како партија кажавме дека нема да ја поддржиме иницијативата за преминување кон уставните промени, од оние причини што ги кажавме. Во исто време координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кажа дека сите, мислам пред меѓународните фактори е кажано дека сите од таа партија ќе го поддржат истото. Ако има некој проблем господинот Петровски, нема проблеми со нашата политичка партија, има проблеми внатре. Така да, да не ги префрламе работие. Знаеме што кажавме. Јас сакав чисто да направам динстинкција за она за

што се расправа тука. Ние не расправаме за Рамковниот договор. Тој е потпишан од нив. Ние, заради тоа што не сме учествувале во истиот се оградивме од него, со тоа што нема да гласаме за преминување кон уставните промени. Другите што учествувале за превземање на одговорноста, имаат и морално право сега да ни образложат на сите зошто е тоа така, зошто се преминува кон промена на Уставот во вакви услови кога, ги кажавме нашите огради, немаме ние чиста ситуација во однос на територијалниот интегритет и во обврските преземени од другата страна, а не тука да правиме популизам, од една страна прифаќаме, а од другата страна ги покажуваме лошите. Тоа требаше порано. Сега сме на расправа за прифаќање на иницијатива за приоѓање кон уставните промени. Рамковниот договор да не го спомнуваме. Тоа е договор помеѓу 4 партии.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на господинот Ристовски.

Процедурално за збор се јави Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, втор пат ми се случува да реагирам процедурално кога сакам да е овде претседателот на Собранието, но веројатно заради своите обврски и интензивни случувања мораше да отиде заради своите должности. Сега ќе го кажам она процедуралното.

Респектирајќи ја функцијата претседател на државата, респектирајќи ги неговите обврски и должности и имајќи предвид во каква сложена ситуација се наоѓа државата и што всушност сега претседателот на државата е и Врховен командант на вооружените сили, малку поактивно од другите моменти, сепак сметам дека тој е единствениот овластен предлагач на оваа иницијатива. Затоа сметам дека треба сепак да се направи обид претседателот на државата да биде овде и активно да помогне во размислувањата, расправата и учеството во една ваква сложена ситуација, односно седница, како што е оваа, бидејќи реперкусиите од ова што го дискутираме, од она што ќе го одлучиме и што го одлучуваме навистина се сложени, не само за Македонија, можеби и пошироко. Затоа сметаме дека неговото присуство може само да помогне во ситуацијата, а и според Деловникот, како овластен предлагач тој треба да биде присутен овде на седницата.

Јас би апелирал претседателот на Собранието, затоа барав тој да биде како наш претставник пред државата Република Македонија, а и до Вас, претседателството на Собранието, да прави напори, секогаш когаќе може овде да обезбеди контакт со овластениот предлагач, имено претседателот на државата да биде присутен за да може самата работа да биде по плодотворна.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам Г. Стојменов, навистина јас лично како потпретседател на Собранието мислам дека сте во право, но вашата процедурална забелешка дали тоа значи дека треба да го бараме претседателот на државата да присуствува на седницата пред да продолжиме со расправата или да продолжиме. Г. Стојменов дали инсистирате предлагачот на иницијативата да биде присутен во салата.

Имајќи предвид дека во други случаи како Парламент сме имале респект кон предлагачите, сме ги чекале, сме имале разбирање за нивните должности, сметам дека можеби треба да продолжиме со расправата, меѓутоа претседателот на Собранието под итно да направи напор да обезбеди контакт со претседателот на државата и да се овозможи негово присуство овде.

Г- Стојменов, ние ќе продолжиме со расправата, јас и секретарот на Собранието ќе се потрудиме да го обезбедиме претседателот на државата како овластен предлагач на иницијативата да присуствува понатаму во салата на Собранието, за да можат да се дадат одредени појаснувања.

Пратеникот Петар Гошев е на ред.

Се извинувам Г. Гошев процедурално бара Г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г. потпретседател барањето од пратеникот е во ред, да направиме пауза, предлагачот треба да биде присутен, јас предлагам седницата да се прекине, предлагачот да биде тука затоа што ние по негово барање заседаваме. Овде сме 40 пратеници, не сме во полн состав, па би требало да направиме една пауза да се собереме сите и да почнеме да работиме како што треба.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Добро Г. Амди, ќе замолам сега да видиме колкав број пратеници има, држи вашата процедурална забелешка, предлагам да продолжиме, бидејќи суштински одлуки нема да носиме, а за 10-15 минути ќе

настојуваме да го обезбедиме претседателот на државата да присуствува во салата. Ако евентуално не дојде, тогаш ќе ја прекинеме расправата додека не дојде.

Дали се согласувате? ( Гласови на одобрување).

Одиме понатаму, има збор пратеникот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани колеги ова е, без сомнение најдраматичниот период од поновата историја на Македонија и Македонскиот народ.

Најтежок тест за нашата способност да се одржиме како држава можеби и како народ.

Во последните 10 години две спротивставени сили го креираа нашиот 10 годишен живот како држава, по изглегувањето од поранешната СФРЈ.

Едните од тие спротивставени сили им беа посветени на реформите и дообликувањето на нашиот државен идентитет. Другите упорно работеа на подкупувањето, дезинтеграцијата и онеспособувањето на државата.

Првите, определените за реформи, со искрена желба за добробит на државата работеа млако, работеа површно со бескрајни комбинации, компромиси често пати компромиси и со вторите иако генерално во добра насока зафатите на тие не продреа премногу длабоко во општествениот организам.

Вторите работеа поупорно и поорганизирано, овие против интегритетот на државата. Успеав да засечат подлабоко и поостро во државното ткиво. Од првиот момент ги користеа и ги користат следните методи:

Прво, безмилосно го крадеа државниот имот и пари и оневозможуваа луѓето чесно да работат. Насекаде противзаконски ја монополизираа дејноста, воведоа и спроведуваа антимакедонија. Последиците од тоа се посиромашен и по немотивиран народ, подготвен да бега од земјата, а не да ја брани својата земја. Или, ако реши да ја брани, еден дел од нив тоа го правеа и го прават поради бедните дневници, бидејќи дома ни такви ги немаат.

Второ, од првиот ден безпримерно ги разграбуваа институциите на државата со прием и менување или ибор на кадри чии најважни квалификации се називот "партиски војник", да не работел никогаш таква работа на каква што се именува, се поставува, се бира, да не го интересира ниту еден закон, туку волјата на партиското лоби, партиските шефови, да носи регистрирани и нерегистрирани пиштоли или да има силни тупаници. Последиците од тоа се хаотична државна администрација, импотентни обезглавени државни институции, стравично слаби безбедносни сили и покрај сета самопожртвуваност и подготвеност да го изложот животот на ризик.

Трето, од првиот ден наместо да работат на збогатување на нашата историја, работеа и работат на нејзино прекројување, фалсификување и скратување. Таквите, што мислите, колку ни помогнаа пред светот во нашата решеност да го браниме правото на сопствена држава, на сопствен идентитет? Последиците од ова се знаат, не малку луѓе ме прашале од надвор за каква држава се борите кога уште расправате за тоа кои сте, од каде сте, кои ви се корените, што сте итн.

Четврто, од првиот ден дел од вторите работат на организирање напад врз државата. Известителните служби и такви какви што беа направени и такви какви што беа воведени во таа состојба го регистрираа тоа, праќаа информации до одговорните луѓе во државата, меѓутоа, тие, или беа зафатени со кражби и провизии или даваа изјави за релаксирани меѓуетнички односи или заедно ги цртале картите за меѓуетничко разграничување според окупационите зони од 1940-1941 година. Последиците-изненадени на бојното поле.

Петто, од првиот момент еден дел од силите за делба на земјата работи врз подготовка на Меѓународната заедница за воен, дипломатски и политички атак врз Уставниот поредок на земјата, со платени професионални медијатори, со декларативна определеност за вредностите на западната цивилизација, а нашиот премиер еднаш ги бара Русите, друг пат ги бара Американците и НАТО, трет пат пак Русите, така што се однесува како оној љубовник кој пет минути ја бакнува дамата, пријателка, љубовница, следните пет минути и удира шлаканица. Така моравме да стигнеме до војната до земји кои не знаат дали да не поддржат или да не не подржат. Колку да не поддржат во нашите права итн., така стигнавме до Меѓународната конференција, до преговорите со терористите и олеснувачите заедно топтан и до овој договор помеѓу етничките лидери.

Затоа, дами/г-да, договорот е производ на насилство од терористите, на тие што се борат за политички права со оружје, на

притисок, на жесток притисок од НАТО и ЕУ, од она што го нарекуваме условно Меѓународна заедница и Договорт е производ на неспособноста на нашето државно раководство. Тие три фактори произведоа ваков Договор кој некому му се допаѓа повеќе некому помалку, некому воопшто не му се допаѓа.

Со инволвираноста на овие три страни секоја со својот капацитет овој Договор тешко можеше да биде подобар или помалку лош од тој што е. Едни рекоа дека овој Договор е добар компромис, а штом е компромис никој неможе да биде задоволен сосема. Други велат дека нетреба да се одбие, туку со амандмански измени и дополнувања овде во Собранието да се подобри. Јас би го поддржал овој став ако има волја од сите страни и учесници тоа да се направи, но знаеме како е, трета кокференција.

Трети велат и тие што се обидуваа меѓу тие трети да го блокираат ова Собрание да нема расправа и безброј други што не доаѓаа пред Собранието, седат дома, се нервираат и што шетаат по улиците со малку работа или без работа, овој Договор национално предавство. Може да се каже дека секој од свој аспект има право за тие што сакаа со досегашната војна да ја направат голема Албанија кои, барем за сега, не успеаа, се разбира, дека тие што во нивно име потпишаа договор се исто така именувани и можат да бидат именувани како предавници од албанската страна.

За сите што знаат колку животи се вложени во одбрана на Македонскиот национален идентитет не може да не ги обземе чувството на извневереност, па и предавство или само предавство ако некој од било какви причини се согласил да се брише зборот "Македонски народ". За други супер прагматичари ова е добар компромис ако државата останува ако нема војна, ако можат да го одгледуваат семејството, а тоа што некој е и некој сака да биде Македонец, Албанец, Турчин и тн., никој не може да му го одземе, се разбира со никаков збор. Јас би го рекол следното: Договорот не ми се допаѓа. Во него има решенија што не и наштетуваат на државата ниту пак некого би требало психолошки да го повредуваат односно да му го повредуваат чувството на идентитет, неговиот дигнитет итн. Но, има решенија што длабоко ги повредуваат чувствата на национална припадност на Македонскиот народ на тој што, дефакто, ја создал оваа држава со тоа што е именуван со безлични термини, заедница итн. Албанскиот идентитет никогаш не бил загрозен и негиран во РМ за да се бара бришење на номинацијата "Македонски народ" од членови на Уставот и од оние членови кои не произведуваат никакво екстра право за колективитетот "Македонски народ" и истовремено не закинуваат и не загрозуваат никакво право од колективитетот Албанци во РМ и за другите етнички колективитети во земјата. Тие што сакаат да живееме заедно треба да размислат уште еднаш во врска со ова и подлабоко и поискрено. Во држава во која што се сака да се живее заедно од помалубројната заедница да се бара бришење на сите знаци на мнозинската заедница, мнозинскиот народ, тоа не е декларирана добра намера за заедништво. Се разбира, Македонскиот народ и со такви решенија никој неможе да го избрише, бидејќи тој не е само збор, реченица, туку реалност. Него може да го избрише нешто друго многу повеќе и многу побрзо, за што ќе кажам нешто понатаму.

Второ, не ми се допаѓа, не е добро решението за одлучување со принципот на согласност врз етнички клуч. Тоа е совршено јасно на тие што знаат што е унитарна, универзална, хомогена итн. држава.

За среќа, ваквиот начин на донесување одлука не е предвиден за голем број прашања така што овој механизам нема да го блокира функционирањето на системот, но за тие прашања за кои е предвиден ќе ги комплицира работите и наместо да ги оладува меѓуетничките запалености, а нам тоа ни треба, обратно ќе ги вжештува, затоа што лични, приватни прашања, прашања на т.н. приватна свера кои се право на секој поединец, но неможат да бидат заедничка регулација на закон во името на човек и правото на човек се оставаат во приватната сфера, а во јавната сфера тие не се ставаат за да можат да функционираат во една хомогена, универзална, ефикасна држава.

Решението за полицијата е меѓу најлошите од сите. Тоа решение е потенцијална бомба за сите судири и дискриминација. Тоа решение нема никаква врска со граѓански концепт, загриженост за човекови права, тоа решение има врска со логиката, јас ќе палам и гасам на тој дел од територијата, јас ќе делам правда по мое. Така се бараше од некои концептот за полицијата. За тоа прашање при изработката на Законот треба уште еднаш добро да се размисли и еве да кажам кога ќе биде тој закон јас нема да поддржам такво решение затоа што има многу подобри

во интерес и на Албанците и на Македонците и на Турците, на Ромите, на Србите, на Власите и на сите што живеат во РМ и секој да се чувствува безбедно во државата.

Гледано во целина некои решенија од Договорот се спротивни на Унитарниот концепт на државата, на концептот хомогена, универзална, граѓанска држава. Спротивни се на концептот за либерално-демократска држава која ја афирмира западната цивилизација. Наместо разликите што произлегуваат од политичката, верската, религиозна, половата итн., припадност да се потиснуваат во приватната сфера, со некои од тие решенија се оптоварува т.н. "јавна сфера", Уставот, законите со што повторувам наместо неутрална, непристрасна, неемотивна држава ние влегуваме во концепт на градење жешка, емотивна, јавна сфера.

Пак за среќа, со вакви решенија не е отидено предалеку. Но, на тој концепт мора да му кажеме стоп. Повеќе од ова никако. Ако сакаме да направиме ефикасна држава не кавгаџиска конфронтирачка држава не држава која ќе не тера постојано да разговараме за капите, за шамиите за џамиите, за црквите, туку да разговараме за работата, за работното место, за платите на албанците, македонците, турците што живеат во оваа држава.

Ако имаме таков пристап многу од овие решенија немаше да се најдат на овој начин во овој предлог.

Сега се поставува прашањето дали македонците ја губат државата со вакви решенија, бидејќи најголемиот страв кај македонците, се разбкра, е тоа и со право, дека им се повредува дигнитетот на македонците, дека им се негира историската вистина, затоа што искрени луѓе никогаш нема да ја негираат преамбулата, бидејќи е тоа историски факт, независно колку од тоа некои други во државата учествувале, помагале или одмагале во создавањето на Македонската држава, бидејќи од таа преамбула, колеги, непроизлегуваше ниту едно право на никој во оваа држава, само констатираше едне историски факт.

Дека со вакви решенија околните негатори може да ги зголемат апетитите кон РМ - да. Но, неможе да се каже дека со сите слабости овие решенија дефинитивно зависи судбината на државата во негативна смисла на зборот. Од поодамна зборувам дека судбината на државата зависи од способноста на институциите и власта. Ние ќе ја загубиме државата и со изменет и со неизменет Устав ако власта и институциите.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Не се способни да го спречат конечно механичкиот прилив на дојденци кои не сакаат да се интегрираат во општеството, туку откако ќе дојдат, без закон без власт бараат делови од државата и измислуваат разни историски права.

Ќе ја изгубиме државата ако ги руинираме институциите до тој степен да неможат да ги заштитат своите граѓани од насилство и истерување од нивните домови од разни банди и хулигани кои со човековите права немаат никаква врска.

Ќе ја изгубиме државата ако институциите дискриминираат, ако тие што ги водат ги онеспособуваат, ако тие што ја водат државата го онеспособуваат стопанството за живот и развиток, ако формираат амбиент на општествен грабеж, на општ грабеж, на што бевме сведоци целиот овој период. Колку влијае на државата еден министер за народна одбрана, во текот на војната, да грабне 13-15 или незнам колку милиони долари. Колку тоа ја оштетува Македонија повеќе од било која буква во било кој закон и Устав на државата. Колку ја оштетува државата премиерот во такви услови да оди на летување во странство. Колку ја оштетува државата скандалот со ОКТА со кој толку време се расправаме во државата и не може никако да се реши. Колку ја оштетува државата, драги пријатели, владеачката партија да земе печатница со вредност од 8-10 милиони марки, ако се и тие реално оценети, и да плати 300 германски марки данок на државата, на таа држава која што ја брани, која што вели дека треба да се брани и која што вели нема да му ја дадеме никому. Колку се оштетува државата со оној царински хаос што постои безредие во државата. Со кое слово може повеќе да се оштети државата отколку со вакво однесување?!

Македонија не може да ја одбрани ниту еден Устав, ако нема народ што ја брани и власт што правилно ја води и народ и институции што веднаш ќе ги казнат тие што лошо ја водат државата. Така нема да ја одбраниме држвата.

Според тоа, ние можеме да ги одбиеме овие, од лидерите договорени, уставни измени во име на одбрана на Македонија, а Македонија да се најде во уште потешка, во драматична, буквално распаѓачка фаза. Значи, можеме да ги одбиеме и Македонија да се најде на работ на комплетната пропаст повторно заради се што зборувам и заради се што нема време да се каже. Може да ги прифатиме овие измени и тоа пак да

не биде доволно стабилизирачки, односно деструкцијата, руинирањето на Македонија да продолжи, бидејќи повторувам државата не може да се брани со никакви зборови, изговорени или запишани, ако нема способни, здрави и силни институции, неприфатизирани, непартизирани, ненаселени од разни необучени партиски војници, туку водени од компетентни здрави личности што вистински се посветени за доброто на својот народ. И нема одбрана на државата без народ што сака да ја брани државата, ако тој народ што сака да ја брани државата некој со години го турка, со години му ја одзема работата, со години создава услови за иселување од државата, а просторот да го исполнува со такви не само што не ја сакаат државата, туку сакаат да ја растурат државата. Ако е така, следи прашањето: Зошто да се пристапи кон измена на Уставот? Зошто меѓународната заедница, НАТО земјите и Европската Унија толку инстистираат на овој компропис.

Прво, затоа што ни по шест месеци, треба да признаеме, да се погледнеме во очи, не се справивме со терористите. Прикаските не ми дозволија, "не пиат вода". Ни дозволија, ама ние не ја искосристивме можноста.

Второ, затоа што тој клучен факт, несправувањето со терористите го повлече инволвирањето со НАТО и Европската Унија како страна учесничка во правењето на договорот и страна што учествува во спроведувањето на овој договор. Значи, нашата внатрешна неспособност, лошо раководење и неефикасност, дилентантизам, аматерство, и лаицизам во професиите доведоа до тоа ние денес да разговараме за договор, што не е договор или најмалку е тоа договор меѓу Бранко и Лупчо од една страна, или од различно незнам, и Џафери, Имери и Ахмети од друга стрна, туку ова е договор на сите нив со НАТО Алијансата и Европската унија.

Што мислите, какви ризици има за државата играњето со таа релација, нека размисли секој за тоа. Ако некој има аргументи дека од така проширената конфронтација ќе излеземе посилни, утре со подобра преговарачка позиција, јас Гошев Петар би го поддржал тоа и би гласал против договорот, кој и мене многу не ми се допаѓа, но треба да изложи аргументи дека другата варијанта е поуспешна и ние ќе добиеме подобар договор од овој што го има. Не со фраза, не со емоции, не со викање Македонија не ја даваме, со аргументи, со реални факти, со сојузници, со бројки, со математики и со се. Ако и после вакви отстапки сепаратистите и терористите продолжат да атакуваат врз интегритетот на државата, логично е да очекуваме:

а) вистински меѓународни санкции против нив;

б) наше апсолутно право без било какви ограничувања, без било какви барања за таканаречена пропорционална употреба на оружјето на силата да се справиме со нив;

в) без финансиски блокади од надвор кои ни ги наметнуваат веќе и без ембарга за оружје од надвор. Правото комплетно мора да биде на наша страна, ако има ронка, ронка правичност во таа т.н. меѓународна заедница;

г) доколку овој договор може да донесе конечен мир во земјата треба да размислиме дали да го одбиеме, бидејќи има многу луѓе што мислат дека терористите и борците за голема Албанија ќе продолжат на разни начини да работат на започнатата идеја за освојување територии од Македонија. Таквите мислења и јас ги делам дури дека ќе продолжат и доколку овде во Македонија мнозинството Албанци јасно и недвосмислено не се спротивстават на тоа, ако нема лидери албанци куражни да се спротивставаат на тоа, пред се заради интересот на Албанците кои не се раселени по Балканот во различни држави и тоа не е нивната најголема трагедија, туку најмногу се раселени по сиот свет од сопствените лоши лидери, како и во случајот со Македонците. Тогаш тие што се залагаат за дефинитивна пресметка, бидејќи во тоа гледаат некои решенија, ако после сето тоа така се продолжи, за тоа дефинитивно расчистување, одвојување меѓу албанците и македонците, ќе ја добијат конечната прилика за тоа. После таков судир ние ќе имаме етнички чисто Собрание, што некои сакаат етнички чиста Влада, етнички чист Устав во кој ќе бидат запишани само македонскиот народ и се што сакаме ние, кои во зависност од воената пресметка и резултат ќе важат и дејствуваат над целата денешна територи или на помала од неа. Значи, таков вид на разграничување не ни гине ако терористите и сепаратистите продолжат на сметка на Македонија да се обидуваат да прават голема Албанија.

Но и покрај сето ова што го говорам, јас не сум подготвен лесно да гласам, за

измени на Уставот. (Дофрлување на некој од пратениците со зборовите "не сме ни ние").

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ај слушајте малце, научете нешто.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги, ве молам да не дофрлате од место, ако имате да реплицирате ќе забележите.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

На оваа седница дискутираме само за донесување одлука за отворање постапка за евентуални измени на Уставот. До конечни и дефинитивни измени на Уставот има уште фази, тоа го знаете сите. За отворањето постапка сум подготвен да гласам, но за дефинитивното усвојување нема да гласам: ако сите раселени лица не се вратат во своите домови.

- ако безбедносните сили не се вратат на сега привремено окупираните територии,

- ако државата не им ја надомести штетата направена врз куќите и другиот имот на лицата што некои од сопствените домови присилно ги истера,

- ако не престане најмала провокација од терористите врз македонците од северозападниот дел на Македонија со намера тие да продолжат да се иселуваат од таму и пак некој со помали или поголеми провокации освојува територии врз етничко чистење, а овде божем сака со договорот да се подобрат човековите права.

На почетокот на седницата очекував да говорат сите потписници на договорот. Затоа зборуваше Ненад. Меѓутоа, цела јавност виде дека Георгиевски, Џафери и Имери ги нема. Имери некој може да рече не е член на парламентот, ама е лидер на парламентарна партија, потпиша договор и никакви проблеми немаше да дојде да говори тој, да каже зошто потпишал таков договор. Сите тие требаше да ни објаснат што потпишале и зошто потпишале, затоа што веруваат во тоа што го потпишале, затоа што некој им ставил пиштол на чело или заради нешто трето. Џафери не мора да објаснува многу, за него работи доволно Љубчо Георгиевски и тој претпоставувам му е многу благодарен за досегашната соработка. Но, зошто Љубчо не ни објасни зошто ставил потпис на договорот, а сега на други места објаснува како неверува во тој договор, како неговиот потпис не бил доволно квалитетен, како што се искажа во една изјава и наводно има други решенија, не вакви, ама некој не му дава да ги реализира тие решенија, а е премиер на Владата на Република Македонија. Е, господа така не се бидува лидер на нација. Или ќе го одбие потпишувањето на договорот тогаш пред да го потпише или ќе го потпише и ќе дојде да каже зошто го потпишал и ќе го брани тој договор. Така не се претставува држава пред меѓународната заедница. Така Македонија не може да добие ниту еден соработник долгорочен од странство. Ниту еден пријател нема да добие Македонија на тој начин.

Бидејќи не доведоа до ваква состојба и до ваков договор, кој што гледам од владеачката партија многу луѓе не им се допаѓа, демек, лошо е за Македонија, итн., а друго решение во овој момент подобро од ова очигледно не се способни да понудат, а ни нема во дадениот момент освен некои други да се зафатат па да бараат подобри решенија, мислам дека Георгиевски и другите високи функционери од државната власт можат да искористат барем една прилика за да покажат некаква доблест по завршувањето на процедурата за овој договор, да си поднесат неотповикливи отставки, независно од исходот, прв, тој што е на најодговорната функција Георгиевски, а потоа сите други, бидејќи сме дошле во ситуација додека ја практикуваа власта до нешто што ете на самите нив не им се допаѓа, а ни пак на народот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Има збор пратеникот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, конечно дочекавме и ние да разговараме како пратеници за она што ја тишти Македонија веќе седум месеци, за она што како пратеници и пратенички групи имаше иницијативи, некои дури штрајкуваа со глас за да дојдеме до оваа седница.

Веднаш на почетокот да разјаснам со една дилема, која се појавува пред сите пратеници. Имено, пред нас имаме точка Предлог на претседателот на државата господинот Борис Трајковски, а исто така се приклучувам кон жалењето зошто не е присутен како предлагач и мислам дека треба потпретседателот на Собранието да се заангажира околу неговото присуство тој да биде тука, да му се обраќаме на него кога говориме, кахо на предлагач. Значи, околу тој предлог за создавање услови за промени на Уставот, кои подоцна ќе дојдат, ако ние ги прифатиме. Тоа право на претседателот Трајковски на почеток да кажам дека нема да му го одземам, што значи прифаќам да се отвори расправа во Собранието и сите пратеници да кажеме што мислиме околу

она, а тоа подразбира имплементација на раммковниот договор, што мислиме околу она што нашите лидери го потпишаа во Охрид. Притоа, да кажам, значи во втората фаза од тој рамкмовен договор, имам голема резерва и 35 амандмани не ми се допаѓаат, не ми се прифатливи и околу нив амандмански ќе се реагира или ако не се прифатат мислам дека нема да биде прифатлив ни за мене тој рамковен договор. Тоа е една работа.

Втора работа, зошто целата оваа работа мене не ми се допаѓа е причината што Александар Пандов како пратеник и политичар има изгубено апсолутно секаква верба во Албанците односно во нивните политички претставници кои се тука присутни. Сега ќе ми дозволите да кажам зошто е тоа така, зошто моето мислење е такво.

Ќе се вратам нешто поназад, затоа што мислам оваа работа, оваа седница не е дојдена само од Танушевци, Танушевци како Танушевци не е настанато само за себе, туку во изминатите 10 години се случени куп работи и настани кои директно влијаеле да дојде до тоа Танушевци. Ќе се вратам на 1991 година кога веќе беше формирано ова Собрание, поминати првите демократски слободни парламентарни избори и во истата оваа сала, тогаш малку поинаков изглед имаше, говореа пратениците, договараа и го изгласаа Уставот. Притоа да напоменам ниту еден пратеник од тогашната партија - тогаш мислам дека само ПДП имаше претставници во Собранието, не гласаше за тој Устав, што значи уште од самиот почеток тие се изгласија дека не го прифаќаат она што е направено во Македонија и како треба да изгледа Македонија за нив е неприфатливо. Подоцна ќе потсетам имавме референдум, на кој Македонците се изјаснуваа дали Македонија ја гледаат како самостојна држава или во рамките на некој сојуз, односно се изјаснувавме за Македонија да биде суверена држава и исто така на тој референдум не само пратениците туку целата албанска заедница како што веќе се условуваат како албанска заедница во рамковниот договор, исто така, не излезе на тој референдум и не го даде својот глас за таа суверена држава. Подоцна беше и пописот и пописот го бојкотираа.

Веќе наредната 1992 година, албанците спроведуваат свој референдум но тогаш веќе прашањето е многу поинакво. Референдумското прашање - повторно никој нема да ме фаќа за збор како било точно прецизирано, но после тој референдум нивните политички лидери излегоа, одржаа прес - конференции и не информираа дека гласале за Илирида и ни ги покажаа картите како ја замислуваат таа Илирида. Јас ќе потсетам дека Македонија, она што најмногу нас не интересира, во таа Илирида беше изгласана како поделена држава во која спаѓа Скопје - Куманово, односно цела лева страна на реката Вардар, во рамките со цела Албанија, Косово, дел од Црна Гора и дел од Северна Грција. Притоа не потсетија дека 90% од излезените гласачи за тој референдум гласале позитивно, што значи без малку цело албанско малцинство кое живее на таа територија.

Веќе наредната година прават нешто поконкретни чекори, посериозни чекори и ја формираат паравојската. Сите ќе се сетиме во таа паравојска најголем дел државни функционери, односно безмалку ниту еден албанец кој што беше член, повиден функционер во Министерството за одбрана не беше инволвиран во таа паравојска. Таа паравојска целта и беше една и единствена - формирање на војска која што ќе се бори за спроведување на она што претходната година нивните граѓани го гласале за спроведување на Илирида.

Наредната година после паравојската ни се случува дали како благодарност на сето тоа, но мислам многу побитна работа за давање на 150.000 државјанства, за неколку месеци подоцна што се случија парламентарните избори, но тогашната власт односно Социјалдемократите и нивниот министер за внатрешни работи даде 150 илјади државјанства, кои што сега по денешните и минатомесечните борби беа мислам најортодоксните борци во редовите, како ја нарекуваат ОНА.

Истата таа година, после парламентарните избори се случува прогласување на парауниверзитетот и фарсата со неговото рушење, па демонстрации, па носење на полиција. Направија тогаш и едните и другите политички и партиски маркетинг, ништо не бидна после тоа, недела дена имаше ука-бука и тој парауниверзитет и ден денес функционира и егзистира во Мала Речица. Да потстетам, во тој период, од 1994 година до 1998 година, на власт постоеа и власта ја делеа само две партии, во прво време и Либералната партија беше во власта, но набрзо ја напушти и сите решенија од 1994 година до 1998 година што се донесени се донесени во договор помеѓу тие две политички партии СДСМ и ПДП. 1997 година, како врв на непочитување на македонската држава ни се случува најголем број од градоначалниците албанци да закачат

знамиња на друга суверена држава, Република Албанија пред советите на општините во кои што се они градоначалници. Како најтврди, како најупорни останаа во тоа време господата Руфи Османи и Алајдин Демири, и покрај тоа што имаше одлука на Уставниот суд за недозволеност тие знамиња да седат пред нивните локални совети и општини и не ја почитуваа таа одлука. И Владата на Република Македонија односно СДСМ и ПДП 6 месеци им беше потребно да ја реализираат таа одлука на Уставниот суд.

Сега би сакал нешто да искоментирам околу тоа, затоа што има временска дистанца и работите што се случија тогаш излегоа на виделина и мислам дека се сега сосема јасни. Тогаш не се работеше за доблеста на тие двајца градоначалници да ги држат и да бидат упорни колку што играта која што им ја наметнааа во тоа време господата Џафери и Тачи и господинот Црвенковски, имено двајцата политичари во тоа време од ДПА кој што сериозно ги загрозуваа нивните позиции, мислам на Џафери и Тачи беа токму они двајца. Играта се состоеше во тоа, они не ја почитуваат одлуката на Уставниот суд, Црвенковски реагираше полицијата, Црвенковски добива поени пред македонскиот народ за тоа што става палици на албанците, од друга страна Џафери и Тачи пружаат отпор против институциите на системот. Тоа и тогаш и сега безмалку супер функционира и секој што реагира на тој начин добива од својот електорат поени.

Третата работа која што ја реализира со затворањето на нив двајца господата Џафери и Тачи успеаа да ги елиминираат своите најголеми противници, кои што можеа да ги загрозат нивните позиции. Ова го зборувам што се случило дотогаш и правам една црта и што се случувало после тоа, од 1998 година, затоа што во 1998 година се случија избори, исто така демократски, парламентарни, редовни и 1998 година доаѓа на власт Коалицијата за промени составена од ВМРО-ДПМНЕ и од ДА. Како коалиционен партнер, трет, се приклучува Демократската партија на албанците. Сега би сакал да расчистам со една работа и некој од претходните дискутанти зборуваше околу тоа, а и еден голем број на списанија можеме да видиме во македонскиот печат. Тоа е дека Демократската партија на албанците успеала или ја надиграла таа коалиција, успеала да ги излаже, Џафери го излажал Љубчо и незнам што.

Господа пратеници, и во тоа време, како што и сега, и ВМРО-ДПМНЕ и ДА и сите знаеја кои се ставовите, затоа што и во тоа време и ДПА и ПДП кога излегоа на избори безмалку истите ставови и сега што ги промовираат и што ги бараат и тогаш ги правеа. Значи, на ВМРО апсолутно му беше јасно со кого треба да влезе во коалиција. Условот да влезе ДПА во коалиција ниту беше меѓународниот притисок, ниту внатрешниот притисок, ако постоел. Најголема причина зошто ВМРО-ДПМНЕ влезе во коалиција со ДПА беше интеграцијата на албанците во институциите на системот, давање на можност на она кое што дотогаш го правел господинот Глигоров на политиката која што ја градел господинот Глигоров за заеднички живот, за докажување на албанецот дека може заедно со македонецот да живее во оваа држава.За да докажеме тоа што направивме.

Една третина од министерските места, притоа министерот за правда, министерот за труд и социјална политика, еден куп битни министерства беа дадени на ДПА. Голем број на началнички места, амбасадори, директори на битни фирми. Значи апсолутно како партнер кој што е еден од трите члена во таа Влада. Значи никаква разлика не постоела околу тоа дали постои блок на македонски партии или некоја албанска партија. Раката која што била пружена била дадена пријателски и со надеж дека албанците ќе сватат дека оваа држава може да биде заеднички дом на сите. Меѓу првите седници, дали беше прва, втора, трета или четврта не се сеќавам, исто така во знак на докажување на таа доверба, да поверуваат албанците дека ВМРО-ДПМНЕ и ДА навистина мислат да ја тераат работата со нив како што треба го донесовме Законот за амнестија при што нивните двајца челници, партиски функционери, во тоа време незнам дали биле, затоа што биле во затвор незнам колку време, градоначалниците Руфи Османи и Аладин Демири, донесовме закон за амнестија и после тој закон тие беа ослободени. Треба ли да потсетам, посебно блокот кој што седи од левата страна СДСМ што се не зборуваа тогаш и како се не се обраќаа кон ВМРО-ДПМНЕ кои се не погрдни зборови како се не не нарекуваа. Треба ли да потсетам како јас како Александар Пандов сум се чуствувал пред своите избирачи кога ми го поставувале прашањето зошто ние тоа го правиме. И тогаш и сега истото ќе го повторам, ние тоа го правевме со една единствена цел - да воспоставиме заеднички живот и да дадеме рака на соживот на тие албанци. 1999 година се

случи Косовската војна. Сосема накратко ќе потсетам дека во тоа време Република Македонија стана најголема НАТО база.

Втора работа, поголем бегалски камп од Република Македонија мислам дека во историјата на војувањето досега не се памети, ниту пак ќе се памети, кога една толкава земја, колку што е Република Македонија, таква земја, со таква економија каква што ја има Република Македонија ќе прими 350 илјади бегалци и на истите тие ќе им овозможи сместување претстои, социјална помош и секаква. Околу тоа доста зборуваа, јас само толку но сето тоа беше исто така заборавено. 2000 година се решава најголемиот проблем, барем дотогаш кажувам од страна на албанците. Јас мислам дека погорливо прашање ниту во Собранието имало, ниту во нивните говори нема слушнато, а тоа е решението за дазање на можност да се школуваат на свој мајчин јазик во високото образование.Тоа е познатиот Штулов Универзитет. Притоа, ќе напоменам какви беа условите, каква беше атмосферата која беше створена од страна на СДСМ од страна на медиумите за гласање, за донесување на тој закон. Исто така ќе напоменам дека тогаш можеби и заради други причини, но по нивно кажување, во најголема мерка 6 пратеници од ВМРО-ДПМНЕ преминаа во друга партија токму поради негативниот став кон тоа прашање. Имено, не сакаа луѓето да гласаат под сите притисоци што ги правевме. Јас и тогаш, сум еден од поддржувачите на Штуловиот универзитет, и сега кога повторно има еден од амаднманите за решавање на високото образование, иако мислам дека е решено, но и ако има видоизменување не ми смета и мислам дека правото на школување на секој еден во сите сфери на школувањето треба да го има на мајчин јазик, но сепак немојте да заборавите, ние сме политичари, ние сме народни избраници, во тоа време, исто така како и за претходните работи избирачите на Александар Пандов, на ВМРО-ДПМНЕ ни го поставуваа прашањето дали вие господине Пандов ќе гласате за Законот за високо образование за албанците кои што им дава можност на мајчин јазик. На мојот одговор да, најголем дел, 70-80% беа дека сме ние предавници, вие ја продавате државата вие со тој закон незнам што правите, како правите и сето тоа СДСМ не се обидуваа ни воздржани да бидат, туку напротив се повеќе и повеќе правеа и го подигаа својот политички рејтинг и партиски рејтинг правејќи поени како ние ја распродаваме со тие закони државата Република Македонија. Како благодарение на сето тоа, во февруари 2001 година се случува Танушевци. Танушевци, да бидам искрен јас можеби сум верувал дека албанците се незадовлни дека можеби има и радикални елементи меѓу нив, дека можеби има и луѓе кои што не се согласуваат со актуелната политика луѓе кои што поинаку размислуваат како треба да изгледа Република Македонија, не сум можел да верувам дека има толку голем број меѓу нив кои што со таков гнев, со таков без ќе се нафрлат и ќе земат пушка во рака и ќе се борат против оваа држава. И нели многу брзо, иако прво, во прво време мислевме дека е тоа агресија од протекторатот Косово дека тоа се платеници и сето тоа можеби и до денешен ден има, но во најголем дел, сега со сигурност можеме да тврдиме дека борците на таканаречената ОНА, АНА, или како веќе ќе се трансформира во иднина, се од граѓани, жители на оваа држава. Од тие причини јас сум исто така поддржувач дека тоа било, тоа е и општонароден бунт. Општонароден бунт тврдам дека било затоа што ниту еден за овие седум месеци не најде за сходно, ниту еден од овие пратеници тука кои што до вчера, па и ден денес ми се колеги, ниту еден од нивните партиски лидери кои што можеби и не се тука претставници, ниту еден интелектуалец, ниту писател, ниту селанец, ниту земјоделец, ниту еден не најде за сходно да излезе во јавноста и да каже не, јас не го поддржувам тоа. Не јас не мислам дека треба нашите барања да ги реализираме на овој начин. На мое прашање со еден пратеник, кој што и ден денес мислам дека е поштен и добар човек исто така од албанска националност му го поставувам прашањето - добро, зошто го прават албанците сето ова. Неговиот одговор беше - па појди ти во граничните села Танушевци, Брест, Малино, како сите се викаат и ќе видиш во какви услови живеат тие луѓе. Причината зошто тие немаат струја, или вода, или незнам таму што ли не, значи лошите услови за живеење, пак некаде немале, била причина тие луѓе да земат оружје во рака. На мојата покана - ајде да прошетаме во Радовишко, бидејќи го гледам господинот Чифлиганец па ми текнува пред неколку дена имавме "кавги" околу Радовишко, дека немало квалитетна вода, со што се согласувам и еден куп македонски села во источниот дел во Македонија, на мојата забелешка дека исто така немаат ниту вода, ниту струја, голем дел од нив немаат пат, по земјен пат се движат он само се насмеа и се оддалечи од мене. Значи и да верувам на оној Рамковен договор дека сите тие решенија

што се наведени во Рамковниот договор се добри, јас не верувам во албанците и јас не верувам дека и после сето тоа да се усвои и плус работи да им се додадат затоа што секој еден од нив кога ќе го прашате дали сте задоволни со Рамковниот договор ќе ви каже "да", тоа е компромис затоа што најголем дел од барањата се прифатени, но има околу 30% кои што не се прифатени. Јас ќе предложам и тие 20-30% да ги прифатиме, затоа што повторно се плашам дека после година дена истите тие 20-30% ќе се зголемат ќе станат 80% и повторно ќе се најде некој, дали тоа ќе биде избран, избрано Танушевци, или некое друго западно село во Западниот дел на Македонија кое што ќе се најде како повод за реализирање на останатите барања.

Исто така, сакам да го поставам прашањето, но да се навратиме уште налку на самиот почеток, македонските медиуми немаа можност да разговараат со борците на таканаречената ОНА, но нивните команданти ги гледавме со помош на странските телевизии БИ-БИ-СИ и СИ-ЕН-ЕН, донекаде имаше можности и А1, нашата независна телевизија и на прашањето што се вашите барања, зошто вие се борите они одговараа за ова, за она, но немаа некое конкретно барање, немаат некоја цел, не знаеја конечно и зошто се борат. Нивната цел многу брзо после тоа ја видовме па двајцата вазали, Имери и Џафери отидоа кај нивниот владетел како што секогаш во историјата постоело, помалиот цар одел кај поголемиот цар, помалиот крал одел кај поголемиот крал, така и они отидоа на поклонение во Призрен кај господинот командант нивни и го потпишаа Призренскиот договор. Јас го поставувам прашањето што од тој Призренски договор, кој што во тоа време апсолутно, ама сите до еден политички партии, вклучувајќи го и СДСМ го негираа. Сите медиуми до еден и пишани и електронски, сите до еден го отфрлија. Како сега тој јас колку што знам да читам и тогаш имав прилика да го видам кој беше многу пократок, на две страници беше, безмалку 90% е имплементиран во овој Рамковен договор. Како сега тој истиот призренски договор им е прифатлив на Социјалдемократите, и незнам на кого се не друг, на половина од македонските медиуми, а како тогаш не им беше прифатлив. Што се смени во меѓувреме? Значи, тоа е една голема енигма за мене.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:** (Продолжение)

Исто така, сакам да поставам прашање, вели не овие тука кои што седат, до оние кои се борат, дали начинот со палење куќи, со силување мажи, со етничко чистење, 13 македонски села сега се празни и нема ниту еден Македонец. Има можеби по некоја старица или старец, кои што ете, едноставно мислат дека си го проживеале животот, па немаат страв и не побегнале од нивните села. Значи, 13 македонски села се празни. Тие се празни, не затоа што на нив не им чинело, не им неселе јајца кокошките, или млеко не им давала кравата, туку затоа што по сила на оружје дошле некои бандити и ги избркале од нивните вековни огништа. Се доаѓа до било какво решение или тоа е стилот и начинот на добивање на изнудување на политички барања.

Би сакал да кажам уште една работа, која исто така многу ми пречи. Сметам дека за цело време македонската страна погази еден куп принципи. Ќе напоменам само еден, кој пред 2 или 3 месеци господинот претседател Борис Трајковски имаше обраќање и мислам дека тоа обраќање го крстивме како Мировен договор на претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски. Се работи за следново:

Прв услов и сите го прифативме тука, не постоеше ниту СДСМ, ниту ВМРО, туку сите го прифативме тој Мировен договор, првата точка во тој план беше дека, сега не можам да го цитирам, затоа што го немам како точка, но се состоеше во следното дека немилосрдно ќе биде пресметано со сите терористи, ќе бидат отстранети од Република Македонија и веќе како втора фаза, после вооружената пресметка со нив ние ќе седнеме и ќе разговараме за нивните политички барања, со нивните политички претставници тука. Не, и покрај заканата со оружје, покрај се, се отиде во Охрид. Е, сега, зошто немам доверба и зошто не верувам во тој Рамковен договор. Се заврши потпишувањето во Охрид. Ќе ве потсетам ден - два после тоа, се случи рушењето на Лешочкиот манастир. Кој беше мотивот за рушење на еден таков вековен споменик, пред се религиозен. 600 или 700 години егзистирал таму, што не видел и што не поминал, на кого му сметаше спроведувањето на Рамковниот договор, дали тоа беше пречка Лешочкиот манастир. Не знам во која точка од барањето и Лешочкиот манастир беше пречка за да се спроведе. Или пак недела дена после тоа ѕверското убиство на двајца Челопечани и при тоа минирање на таму ресторан, или кафетерија, незнам

што било под името Бриони. Така ли се гледа спроведувањето на Рамковниот договор. Ова го зборувам, затоа што беше веќе потпишан. Сите лидери, господинот претседател, лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ и на Албанцие, исто така го потпишаа. После тоа се случија овие два настани. После потпишување на тој Рамковен договор и вчера слушаме и завчера, се случи ова киднапирање на граѓани во Тетовско и Гостиварско.

Исто така, имам една голема забелешка, за која се спореше во викендов, имено, не заземам страна, но искрено како Александар Пандов, како Македонец, ми пречи што оваа седница се одвива без исполнување на оние услови, кои што беа договорени во Охрид. Тие се, предавање на 1/3 од оружјето. Јас ќе ве потсетам дека има предавање на оружјето, но дијаметрално спротивни се ставовите. Разузнавачките податоци што ги има државната безбедност и Агенцијата за разузнавање се околу 60-80 илјади парчиња. Еве, нека се половина од тоа, нека напумпале луѓето, ама дека се 3.500, никако не можсам да прифатам. На крајот на краиштата имав прилика и одев по пунктовите, она што го видовме таму, сега кого повеќе, кого помалку, тоа сето таму изгледаше, но не изгледаше на квалитетно оружје, со кое се воделе такви битки, од кое што било пукано. Или пак, јас не знам, можеби потписниците тука го знаат, но барем требаше да ни дадат сигнал дека е тоа така можеби во јавноста одиме сега со информација дека е 3.300, а во позадина било договорено дека е тоа многу поголем број, но скришно ќе биде предадено на НАТО структурите кои што ќе го елиминираат. Ако тое не е така направено, оваа бројка е навистина смешна. Околу тоа повеќе не би се задржувал, затоа што до сега беше многу дискутирано, не би се задржал околу следнава работа. Тоа е враќање на терористите на позициите пред 5 јули и уште побитната правење на можност за враќање на раселените лица во своите домови.

Четвртиот услов беше прекин на огнот, тој исто така, некаде се почитува, некаде не се почитува, но би сакал нешто повеќе околу претходното нешто да кажам. Дали некој од вас кои се изјаснивме дека ќе го поддржите договорот има појдено во тетовските села и видено во какви услови живеат сега тие луѓе. Тие што не се раселени или пак тие кои што побегнале од соседните нивни македонски села. Дали некој било кој од вас пошол и го видел тоа, вклучувајќи го и пратеникот од Тетово, незнам како се викаше, дали тој имал прилика да ги види и да ви пренесе на вас како на македонци какви се условите во кои што живеат сега тие луѓе, под кој страв, под кој немир.

Втора работа би сакал бидејќи директно се обраќам, и покрај тоа што не е присутен, ни господинот Црвенковски. најискрено да го замолам како Македонец, јас не знам каков бил договорот за широката коалиција, но да даде предлог за промена н воениот министер, затоа што прави срам, како Македонец ми е срам што и тој се претставува Македонец, што Македонија дава таков министер. Па, да дава такви изјави дека за него било многу лесно со претставниците на ОНА да направи договор за нивната блокада Тетово -Јажинце, ама тешко му било да се договори со нашите раселени лица кои што ги поставиле блокадите пред Блаце и Табановце. Како не му е срам. Каков морал има тој човек. Јас најискрено ве замолувам тоа да го направите, затоа што, знаете, најтешко е можеби кога својот те тепа, кога можеби и тие луѓе ќе го поднесат онаа неправда која што е направена на Албанците. Но, кога нивниот министер воен, ќе даде ваква изјава дека тој лесно се справува со претставниците на ОНА, и тие се разбрани луѓе и со нив може да се договори, но со нив не може, јас тогаш го повикувам нека ги земе тогаш бугарските тенкови, кои сега ги повлекува, па со нив нека се обиде да разговара. Или нека им ги однесе на барикадите бугарските тенкови, за кои што тогаш се смееше, нека се обиде со нив да ги разубеди и да се повлечат од блокадите. Исто така, сега не е тука господинот Црвенковски, но би сакал да му го поставам прашањето, кого го препознава господинот Црвенковски како Милошевиќ во Република Македонија? Не можам да не го повторам она што мојот колега Петровски го повтори, го кажа веќе еднаш, дека господинот Милошевиќ се бореше, господа Социјалдемократи, за туѓи територии. Во Република Македонија политичките македонски лидери се бореа за одбрана на нашите вековни огништа, нашите територии. Тоа е многу голема разлика, господо социјалдемократи.

Втора работа, што би сакал да ја поставам како прашање, на која би сакал искрено да ми одговори господинот Црвенковски, дали во Македонија тој препознава веќе некој Милошевиќ, па во договор со господинот Ахмети направил кого сето тоа треба да предава во Хаг, во кого тој препознава луѓе кои

треба да ги испрати во Хаг како Македонци, затоа штои не слушнав дека за господинот Ахмети да каже некој лош или грд збор.

Исто така, би сакал да му одговорам, пошто јавно го постави тоа прашање, дали можеше сето ова да се спречи, јас ќе се сложам со него дека можеби и ќе се спречеше ако не им се дадеше на Албанците 150 иљјади државјанства во 1994 година, ако правовремено беше стопирано реализирањето на тетовскиот парауниверзитет, ако Одлуката на Уставниот суд не чекаше шест месеци за да може тој да се испазари со албанските политички претставници, па дури тогаш да ја спроведе. Ако сето тоа тој го спроведеше, можеби и нема да дојдеше до сето ова. Би сакал да кажам, конечно, зошто имам резерви. Имам резерви, затоа што мандатот кој што го имаат добиено мојата политичка партија и јас како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, мандатот кој што го добивме во 1998 година беше за се, но никако не беше, нашата коалиција се викаше Промени, но промени за достоинствен живот. Промени за поквалитетен живот во сите сфери на живеење, во здравството, во војската, во полицијата, во образованието. Тоа никако јас не го сфатив и тогаш граѓаните не ни дадоа мандат да правиме промена на Устав, промена на преамбула, промена на овие или оние амандмани од Уставот. Оттаму, мислам дака е многу прифатлива, мислам дека има граѓанска иницијатива, не знам чија, но и господинот Ристо Спанаков, а тоа е за раферендумско изјаснување на граѓаните. Ова го поткрепувам, затоа што онаа анкета која што можам да ја направам помеѓу младите луѓе каде са движам, помеѓу граѓаните на мојата изборна единица, верувајте ми, од 60 -60% од луѓето, апсолутно не сакаат да слушнат за овој Рамковен договор, а и оној мал процент, кој што можеби позитизно *се* изјаснува вели "да", но со голем број на измени. Значи, да не се прифати ова, да не биде она, што значи јас исто така се приклучувам на тоа и за мене најблиско до моето убедување е таквиот расплет на нештата, таквото решание, а тоа е спроведување на рефарендум.

Сега, сосема на крај, би сакал да полемизирам со двајцата последни говорници, тоа беша господинот Нанад Риставски. Би сакал да го потсетам господинот Ристевски или пратениците на ВМРО-ВМРО, тука кои што се присутни. Прад три или четири месеци се формира Влада на широка коалиција, која што во мојата партија ВМРО-ДПМНЕ ја имавме сфатено како Влада на макадонско национално единство, Влада која ќа го обадини Макадонецот, ќе го сплоти Македонецот во борба против Албанецот на територијата на Република Македонија. Е, сега, дел од таа Влада, една половина од министрите кои што ги поседуваше тогаш ВМРО-ДПМНЕ ги отстапи на социјалдемократите. А, договорот на СДСМ беше да ги внесат и ВМРО-ВМРО во таа Влада. Што значи, ваш политички ментор, претставник или како сакате наречете го е господинот Црвенковски. Господинот Црвенковски самиот кажуваше дека неговиот потпис значи потпис и на претставниците, дека тој е претставник и на тие политички партии. Тоа значи дека вие не можете да *се* амнестирате дака господата Герогиевски и Црвенковски го потпишале договорот, а вие не сте имале политички претставник. Не, господа колеги, вие сте имале и тој ваш политички претставник е во ликот и делото на господинот Црвенковски. Што значи, или ви е јасно да се оградите и да кажете господинот Црвенковски не е човаакот кој ние го поддржуваме и не мислиме, ама апсолутно никако не е тој човек кој што ја има нашата лојална поддршка. Затоа што досега, до денешниот ден јас немав слушнато нешто поинаку.

Втора работа која што би сакал да ја кажам во врска со тоа што го кажа господинот Гошев, човекот изнатресе еден куп глупости тука и незнам што се не кажа, само за на крај да се направи ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со колегите со конкретен јазик да зборувате, Ве молам.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Се извинувам. Значи, што се не кажа човекот тука, само да си направи алиби, дека ќе гласал "за". Немаше потреба, макар што е малку дволично од негова страна, тој даваше изјави по медиумите пред тоа, ама каков рамковен договор, каков призренски договор, каков Ахмети итн., сега тука ни објаснуваше те вака било, те онака било, само да се направи луфта, само да си направи алиби дека ќе гласал. Можеше барем да има доблест да не излегува, да не се бламира тука. И, втора работа, за која можеби потроши 15 минути, како неговата партија била доблесна, како водела ваква политика, онаква политика, како од друга страна имало некоја партија ВМРО-ДПМНЕ, која

што ги монополизирала фабриките, водела незнам каква кадровска политика. Јас сега ќе го потсетам исто и него, како и претходните претставници кои се тука за разлика од него партија, барем имаат поголем број тука на претставници, шест, а тој е сам. Исто така, и тој е претставник на широката владина коалиција. Исто така има министер кој се декларира дека е партиски министер и го препознаваме во ликот на Петар Милошевски. Господинот Петар Милошовски е министер за здравство. Тој откога дојде, веќе е три месеци во таа фотеља, пред се ги стопира сите реформи, затоа што тие биле од страна на претходниот министер започнати и затоа што се од ВМРО тие се лоши. Значи, сите реформи ги стопира и со што се занимава човекот, три месеци прави кадровски промени во сит есфери на здравството. Значи, не постои директор, не постои некој началник, не постои било какво здравствен работник кој е во можност тој да го смени, а да не го направи тоа. Е, сега. за каква партизација ни зборуваше господинот Гошев. Мислам дека треба малку да се има три чисти човекот кога зборува тука, треба малку да има некој морал, затоа што луѓето гледаат, прават, нели е срамно тука да се лажеме готово, човек на негови години, не го ни личи за такви работи.

Сега, конечно, сосема на крај, како сплет на сите овие работи кои ги наведов, јас повторно ќе кажам и имам голема недоверба, голема резерва према овој Рамковен договор. Го прифаќам предлогот на господинот Трајковски да се отвори расправа за уставните промени, но мислам дека многу тешко да се разуверам дека голем број на амандмани кои што се таму, кога ќе биде амандманската расправа дека ќе ми бидат прифатливи. Се надевам, ако ме разубедат останатите говорници можеби ќе прифатам. Во еден демократски дијалог тука можеби ќе ме разуверат за некои амандмани, но сега, односно сегашниот мој став и настаните кои што се одвиваат секојдневно се повеќе и повеќе ме уверуваат дека овој Рамковен договор е апсолутно штетен, дека овој Рамковен договор, неговото прифаќање значи крај за Македонија, бришење на македонскиот народ како ентитет. За сето тоа ќе говорам нешто подоцна, затоа што ќе има расправа, за преамбула и за секој од амандманите, но вака како што е поставен за мене е далеку од прифатлив и се надевам повторно ќе кажам дека во понатамошните дискусии можеби ќе бидам разуверен и ќе биде прифатлив. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Ве молам, една реплика сака господинто Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас излегувам за реплика на говорницата, за да го гледам господинот Пандов во очи, бидејќи репликата е упатена на него. Тој не прозиваше од говорницата, со политички ставови за, против ментори итн. Затоа, јас конкретно, децидно од говорницата ќе го прашам господинот Пандов, без инсинуации кој му е ментор, или не му е ментор, меѓутоа, знам кој му е лидер на партијата. А, од тука, од говорницата, господинот Пандов настапуваше со дрвја и камења против договорот, Рамковниот договор.

Господине Пандов, конкретно прашање, дали тоа значи вие како пратеник, како Александар Пандов не стоите зад потписот на господинот Љупчо Георгиевски, кој е ставен на Рамковниот договор, како претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Ако тоа го кажете јавно, тогаш да респектираме вакви ставови. Ако не, се друго што го кажавте е хипокризија, бидејќи тоа значи дека вие сега критикувате, фрлате дрвја и камења против одредби од Рамковниот договор, меѓутоа, на крајот јас би гласал за пристапување кон иницијативата за промена на Уставот. Или бидете доследни и застанете цврсто. Нашиот координатор цврсто и јасно го кажа нашиот став. Сега да го видам вашиот став. Излезете на говорницата како маж, бидете против Рамковниот договор, машки и речете, не стојам зад договорот на господинот Љупчо Георгиевски. Меѓутоа, за тоа ќе ви треба многу храброст и јас сум сигурен дека тоа нема да го направите. Еве, нека излезе господинот Пандов и нека каже цврсто дека ја подржува иницијативата. Благодарам.

И уште нешто, за да не излегувам по втор пат, господине претседателе, ако ми дозволите една процедурална забелешка. Навистина е непримерно Парламентот да работи без ниеден од предлагачите, без ниеден од потпишувачите, па дури ни без кворум, бидејќи ова е значајно прашање и го сметам за премногу значајно и би ве молел во идниот тек на седницата да се обезбедат потребните услови за значењето на темата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да дадам едно појаснување, односно да Ве потсетам по Деловникот што значи реплика.

Реплика значи: да дадете објаснување што сте рекле вие, а не сте биле разбрани.

Што се однесува до предлагачот, јас сакам да му дадеме извинување, бидејќи имаа важни меѓународни средби, кои се многу значајни за државата, меѓутоа, тој ја следи расправата.

Трето, имам намера да работиме денеска до 24,00 часот. Утре ќе почнеме во 11,00 часот и ќе работиме додека не се изврши гласањето.

Има збор господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Господине Стојменов, во мојата партија ВМРО-ДПМНЕ постои демократија. Значи, секој еден пратеник има право на сопствено мислење. Јас г-дине Стојменов сум народен избраник. Јас велам како таков, па немам право да гласаме, затоа што најголем дел од моите гласачи велат:"не, г-дине Пандов, нема да го подржиш тоа, а не што ќе рече партијата".

Јас го пренесувам гласот на народот, а не со луѓето со се кои се движам, односно со кои пијам кафе. Значи, тие луѓе така мислат. Тие луѓе кои се мои први соседи, го мислат тоа јас што го зборувам. На никого јас не му го одземам правото да каже поинакво мислење. Јас како народен избраник така размислувам. Не гледам никаква хипокризија да му се даде легитимна можност на претседателот Борис Трајковски, да му го исполниме неговото барање. Тој имаше барање да се отвори уставна можност за промени. Јас кажав дека некои од тие амандмани ми се прифатливи, меѓутоа, во најголем дел не ми се прифатливи. Доволно се тие неколку што ми се прифатливи, јас да мислам дека ќе живееме по квалитетно во Македонија. Јас незнам. Можеби, сите останати кога ќе ги отфрлиме, сите истото ќе го прифатиме.

На крајот на краиштата, затоа постои парламентот, да дискутираме и да се договораме. Јас негледам дека тој Рамковен договор, кој што ни е поднесен, дека треба целосно да го прифатиме. Доколку е така, ние нема зошто тука да разговараме. Туку, едноставно можеме да гласаме за, и против.

Меѓутоа, бидејќи ќе постојат наредни седници, ќе постои можност амандмански да се реагира, и од тие причини, мислам дека треба да се даде можност, повторно да разговараме. Јас негледам тука што има спорно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никој овде не е должен да излегува на говорница, за да се оправдува. Ниту може некој некого да испитува, туку, може со реплика да каже што е тоа што тој не го разбрал. Не може да толкува и да бара објаснување од никој друг.

**СТОЈМЕНОВ ЗЛАТКО:**

Јас го прифаќам ставот на г-динот Пандов, бидејќи е многу појасен. Се тоа што кажа во дискусијата, имаше само критики и дискусија по Договорот. Сега, има една прогресија кон умереност. Бидејќи тој ништо не кажа, што има позитивно, а што негативно во Договорот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Александар Флоровски. Тој ќе направи процедурална забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас неправам забелешка, меѓутоа апсолутно, го прифаќам предлогот на последниот дискутант дека мора да има овде пред нас, овластен предлагач, бидејќи, мировниот план на претседателот Трајковски, треба некој овдека да го претставува. Според тоа, претседателе, не би било лошо, дали тоа ќе биде некој од составот на Кабинетот на претседателот, треба да има овластени луѓе, кој мора да присуствуваат на седницата, бидејќи ова е многу сериозно прашање, за што, сметам дека присуството, не мора претседателот на државата, меќутоа, треба да има некој, кој што ќе го застапува. Јас претпоставувам дека би било добро да присуствува некој, бидејќи, во идните дискусии ќе има прашања кои дирекно ќе ги засегаат и претседателот и екипата која работеше од 6-7 месеци од настанокот на кризата.

Доколку ме прашувате лично, можат многу работи навреме да се спречат, ако некој беше по енергичен, а не да одеше по политиката: "турни ме да кинисам".

Според тоа, лично како Флоровски, верувам дека и другите пратеници ќе ме подржат, мислам дека мора да има човек кој ќе ги застапува интересите на претседателот Трајковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам раководителите на парламентарните групи да не бараат пауза.

Јас не предвидувам никаква пауза, освен пауза за ручек. Ќе дадам пауза за ручек во 15,00 часот која ќе трае до 16,00 часот. Потоа, ќе продолжиме до 24,00 часот, а утре ќе работиме цел ден додека не завршиме.

Претседателот уште еднаш, бидејќи има многу важни средби, а кога ќе ја заврши работата ќе присуствува на седницата.

Има збор г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, апелирам, да не вршиме опструкција на работата на Собранието, од причина што според Уставот, иницијатива за промени на Уставот можат да поднесат: 30-тина пратеници, Владата на Република Македонија, претседателот на државата и 15 илјади потписи. Се работи за иницијатива, а не предлог, како што беше тука изнесено, што значи, нема обврска претседателот да биде присутен, затоа што не е предлагач.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот не одбива да дојде, бидејќи има друга важна работа. Тоа негово извинување мораме да го уважиме и нужно е да го уважиме. Тој ја следи расправата.

Има збор г-динот пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги би сакал на почетокот да го искажам моето согласување со констатацијата дека ова е навистина историска седница за Република Македонија и дека по завршувањето на истата, многу нешто во нашата држава , нема да бидат како пред започнувањето на кризата.

Поради, големата важност за она што го расправаме, и многуте непознати нешта што ја очекуваат Република Македонија, би сакал колку што е можно накратко да ги образложам моите ставови и дилеми, околу изјаснувањето за, или против отворениот Охридски Рамковен договор. Без да навлегувам во содржината на Договорот, првата дилема е: дали и по имплементација на истиот, во РМ ќе има мир. Оваа моја дилема произлегува од веќе видени работи, а тоа е се, она што се случуваше на Косово, утре пред да дојде Милошевиќ на власт, а тоа е времето кога албанците многу поширока автономија. Што значи образование на максимапно ниво, максимално учество во власта, и се друго што Меѓународната заедница го нарекува човекови права. Особено се правеа напори, Косово да стане независно.

Втората работа е во врска со фактичката состојба во РМ. Имено, ако ние од источните региони слушавме за тој дел од државата што е населен со албанци, сега со оваа војна , имаме прилика секојдневно да гледаме слики од тие села, кои, покрај војните случувања, се за десет пати по уредени од нашите села, во кои, за жал, сеуште нема изградено основна инфраструктура, а камо ли, нешто повеќе од тоа.

Сега, ниту на мене, ниту на многу граѓани, не им е јасно, како е можно од една страна да бидеш малтретира, да немаш никакви права, а во друга страна, да живееш во многу неспоредливо подобри услови, од условите во кои што живеат, така наречените грѓани од прв ред. И сето тоа да се случува во една држава.

Јас би сакал да дадам еден пример за одредени инвестиции, кои ги има илјадници, а тоа е Попова Шапка. Таму имаме изграден пат, имаме жичара, имаме хотелски комплекси и т.н. Меѓутоа, не би сакал никого да уверувам, но сакам да ве поканам да ги посетиме Пљачковица, Осогово и Малешевието и ќе видите дека имаме многу поубави предели, кои, за жал, можат да се посетат само пеш, или од воздух. За тоа, многу пати сме зборувале и не би сакал сега за тоа да зборувам.

Трета работа, за која што сакам да зборувам е потребата од расчистување на работите. Ние десет години наназат, не би бил скромен ако речам дека 95% од времето, го користиме во убедување за следното: Од една страна, колку многу е дадено и зошто е дадено, а од друга страна, нормално, колку малку е земено и зошто толку малку е земено. Токму од тие причини, имаме многу бавен развој, состојба на бесперктивност и услови за војна. Ако некој сакаше да ги расчистува овие работи, тоа секако, беше ВМРО-ДПМНЕ и тоа, на најдемократски пат.

Значи се затвори еден голем проблем, а тоа е проблемот на високото образование. Се вработија најмногу албанци во Република Македонија и ред други работи. Сега, истите тие, кои тогаш жестоко не критикуваа, одеднаш стануваат миротворци, а нас не оквалификуваат, како луѓе кои сакаме војна.

Она што ние го сакаме е едноставно: Работите во РМ, еднаш за секогаш да се расчистат, да се затворат сите отворени прашања и Македонија да може еднаш да тргне по попросперитетен пат.

Сега би сакал да дадам едно свое видување за состојбата во РМ, меѓутоа, во склоп на сите случувања на Балканот, во последните десетина години.

Ние можевме многу јасно да ги видиме и почетоците и текот и крајот на другите војни, започнувајки од: Словенија, преку Хрватска, Босна, Косово, и сега, во Република Македонија. И ако не друго, мораме да извлечеме заклучоци од сите тие војни. Од каде кај мене се јавува одредена доза на недоверба кај дел од Меѓународната заедница.

Јас би сакал овде да напоменам дека оваа не е првата крупна промена, која се бара да ја направи Република Макеоднија. Најнапред беше сменето знамето, потоа се промени името, и тогаш, да се потсетиме, бевме убедувани, дека тоа ќе биде затворено за два три месеци, меѓутоа, еве минаа веќе десет години и ние и ден денеска во ООН сме признаени како БЈРМ. Сега, се бараат овие уставни промени.

Другата работа е подршката од НАТО. Доколку не беше косовската криза и не видовме што значи подршката од НАТО, а овде зборувам за подршка во права смисла на зборот. Можеби, денеска, безрезервно ќе верувавме во подршката која се изразува од нива страна. Меѓутоа, во изминатите шест, седум месеци од таквата подршка, освен вербална, речиси и да не видовме ништо. Постојано, од еден натпис, кој што беше објавен во "Дневник " дека оние кои што нема да гласаат, ќе бидат водени во Америка, во Калифорнија и незнам каде, а од тоа се гледа една сосема друга мисла. Мислам дека по исправно ќе беше, во тој момент "Дневник " да објавеше наслов со следна содржина: Дека НАТО ќе организира екскурзија за пратениците, меѓутоа, не во Америка туку во Србија. Со посета, започнувајки од мостовите, Хан, Ниш, со сите згради и Белград. Мислам дека на тој начин, НАТО најасно ќе не убедеше да гласаме за Рамковниот договор.

Од причините кои ги наведов, целосно се согласувам со претседателот на Собранието г-динот Стојан Андов, за неговите напори за враќањето на бегалците. Доколку тоа не се случи, незнам како јас ќе се убедам, а исто така и граѓаните, дека овој е навистина, искрен договор за мир и дека со неговото изготвување, РМ ќе ги затвори сите отворени прашања и ќе тргне во насока на мир и просперитет.

Доколку со изгласувањето на истиот, се продолжи со филозофијата на одземање и додавање, се продолжи со етничкото чистење, и геноцидот врз неалбанското население, тогаш, навистина не ја гледам целта од изгласувањето на измените на Уставот, кои и сега е еден од најдемократските во Европа.

Меѓутоа, бидејќи се работи за повеќе фази, мојот став е да се подржи оваа иницијатива за промената на Уставот, да се даде шанса за мир во Република Македонија, а во меѓупериодот, да се направат сите напори, раселените лица да се вратат во своите домови, да се создаде барем, приближно нормална атмосфера за работа во парламентот, бидејќи, и покрај потписите на нашите лидери на Рамковниот договор за неговата имлементацija, ќе ја сносиме ние, кои во овој момент сме пратеници во Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Андоновски.

**АНДОНОВСКИ КИРИЛ:**

Почитуван претседатала, јас немав можност да бидам тука кога се утврдуваше дневниот ред, меѓутоа, слушајќи ги дискусиите сакам да објаснам некои работи и дилемата за да се види, што разгледуваме ние. Ние направивме неколку грешки во процедурата.

Прво, г-динот Биљали го слушав, дека ова не е предлог за пристапување за измена на Уставот, туку дека ова е иницијатива. Јас мислам дека за тоа треба да разграничиме: Иницијатива потекнува од неовластен предлагач, а предлог потекнува од овластен предлагач. Овде ние имаме овластен предлагач, па според тоа, ова не е иницијатива, туку, ова е предлог.

Што е дилемата кај мене? Дилемата кај мене е што ние сега гледаме: Дали предлог кон пристапување кон измена на Устав, или гледаме предлог кон усвојувања на Рамковен договор, бидејќи ниа немаме во пропишана форма, предложено предлог за пристапување кон измени на Уставот, туку имаме Рамковен договор, кои го потпишаа некои претставници, односно политички претставници, кои немаа никакво обврзително нешто за нас.

Второ, доколку гледаме рамковен договор, дали тој договор е пропишан спорад Уставот како што треба, бидејќи службен јазик сеуште во Македонија е македонскиот. Или, оригиналот го гледаме на англиски јазик. Тие работи, ние не ги расчистивме.

Понатаму, вие како претседател, бевте должни пред да расправаме во Собранието, да ја свикате Комисијата за уставни прашања, бидејќи работните тела претходно ги разгладуваат сите поднесени акти, а вака, за пристапување кон измени на Уставот, или рамковен договор, бидејќи еве сега, се се испомеша, дали ние ќе верифицираме рамковен договор, или ќе пристапиме кон измена на Уставст, вие, не а свикавте Уставната комсиија, претходно да расправа за многу значајна работа, односно,

за највисокиот акт на државата, кој што најцврсто треба да биде променет, односно да се менува многу ретко.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:** (Продолжение)

А веќе во овој предлог, односно Рамковен договор имаме околу 30, 40 измени, амандмани. Па затоа мислам дека можеби би било најдобро да ја прекинеме сидницата, да се состане Уставната комисија, бидејќи секој пат до сега и во социјализмот кои што сметаа дека на пример Централниот комитет одлучуваше, напротив Собранието работеше според Устав и според Деловник. Ние ги прекршуваме овие работи и ќе ве молам ако може да ми објасните: што гледаме, што ни е предлог овде и зошто не се свика Уставната комисија како најстручна комисија па да предложи нешто овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дневниот ред е утврден, гледате како гласи. Тоа што некој ќе каже како го подразбира тоа, не значи дека треба да биде повод сите сега да почнеме да го толкуваме што тоа значи. Тоа е прво.

Второ, Уставната комисија ќе ја свикам за втората фаза, бидејќи како што знаете и многу доцна ме избравте за претседател на Уставната комисија. Не можев да ги извршам сите подготовки и за оваа фаза дури и не е неопходно.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, дозволете накратко да се изјаснам колку што е тоа можно во кратки црти за оваа сложена и тешка проблематика. Ние денес расправаме за процедура за отварање на иницијативата за промена на Уставот. Меѓутоа, мислам дека е наивно да се помисли дека расправаме само за Уставот. Всушност ние денес расправаме за тоа како да излеземе од кризата која во Македонија се заканува да однесе многу животи и да разурне многу материјални добра, па дури се заканува според многу аналитичари и говорници од оваа говорница и да ја разруши Македонија онаква каква што досега ја познаваме. Затоа сум уверен дека ниту од процесот на излегување од кризата, ниту од процесот на уставните промени што впрочем и се гледа од досегашната расправа нема да излеземе лесно. Напротив, мислам дека ќе излеземе многу тешко и дека сите овие процеси ќе остават соодветни лузни во политичкото ткиво на Република Македонија. Убеден сум во едно, дека задоволни од процесот на излез од кризата ќе нема, а дека незадоволни ќе бидат многумина, или пак сите. Меѓутоа, она што ме утешува и што ме прави храбар да продолжиме по овој пат е фактот дека откако кризата се случи барем за Парламентот прв пат се случува да ниа не расправаме безцелно, зошто, како се случило и да ги наведуваме илјадниците примери на кризата, туку прв пат врз основа на некои анализи влегуваме во процес на барање на решенија.

Сакам веднаш да се изјаснам за една дилема, тврдејќи дека иако расправаме за Уставот, всушност расправаме за една многу поширока тема. Веројатно има моменти во животот на секоја држава кога воени решенија се нужни и прифатливи. И тогаш кога тие се нужни и кога се единствено прифатливи, тој избор е добар. Но, сакам исто така да се запрашам дали тие услови во овој момент во Република Македонија са исполнети за да се случат така. Слушнавме и гледаме дека има луѓе кои ваквите решенија ги прифаќаат и тоа денес и тука да се случат во Република Македонија. Јас со тоа не се сложувам и напротив уверен сум дека услови за таква разрешница на кризата во Македонија нама. Уверен сум дека е можно кризата да се реши во идниот период без натамошни жртви со полна почит и саќавање на сите досегашни жртви, дека е можно да се продолжи без жртви, без крвопролевања и без нови раселувања. Мислам дека сеуште постојат шанси за тоа. Не мислам дека Парламентот треба да ги прифати тие шанси, не мислам дека Парламентот треба да ги фати, мислам дека треба да ги зграпчи, буквално дека треба да ги зграпчи. Војната која доведе до денешната расправа започна како војна за освојување на територии од страна на големоалбанските идеалисти во Репбулика Македонија. Меѓутоа, уверен сум дека ако се спроведе Рамковниот договор и ако уставните промени како дел од тој договор се спроведат, тоа ќе биде неуспешна борба и дека ако не се спроведат, тогаш ни остануваат алтернативи од што ќе зависи успехот на мировниот процес. Прво, тоа ќе зависи од нашата воена сила и второ, ќе зависи од можноста, или волјата на Меѓународната заедница да го прифати и да ја одобри нашата желба за употреба на голема воена сила. Знам дека тешко е овие зборови да се признаат и да се кажат, меѓутоа исто така знам дека ние сме мала држава која не само што зависи од Меѓународната заедница, туку е упатена на неа. Исто така знам дека досега Меѓународната заедница не прифаќаше употреба на сила од ничија страна. Исто така, сакам да кажам нешто што можеби тешко секој од нас ќе го изусти од уста, особено не на оваа

говорница, дека овие шест месеци покажаа дека одбранбената сила и способноста на Република Македонија за своја одбрана иако е добра, не е одлична. Во такви услови сметам дека мировното решение добива на тежина уште повеќе. Војната започна како што кажав по пат на воена сила да се направат нови граници и да се освојат нови територии. Тоа не успеа. Денес можеме да констатираме дека исто така ниту терористите немаат воена сила да однесат воен успех, дека тие исто така немаат Меѓународна поддршка, дека не можат да добијат нови територии и дека всушност нема да ги остварат целите заради кои ја започнаа својата терористичка активност. Мислам дека тоа не охрабрува да продолжиме на патот по кој реформите кои ги започнуваме денеска и веројатно ќе трајат во идните два месеци ќе не направат повеќе среќни отколку несреќни ако ги спроведеме до крај. Она што мислам дека останува после крајот на овој процес кој денес го почнуваме се три работи кои сите ние ги кажуваме, меѓутоа би сакал да ги повторам. Останува територијалниот интегритет на Република Македонија, останува контролата од страна на нашата држава врз целата тариторија и спроводување на нашата сувереност врз целата територија и останува унитарниот карактер на нашата држава. Три работи, кои мислам дека секој од нас ги смета за сосема доволни за да можеме да влеземе во овој процес со дигната глава. Што губиме на крајот од овој процес? Лично сум уверен дака губиме толку малку што можеме да кажеме и ништо. А што можеше да се изгуби? Мислам дека можеше да се изгуби многу. Кои се причините заради што можевме да изгубиме многу во процесот во кој сме влезени. Верувајте ми дека имам свое мислење за таа работа. Тука видовме дека и другита имаат свое мислење што ќе изгубиме, ако се случи овој мировен процес. Меѓутоа, она што го видов од претходните два дена е дека сопствените мислења за тоа кои се причините што не доведоа до ова, извинете што ќе кажам, на вовлекуваат во македонско-македонски судир на оваа говорница и мислам дека само ги продлабочува причините заради кои за тоа барем на оваа седница не треба да се говори. Затоа тој дел нема да го образложувам. Иако ќе го образложувам на други места надвор од оваа говорница. И ќе се обидам да го премолчам сето она заради што сме доведени во оваа позиција.

Исто така, сакам да кажам дека позицијата на промена на Уставот е компромисна позиција. Некои од нас тој збор го сфаќаат како добро во политиката, накои како лошо во политиката. Има меѓу нас овде, зборувам меѓу нас, затоа што на крајот ние ќе треба да одлучиме, луѓе кои се безкомпромисни, тие не прифаќаат никогаш никаков компромис и најчесто или добиваат се, или губат се. Има луѓе кои сакаат да направат компромиси. Компромисите јас ги прифаќам како позитивен метод во политиката. Всушност во денешниот глобализиран свет мислам дека компромисот е и единствениот политички метод кој може да се прифати, особено за државите како нас кои се мали, кои се под влијание на Меѓународната заедница, а исто така сум уверен и тоа го гледаме секојдневно дека процесот на компромиси позитивно го сфаќаат и го применуваат и воени, политички, економски и други сили како што се ЕУ, Руската Федерација па дури и Соединетите Американски Држави. Нашите компромиси нормално ќе бидат секогаш поголеми од нивните, затоа што ние сме мали. Степенот на компромисноста произлегува од моќта. Тука ние ништо нема да можеме да промениме.

Долго време се спореше процедурата под која во овој Парламент дошле иницијативите за промена на Уставот. Со тоа не реплицирам на последната дискусија. Сега процедурата ја имаме. Таа е полна, таа се одвива согласно Уставот и сега треба уставните промени да се прифатат, или да се негираат и тоа треба јасно да се соопшти. Но, кога се соопштува дека не треба да се прифатат, едновремено треба да имаме во предвид дека не прифаќањето на уставните промени го нарушува целокупниот мировен процес. И тогаш концептот на негирање на уставните промени треба да се разбере како алтернативен концепт на мировната иницијатива, а не поединечни решенија во сврзаните садови на мировната иницијатива, што значи дека такви иницијативи не се неприфатливи, меѓутоа исто така треба да се видат.

Дури би сакап да кажам едно мое интимно чувство дека имаше луѓе па дури и политички партии кои во Република Македонија уште од поодамна заговараа дека степенот на македонско-албанските конфликти во општеството, во нашето општество се толку големи да тие треба да резултираат со некаков договор помеѓу овие две заедници за натамошното опстојување на државата. Во тоа време тоа не беше прифатено. Оние кои тоа го применуваа наместо сега да поентираат, наместо сега да

кажат дека ова е задоцнето и се случува откако имаме жртви и разурнувања, тие тоа го отфрлаат. Дозволете да ги повикам тие да се сетат на тоа и да се вратат на позициите кои ги имале пред неколку години и да заборават дека сега само заради тоа што се прокламираат за опозиција треба сето ова да го отфрлат.

Исто така сакам да укажам дека овие уставни промени за разлика од сите досега не се само уставни промени договорени помеѓу македонските политички партии внатре, тие се договорени на некој начин и верифицирани и со Меѓународната заедница. Мислам дека тоа за нас има посебна тежина. Можете да замислите колку дебати за Македонија на многу меѓународни форуми и институции и организации отсега натаму ќе бидат со поинакво светло. Можете да замислите како од сега натаму ќе се гледа на нас во ОБСЕ во Советот на Европа, во ЕУ, во односите со Америка итн., откако сето ова го имаат верифицирано и тие. Работите се разбира дека ќе се менуваат, но сигурно ќе имаме простор од повеќе години здив да можеме да се посветиме на сопствените проблеми, а сето она што досега ги оптоваруваше и нив го имаме веќе содржано во потписот кој тие го ставиле на овој документ. Од тој агол дозволете иако можеби ќе биде спорно, или неточно, да го кажам моето мислење дека по мене овој договор со Меѓународната заедница, иако само во својство на сведоштво на еден договор помеѓу релевантните партии во Македонија всушност по својата содржина ќе ги надмине многуте формални договори кои ги има склучено Македонија токму со тие институции. Меѓутоа, она што сакам да го истакнам е дека постојат проблеми со самите нас. И тие проблеми на политичка мимикрија ќе мора да ги надминеме во овој Парламент. Ќе треба да се надминеме самите себе си кога се обидуваме да потпишеме документ, а да не го гласаме, ќе треба да се надминеме кога ќе потпишеме документ, а нема да сакаме да го спроведеме, ќе треба да се надминеме кога ќе треба да се изјасниме од оваа говорница негативно, а всушност да го притиснеме зеленото копче за договорот. Мислам дека таквите мимикрии во овој Парламент треба да се надминат затоа што времињата се многу сериозни, од нашите дискусии овде надвор се дигаат многу бранови и резултираат со повторно разурнувања, убивања, киднапирања или затварање на граници само заради тоа што некој од нас под дејство на својот адреналин искажува повеќе зборови отколку што е потребно.

Би сакал да се вратам на предложениот текст. Многу се мистифицира, меѓутоа мислам дека можеме да го сведеме на четири поенти предлогот за корекции во Уставот на Република Македонија. Тој всушност се содржи од четири големи прашања. Прашање на употреба на јазикот, прашање на учество на националностите во државната и локалната администрација, прашањето за локалната самоуправа и прашањето на процедурата која треба да ги обезбеди овие три прашања за кои говоревме.

Би сакал да го повторам г. Црвенковски кој во една прилика мислам дека од оваа говорница праша дали има тука толку нешто битно и важно заради што државата треба да се втурне во војна. Ова се разбира дека не мора да е избор, како што некои тврдеа од тука. Оваа дилема не мора да заврши со избор на војна, или Рамковен мировен договор. Меѓутоа секако треба да размислиме дека оваа дилема може да заврши со таа опција. А можностите да заврши во таквиот дуален излез се поголеми отколку да не заврши во тоа. И затоа мислам дека треба многу сериозно да размислиме и да го земеме документот сериозно да го проучиме и последиците од него пред да соопштиме дека евентуално тоа не треба да се прифати.

Дозволете да го повторам она што многумина од нас веќе го говорат, дека документот може да не се усвои. Сосема е извесно во поголема или помала мера, дека неусвојувањето на документот ќе предизвика процес на повлекување на НАТО од процесот на разоружување и распуштање на таканаречената ОНА. Нејзиното напуштање ќе значи дека таа ниту ќе се распушти, ниту ќе се разоружа пред македонските власти. Нејзиното неразоружување и нераспуштање ќе доведе до обновување по пат на зголемување по прогресија на тензиите кои можат, не мораат, меѓутоа мислам дека ќе резултираат во повторување на жртвите и на разорнувањата. Тогаш, Меѓународната заедница повторно ќе се вмеша, меѓутоа наместо однапред како сега, ќе не остави малку да покрвариме. Нивното наново вмешување повторно ќе резултира со мировен договор и тогаш повторно ќе се најдеме во овој Парламент сите, меѓутоа ќе дадеме некој тајмбреиг од година, две, шест месеци ќе загубиме уште многу животи, уште многу села и градови ќе се разурнат и повторно ќе се најдеме во овој Парламент, меѓутоа мислам тогаш под многу построг диктат не од четиритите потписи на лидерите, туку директно од Меѓународната заедница. Ако нешто не научивме од процесот на распаѓањето на Бивша Југославија, тогаш ова мора да го научиме, а тоа е дека ако сами не можеме да ги решиме

проблемите, некој друг ќе се обиде да ни ги решава.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Тогаш нема да биде битен гласот ниту на Никола Поповски, ниту на некој друг од овде пратеници, туку ќе биде битен диктатот на Меѓународната заденица под кој ќе попуштиме, веројатно, со добра или со лоша волја. Тоа ќе биде скроено од нив, а не од нас. Тогаш ќе има потписи на четири меѓународни посредувачи и евентуално некој наш премиер или претседател, во вид на сведок, а не потпис од четирите битни политички партии и сведоштво од Меѓународната заедница. Во името на тоа уверен сум дека мораме да го прескокнеме и дека наместо после една или две години да расправаме, ние мораме да расправаме денес и да ги предвидиме настаните.

Ниту мислам дека со зголемувањето а јазичните права на албанците, некои од нив знаеме ги имале од 1945 година до денес, сега само ги формализираме, ниту мислам дека зголемувањето на нивното учество во јавната администрација ќе го поремени нашиот политички живот, ниту мислам дека зголемувањето на ингеренциите на локалната самоуправа, нештп што ние и онака мислевме дека треба да се случи, ќе го проблематизира нашиот територијален интегритет, нашиот суверенитет, нашата независност, ниту нашето чувство на предавство, како што многу од овде рекоа, ниту пак мислам дека процедурите кои ќе ги штитат овие промени во иднина од несакани удари, мислам бочни удари во политичкиот систем се толку проблематични за ние да не можеме да увидиме дека всушност пакетот на уставните промени кој денес се нуди е многу поприфатлив отколку кога за него би размислувале дека е неприфатлив. Затоа искрено ги повикувам сите оние кои размислуваат да не гласаат, да ги размислат обциите и да ја гласаат Иницијативата за уставни промени. Последно ги повикувам сите оние надвор од овој Парламент кои имаат преземено, во рамки на мировниот процес, обврски кои не се од законодавна иницијатива, меѓута кои се од мировна, воена, полициска или други иницијативи, доследно да ги спроведуваат, затоа што, обично, нивната луда храброст ќе не доведе до ситуација со свиткани глави да прифатиме нешто што никој од нас нема да го посака, меѓутоа со одложено дејство од една или две години. Затоа, верувајте, денес не би сакал хероите кои немаат ситуација во која би не извеле од оваа ситуација, а многу придонесоа да не внесат во оваа ситуација, да станат нашите лични партии од овој Парламент и да не легитимираат во македонската јавност. Би сакал оние кои трезвено размислуваат, да ги прифатиме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Јованов немојте да се јавувате за реплика, не сте прозвани, ниту партијата по име, ниту пратеничката група. Немојте сега да воведуваме некое ново правило на реплики.

За збор се јави господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Ќе ги изнесам ставовите на пратеничката група на ДПА, во врска со Иницијативата за пристапување кон уставни промени во Република Македонија.

Важно е да кажеме дека Предлогот за пристапување кон уставните промени, предложени од страна на претседателот, се дел од Рамковниот договор потпишан од лидерите на четирите најголеми политички партии застапени во Собранието на Република Македонија и претставниците на Европската Унија и САД.

Овој Рамковен договор во себе ги содржи принципите и механизмите според кои би се обезбедил мирот, со тежнение за дефинирање на нови односи кои во суштина ќе помогнат во промовирањето на вредностите и култивирање на различностите. Се согласувам дека сега не е момент за анализирање на причините и виновниците зошто дојде до оваа криза која не водеше кон граѓанска војна со катастрофални последици за сите нас. Ова го кажувам бидејќи мислам дека за овој краток период кој ни преостанува за прифаќање на принципите на Рамковниот договор се најдобриот или најелоквентниот мој говор, со мојата аргументација, сигурно дека нема да успеам да го убедам другиот и со тоа да наметнам едно друго реишние за повеќе или помалку права. Сметам дека секој обид да се измени балансот постигнат со многу труд, знаење, чесност и спремност за изнаоѓање решение со кое се респектираат темелните вредности на државата, територијалниот интегритет и суверенитет и се обезбедуваат принципите на еднакви можности и недискриминација, може само уште повеќе да им даде простор на дилемите, а со тоа ќе продолжи неизвесноста, стравот, страдањето и ќе им даде повеќе простор на оние кои можат да профитираат од овој хаос. Мислам дека овие аргументи се доволни за да се искаже сериозноста на одлуката која треба да ја донесеме.

Наша општа проценка е дека Спогодбата е резултат на компромис кој треба да се почитува и покрај фактот дека во него не се опфатени сите барања од сите страни дадени. Свесни за ова сметам дека овој компромис беше единственото можно решение за престанок на конфликтот и страдањата и започнување на еден нов процес на демократизацијата на општеството. За да ја оствариме нашата заедничка цел, треба заеднички да смогнеме сили и да се изјасниме позитивно за ова понудено решение кое во едни такви мигови ќе значи опстанок и шанса за враќање на довербата и соживотот. Само оваа нова реалност на Република Македомија може да ги обезбеди и оправда стратегиските стремежи за евроатланските интеграции. Овој процес е можен само ако се исполнат предусловите кои се базираат врз почитувањето на универзалните права. Ова го спомнувам поради следната дилема: дали вреди да се каже не и да се повикува на војување, наспроти поголемото право за употреба на јазикот што го овозможуваат овие уставни промени. Дали вреди да се каже не и да се повикува на војување, наспроти механизмите кои нудат превенција од дискриминација и еднакви можности. Дали вреди да се каже не и да се повикува на војување, наспроти принципите за конасензус во сверата на културата и зачувувањето на културниот идентитет на сите граѓан. Дали вреди да се каже не и да се повикува на војување затоа што Македонија се дефинира како држава на сите граѓани. Оние кои ќе се согласат со овие принципи, сметам дека не треба да ги оспорат овие решенија кои нудат мир наместо војна, правна држава место хаос, економски просперитет наместо беда и сиромаштија, демократија наместо самоволие.

Со потписот на нашата политичка партија во овој рамковен договор, за нас пратениците од пратеничката група на ДПА произлегоа обврски и одговорност и тоа достоинствено ќе го направиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Дика.

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани колеги, дами и господа пратеници, уште на почетокот да кажам дека воопшто не ми паѓа на памет да разговарам односно да зборувам за причините кои доведоа до ваква состојба. За тоа, убеден сум дека е потребна една голема енциклопедија да се напише сето тоа, и за сите махинации кои се направени тешко е да се најде некој писател или автор кој може да ја изврши оваа работа и затоа на страна ова прашање.

Исто така сакам да дадам до знаење дека воопшто немам намера некој по име и презиме, по партија, како група, како здружение, да критикувам за нешто што е правено или не е правено. Исто така чувствувам потреба да кажам дека воопшто немам намера некого да убедувам дека треба да се определи за нешто или против нешто, да гласа за или против. Сметам дека секој тука е одговорен, сноси одговорност, краткорочно или долгорочно. Мислам дека, барем јас сум убеден дека е тоа така, секој би требало да поседува минимална доза на чувство на одговорност, првенствено морална за интересите, за важните компоненти, а тоа се интересите на граѓаните, нивниот живот, нивните имоти, нивното достоинство, државата и т.н.

Кога сме кај одговорноста, барем во однос на санирањето на постоечката состојба, јас потенцирав дека воопшто не сакам да навлегувам во историјатот на ова што не доведе до оваа работа. Значи ќе се придржувам кон моменталната состојба и моменталните постапки, процедури и преземања на дејствија за санирање на постојната состојба и мислам дека во овој правец мојата одговорност не е ниту поголема, ниту помала, туку едноставно, барем јас мислам дека е еднаква на сите. Било што да кажеме ние тука, било што да образложимение тука, било што дури и да измислуваме работи ние тука, мислам дека човечки е да се запрашаме и секој мисли дека треба да се запрашаме, што реално ние треба да направиме тука, денес, утре или задутре, односно која е нашата задача, како наша обврска за да ја спасиме иднината на оваа заедница, на луѓето, на граѓаните, без оглед на национална, верска и друга припадност. Во тој контекс мислам дека ние на вага ги поставуваме некои важни вредности. Значи на вага поставуваме наша свест и совест, наша човечка и морална одговорност кон состојбите, кон граѓаните, кон мирот, кон прогресот, кон цивилите и.т.н. Мислам, исто така, на вага поставуваме колку ние сме спремни да пожртвуваме дел од нашата претпоставена бариера, или реитинг, или маркетинг за да ги спасиме поголемите вредности, а тоа се тие компоненти кои јас ги спомнав.

На секого му е јасно дека ние сме тука да се определиме помеѓу две до крај спротивставени опции. Тие

спротивставени опции се опците помеѓу војната и мирот, спасот или пустошот, иднината или мракот, или пак прогресот и бедотијата. Мислам дека компромис тука нема, односно средина нема. Просек тука и не постои. Ако мисли некој дека тука постои средина, би требало да го образложи тоа и веројатно ќе биде прогласен за некој натприроден феномен.

Очигледно тука прашањата се поставуваат како дилема за промените, кои водат кон мирот, или против ваквите промени и некои образложуваат како што образложуваат, некои нудат аргументи што мислат дека се аргументи. Меѓутоа искрено да кажам неколку дискутанти кои тука дискутираа и за кои можев да слушнам дека се за или помеѓу редови дека се за, ги разбрав нивните аргументи. Но, искрено да кажам никако не можам да ги разберам аргументите кои беа против, а внимателно ги слушав и сакав да ги разберам, со сета сила сакав да ги разберам, но не можев, или немам толкав капацитет да ги сфатам, толку се флуидни тие нивни аргументи што можеби јас немам капацитет да ги сфатам.

Јас, сепак, не би го поставил прашањето како дилема, за или против тоа што се нуди како дневен ред или како предлог, или како сакате. Дури јас воопшто и не сакам да навлегувам во суштината на документот кој ни е на дневен ред.

Во нормални околности, се разбира, јас не би го поддржал овој предлог од причина што, морам да признаам дека не сум до крај задоволен од решенијата кои се нудат, не само врз основа на етничкиот сегмент, туку врз основа на индивидуалните права, колективните права, механизмите кои се воспоставуваат, или не се воспоставуваат во однос на функционалноста на државата и.т.н. Меѓутоа, мислам дека другата опција е многу лоша, или подобро да кажам алтернативата е катастрофална. Затоа јас овој предлог би го прифатил како помало зло од алтернативата за која веќе реков дека е катастрофална. Тука спорд менв е јасно дека ние сме во позиција да се определуваме или да гласаме за мирот или против војната. Сепак кажувам средина, барем според мое мислење, нема. Замислете, овој предлог, да претпоставиме дека нема да помине поради минус еден или два гласа. Сигурен сум дека таа свест и совест ќе не следи до крајот на животот, со оглед на тоа што не сме направиле нешто кога сме можеле и кога сме морале да направиме, под претпоставка да бевме одговорни. Мислам дека само тој глас можеби ќе чинеше илјадници животи, било од која национална, етничка или верска заедница, тие се луѓе, тие се цивили, деца, старци, жени и.т.н., тука јас воопшто не правам никаква разлика и нема никогаш да направам таква разлика. Затоа јас сум длабоко убеден дека тие што баш тие два гласа или еден глас не го дале, доживотно ќе сносат една душевна хипотека дека не направиле нешто што можеле и што требале да направат во одредено време.

Некој од претходните дискутанти тука спомна дека решенијата не се идеални. Јас мислам дека секој нормален верува дека после војната не постојат идеални решенија. Дури идеални решенија тешко да постојат и при нормални околности. Меѓутоа, постојат прагматични решенија, а тие прагматични решенија се решенија кои одат во правец на санирање и решавање на постојните состојби. Рационални решенија се сметаат компромисите кои и не ги задоволуваат двете страни или по малку ги задоволуваат двете страни, се со цел луѓето да се вратат во нормалниот живот, да се ослободат и да почнат да се ослободуваат од фрустрациите и омразата што се многу негативни.

Да претпоставиме, еве јас како личност сакам да се поставам во улога на некој странски набљудувач, еве да кажеме од Нов Зеланд или било која друга држава и би се запрашал, како неутрален набљудувач кој еве случајно малку ги познава состојбите тука, што се нуди со некој пост воен документ, која е иднината на граѓаните, на заедниците и.т.н

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Кога би вршел споредба со некои други земји од нашето непосредно соседство, каде исто така се водела војна, тогаш би се запрашал што е толку важно некои структури толку лошо и на нож го дочекуваат овој предлог. Сите ние знаеме дека една, своевремено, српска краинска република и секакви републики беа понудени решенија кои беа многу блиску до конфедерални решенија, како што беше Планот "2-4" или други средини каде фактички ги решаваат прашањата и односите со Дејтонската спогодба, па Рамбуе и.т.н.

Фактички, дајте да се ставиме во таква улога, па да вршиме таква споредба и да констатираме каде сме и зошто сме за нешто, а зошто сме против нешто.

Мислам дека улога на НАТО е неминовно позитивна, може слободно да се каже дека ја спасува државата Република Македонија без оглед на анти - НАТО - вското расположение што некои не одговорни го нудат, дури нудат решение по пат на УНПРОФОР, УНПРЕДЕП, ја знаеме судбината на УНПРОФОР како помина со

врзување по бандерите во Босна, ние мора да бидеме сигурни дека единствено НАТО може да ја осигура иднината на оваа држава.

Кога спомнав дека не сум до крај задоволен со некои решенија кои се нудат поради осветничкиот сегмент, колективните права, индивидуалните права, не сум задоволен и поради тоа што не се оди да се вградат имуни, самостојни, автономни институции кои ќе бидат имунизирани од политичките влијанија, имунизирани од партиските влијанија, од групните влијанија од мафијашките влијанија, ако тоа не го направиме, тешко дека ќе направиме нешто. Кога спомнав институции, мислам дека еден од важните фактори кој доведе до оваа состојба е токму нефункционалноста на институциите, партизација на институциите, неодговорноста на институциите, непрофесионалноста на институциите и.т.н.

Мислам дека да не ни се случеше ова, условно кажано, меѓуетнички судир. Пред помалку од година дена од оваа говорница наговестував дека постојат такви објективни околности што наскоро ќе имаме револуција. Верувајте да не ни се случеше ваков судир сигурно сега ќе имавме уште пожесток судир односно револуција која ќе имаше социјален или економски карактер и затоа ако и тоа прашање не го решевме мислам дека проблемот само се одлага така што во иднина пак ќе се соочиме со насилни средства за решавање на проблемот.

На крај, ако смеам нешто да замолам, првенствено мислам и на себе, не е добро да одглумиме луѓе макро или турбо патриоти, да не кажам лажни патриоти затоа што бројот на таквите патриоти е скоро рамен на бројот на жителите на државата. Проблем ни е реални патриоти, а да се биде реален патриот при вакви околности и услови е да се биде одговорен.

На крај да кажам не сакам да ги осудувам тие луѓе, туку само да спомнам дека сепак и во нашите редови и во редовите на структурите на власта постојат луѓе кои мислат да дејствуваат во стилот "што горе то боље". Значи, целта на тој менталитет, на тоа убедување е да се лови во матно. Позадината на ова дејствување е целосно военото профитерство. Мислам дека секој интелигентен човек треба да се определи за опцијата која води кон спротивен правец.

На крајот е многу важно да се спомне имплементацијата. Рак рана ни е проблемот на имплементацијата. Сигурен сум дека 80% од решенијата кои се нудат тука да ги почитувавме договорите како што беа Европската конвенција, Рамковниот договор кој е ратификуван, па и Повелбата за јазиците која е потпишата, а не е ратификувана па и позитивното толкување на Уставот веројатно немаше денеска да расправаме по тие прашања. Мора да се ослободиме од менталитет на рестриктивно толкување на проблеми затоа што не е решение на проблемите.

На крај мислам дека мора да постојат компетентни, професионални и научни здруженија кои ќе вршат годишни или повеќе аналитички студии во однос на развој на демократијата, развој на системот, проблемите во однос на функционалноста на системот, економските проблеми, социјалните проблеми и со некое форсирање на нивниот авторитет да можат да влијаат врз институциите на системот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Биљали,

На господинот Александар Трповски, ќе му дадеме можност бидејќи неговото излагање не е многу долго.

После оваа дискусија ќе дадам пауза.

**АЛЕКСАНДАР ТРПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Република Македонија 10 години е независна, самостојна и меѓународно призната држава. Како што е познато таа својата независност ја стекна по мирен пат што беше своевиден преседан во процесот на дисолуцијата на бившата Југословенска федерација. Тој факт сам за себе, а особено во дадениот историски контекст, многу говори за таа држава, а особено за нејзиниот народ или ајде ако сакате нејзините граѓани. Своето меѓународно признание Република Македонија го обезбеди со судни маки, наместо да биде обратно. Единствена држава од сите поранешни југословенски републики која не влезе, затоа што не сакаше да влезе, во војна и воените разврски, ја сметаше за апсолутно погрешен чин на решавањето на проблемите, а доживеа најголеми тешкотии, трауми и голготи на патот кон меѓународното признавање. И ден денес го влечкаме проблемот со името што е приказна за себе и повеќе говори за Грција и за меѓународната заедница отколку за нас. Зошто го велам ова?

Сакам да истакнам дека тоа е првиот пат кога Меѓународната заедница беше неправедна кон нашата држава. Наспроти

фактот што сите аргументи беа на наша страна, наспроти фактот што принципите од меѓународното право беа на наша страна и конечно наспроти формалниот став најкомпетентната институција - Бадентеровата комисија на Европската унија која ги изнесе правните аргументи според кои само Македонија и Словенија ги исполнуваат условите за осамостојување. Во меѓувреме од 1991 година до денес таа иста Меѓународна заедница знаела да биде неправедна и речиси студено индиферентна кон проблемите со кои се соочуваше Република Македонија, но секако не по своја вина.

Не е место ниту повод сега да ги набројувам сите овие моменти, но сепак нема да биде одвишно ако ги спомнам двете економски ембарга, едното од страна на една членка на Европската унија, а тоа е Грција кон нас и второто од страна на Меѓународната заедница кон СР Југославија. Штетите што ги претрпевме, не по наша вина, за жал, никогаш не ни беа надокнадени. После 10 години Меѓународната заедница по кој знае кој пат пак е направена кон Република Македонија.

Македонската криза која формално започна со судирот кај Танушевци ги исфрли на дневна светлина сите неприципиелности и недоследности на Меѓународната заедница со еден куп преседани, експерименти, импровизации и многу други глупави нешта кои, за жал, за нас, за нашите безбедносни сили, имаа трагични последици.

Би сакал да ги погледнеме голите факти, а тие се следните:

Прво, нападната е територија на една суверена, самостојна и меѓународно признатa држава, што значи дека е загрозен територијалниот интегритет на таа држава и според сите правила таа држава има право да се брани. Факт е дека Меѓународната заедница не и дозволи на Република Македонија да се брани, како што следува во вакви неприлики. Не знам дали е потребно тука да ги спомнувам оние смешни флоскули, како што ги употребуваа "соодветно и пропорционално", да се одговара на огинот на албанските терористи.

Второ, т.н. "Албанска револуција" или "борба за човекови права" во Македонија е увезена од надвор или поточно кажано доаѓа од територијата на протекторатот на Обединетите Нации, а тоа е Косово. Овој факт сам за себе отвора многу други прашања и аспекти кои длабоко ја проблематизираат улога на Меѓународната заедница во македонската криза. Не би сакал да навлегувам во овој дел од проблемот, меѓутоа мора да се каже дека логистичката поддршка на албанските терористички банди во најголем дел доаѓаат од Косово и тоа во снабдување со оружје, префрлување на свежи воени сили преку границата за чие чување се задолжени силите на НАТО, според Резолуцијата 1244 на Обединетите нации.

Трето, што е можеби најмистериозниот дел во целата ситуација и на кое безуспешно барам одговор е следното:

Како се случи Меѓународната заедница во толката мерка да го смени својот став кон македонската криза и тоа со тотален обрт. Би сакал само да ве потсетам на изјавите на претставниците на Европската унија и НАТО, што изјавуваа Солана, Робертсон, Карл Билт, Јошка Фишер и могу други кои тие денови се појавија во Македонија или ја коментираа македонската криза. Нивните изјави се забележани во нашите дневни печати и јас нема дословно да ги цитирам, но ќе се обидам да ги пренесам во една сублимирана форма која отприлика гласи вака:

"Кризата е ваша, се случува на ваша територија, вашата територија е нападната, вие имате легитимно право да се браните, да го браните интегритетот и уставниот поредок на вашата држава". Тоа не беше се. Генералниот секретар на НАТО лордот Робертсон, албанските терористи ги нарече со вистинското име и плус додаде уште една соодветна именка убијци, а со убијци не треба и не смее да се преговара. Така зборуваше Робертсон во месец март.

Е, сега доаѓаме до клучниот момент на кој би сакал однекаде да го слушнам правиот одговор на ова прашање. Како е можно Меѓународната заедница да ја смени не само реториката, туку до тој степен да го омекне својот став кон македонската криза, а посебно кон албанските терористи, што до толку ги притискаа македонските политички лидери што успеаја да издејствуваат дури и промена на Уставот. Човек просто да не верува на своите уши и очи, да не верува во тоа што се случува, во тоа што го слуша и гледа, да не верува во тоа што и го прават на Македонската држава.

Како можеше Меѓународната заедница да си дозволи еден таков преседан под присила на оружје од страна на една група бандити, пљачкаши и убијци кои ограбуваат села и градови, вршат етничко чистење. Ќе ве молам, се врши етничко чистење на една држава и се прави злостор против човештовото заради што сега патем му

се суди на Милошевиќ во Хаг. Бандитите за кои е просто смешно кога ќе се каже дека се борат за малцински права или пак за човекови права. Како можеше Меѓународната заедница да се согласи со барањата на албанските терористи и да ги присили македонските лидери да го потпишат Рамковниот договор, да ги присили на срамно понижување пред Македонскиот народ кое историјата никогаш нема да им го прости. Како може Меѓународната заедница да ги затвори очите пред толку очигледните факти пред кои се згрозува целата добронамерна меѓународна јавност, кога се минираат и рушат до темел културните споменици со најретка цивилизациска вредност, со што не само што се прави етничко чистење, туку и се брише од колективната меморија на духовното богатство и наследство на еден народ.

На сето ова барам и очекувам да ми се даде одговор. Верувам дека истото го чувствуваат и очекуваат сите граѓани на Република Македонија.

Ако е за утеха, а може да се прифати наместо одговор на прашањето што го поставив, деновиве низ Македонија кружи еден виц, кој за жал, колку и да звучи бизарно не е далеку од вистината, а вицот отприлика гласи вака: "Која е најмоќната нација на светот? Одговорот е, тоа се Албанците затоа што ја убедија најмоќната сила во светот да ја бомбардира Србија". Е, тука може да се додаде: „и да и го сменат Уставот на Македонија“. Нам ни останува само да се надеваме дека нема да отидат предалеку и да употребуваат дополнителни "аргументи", со кои би ја убедувале најмоќната сила за некои нивни нови барања. Искрено се надевам дека ќе бидат малку поскромни.

**АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ:** (Продолжение)

Што се однесува до Рамковниот договор, тој во основа има, како што рече веќе некој, фабричка грешка од едноставна причина што:

Прво, за него е покрената иницијатива од страна на претседателот Трајковски на неуставен начин, а тоа значи надвор од институциите.

Второ, преговорите се водени во услови на директно воена закана кога албанските терористи веќе држеа добар дел од територијата на државата, па дури во еден момент се зсканувaат дека наводно ќе ја бомбардираат Рафинеријата па ќе влезеле и ќе го освоеле Скопје и.т.н.

Во такви услови да се водат преговори за промена на Уставното уредување мислам дека ниту една држава, ниту еден народ на планетата Земја што барем малку има некакво достоинство, ако се смета за народ во вистинска смисла на зборот, нема да си дозволи такво понижуваше, нема да си дозволи некакви банди вооружени Албанци, увезени или домашни седно, да малтретираат половина година, да држат еден град од 100.000 жители на температура на плус 40° без вода, да им ги рушат највредните културни обележја и тоа државата да си дозволи на таков начин уставни промени, барем за мене е неприфатливо. Ајде хипотетички да си замислиме ситуација слична на нашата, во која би била доведена вило која од нашите четири соседни земји. Можеме да земеме и други примери, да речеме од европските демократски земји како што се Шпанија или некоја друга, но подобро е мислам да се споредуваме со тие што ни се најблизу, Србија, Бугарија или Албанија. Мислите ќе се согласат на вакви уцени и преговори во вакви услови и со вакви понижувања? Или не дај боже Грција. Мислите заради тоа што е членка на ЕУ и што е позната по тоа што многу ги почитува граѓанските права или пак уште повеќе малцинските права? Тешко, односно никако не би се согласила на вакви преговори и под вакви услови.

И трето, со предложените уставни промени дефинитивно се нарушува граѓанскиот концепт на државата затоа што Рамковниот договор без заобиколување, директно или широко го отвора процесот на федерализација на државата. Тоа се гледа од новиот статус на локалната полиција и од изборот на судиите.

Се разбира дека преговори мораше да има и сите прашања кои беа спорни требаше да бидат отворени и ставени на маса. Јас не мислам дека секоја иницијатива што доаѓаше од легитимните претставници на Албанското малцинство требаше да се одбие и да не се разговара за неа. Напротив, сите ние сме свесни дека живееме во држава со повеќе национален состав и дека тензиите што постојат во врска со тоа можат да се олабават само со дијалог. Меѓутоа, ќе ве молам, прво да се земе оружје во рака, да се напаѓаат градовите и селата да се убиваат кукавички војници и полицајци да се врши етничко чистење и после да се седне на маса под диктат на еден друмски разбојник каков што е Али Ахмети, претседателот на државата не смееше да ги прифати овие разговори, па дури и по цена на својата функција.

Го слушав излагањето на еден од пратениците албанци и просто неможам да

се изначудам на леснотијата со која го искажа своето мислење за кое тој мисли дека е на страна на вистината, дека наводно ако сме ги послушале и сме ги прифателе залагањата на ПДП во изминативе шест месеци или ако воопшто сме имале слух за барањата на партиите на албанците во изминативе 10 години, до оваа ситуација воопшто немало ни да дојде. Не само што е тоа израз на едно дрско и безобразно поведение кое по кој знае кој пат доаѓа од таа страна и што неводи сметка за сложеноста на состојбата, туку е уште една закана упатена до нас. Демек, ако не се согласите со тоа што сега ви го нудиме, ќе ве снајде уште поголема белја. Мислам дека така нетреба да се разговара и дека тоа не е патот што треба да води кон компромисно решение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе прекинеме и ќе продолжиме со работа во 16,30 часот.

(Пауза од 15,10 до 16,50 часот).

(По паузагга со седницата продолжи да раководи Звонко Мирчески, потпретседател на Собранието)

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јави Г. Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, на почетокот да ја искажам мојата целосна поддршка околу одложувањето на оваа седница за време на деновите на викендот, сабота и недела кои изминаа, во смисла на остварување на нормални услови за работа на овој парламентарен дом, а не како дел од некои неповикани министри од нашата Влада, кои се одговорни пред овој Парламент да држат лекции како да ги водиме седниците.

Почитувани пратеници, повеќе од пет месеци над Шара се надвиснати орли и гаврани, како што Војо Стојановски ќе испее во една негова новокомпонирана песна победник на "Гоце фест" и се што не е албански род го черечат, силуваат убиваат, па ги масакрираат на најѕверски начин, ги протеруваат од вековните живеалишта, за да потоа од тие домови опљачкаат се и на крај ги запалат. Ги уништуваат вековните христијански светилишта на Македонскиот народ минирајќи ги, најверојатно сакајќи да ја фатат матрицата на Талибанците за да не останат тие покуси од нив. Меѓународната заедница и НАТО сето ова го гледа, па дури и врз база на овие притисоци ги седнаа претседателите на двете најголеми Македонски партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, ги понижија и ги натераа да го потпишат Рамковниот договор, наместо да извршат притисок врз албанските терористи да се повлечат и да го предадат оружјето, или да не остават ние тоа да си го решиме како внатрешен проблем, се разбира сепак со нивна помош, со помош на Меѓународната заедница и НАТО.

Албанските терористи не се борат ниту за Македонија ниту за соживот во Македонија, ниту за правата на албанското малцинство во Македонија. Сите оние кои ова нивно однесување го поддржуваат мора ова да го знаат. Тие се борат за разнебитување на Македонија и сите оние кои живеат во Македонија. Нивното, основно залагање е да обезбедат простор на кој ќе владее хаосот, анархијата и неморалот. Според мене, во Македонија терористите не се борат за никакви човекови права, туку се борат за територија. Зошто вака размислувам? Па НАТО е на Косово, сите информации и западните средства за информирање зборуваат дека најсилната материјална поддршка во снабдувањето со оружје и снабдувањето со храна на албанските терористички банди доага од НАТО односно од КФОР, единиците на НАТО кои моментално се на Косово. На сите позиции од кои беа потиснати албансктие терористи од нашите безбедносни сили, како што се Танушевци, Тетовското Кале, Брест и многу други се гледаше дека тие добар дел од она што го користат како храна, како оружје, орудија, муниција е исто како што го користат единиците на КФОР. А денес баш слушам дека уништеното оружје е главно од кинеско и југословенско потекло, бидејќи денес се уништуваше дел од муницијата во Криволак. Значи, она оружје кое го користат сеуште не е прибрано и најверојатно нема намера да се предаде.

Според мене, апсурдно е да се поддржуваат терористи, а да се осудуваат луѓето кои се протерувани од своите вековни огништа, чии куќи се пљачкосувани, палени, чии синови и ќерки се силувани, малтретирани, убивани, масакрирани и спалувани на најѕверски начин. По се изгледа, НАТО ја изгуби контролата над албанците во Косово и влезе во пазар со терористичките банди, кои како мршојадци се нафрлија на Македонската кревка демократска држава. Но тука меѓу нас граѓаните од Македонија, мислам на македонците со албанска националност, најдоа погодни лица кои за 12 сребреници го продадоа својот сосед неалбанец, плукнаа

на вековната традиција на меѓусебното почитување. А кој знае? Можеби ние Македонците сме биле во заблуда дека сме почитувани соседи?! Времето што иде е пред нас и ќе покаже.

Јас потекнувам од село каде живеевме македонци и турци. Меѓунационалната почит во селото беше за пример, искрена, од срце. Мојата сопруга е од Гостивар и за овие изминати 25 години во брак имав добра можност да го осознам соживотот меѓу македонците и албанците во Гостивар, за кој неможам да кажам дека и не постоел и дека не бил коректен. Но само коректен и толку. За тоа како ние живеевме со турците во моето село и тоа што го гледам во Гостивар е огромна разлика, иако јас како зет со сите во соседството имам впечаток, барем јас имам впечаток дека сум почитуван, а истото можам да го кажам и за семејството на мојата сопруга.

Почитувани колеги пратеници од албанската националност, зарем не ви е жал за она што сите заедно го губиме како материјално и духовно богатство во оваа безумна војна? Зарем мислите дека така едноставно тоа кратко ќе трае и вие ќе имате чисти територии окупирани од македонската држава? Што мислите, тие терористи ќе ве остават на мира? Па тие ќе сакаат да владеат, за добар дел од вас ќе бидат за секогаш затворени вратите на политичкиот живот. Што е тоа што терористите ви го нудат? Не е фундаментализам? Не е расизам? Не е фашизам? Што е? Или нешто уште пострашно, за кое уште не е утврден термин?

Во услови на наметната криза од протекторатот на ООН-Косово, а што е факт, конфликтот го создаде Косово и државјани на Македонија доселени од Косово, на кои им е дадено државјанство во 90-тите години, за да претседател ни стане нели Г. Киро Глигоров и убеден сум со мала поддршка на староседелците македонци со албанска националност. Не ми е сфатливо НАТО и Меѓународната заедница да вршат застрашувачки притисок врз македонската држава и нејзините лидери, притисок за изместување на демократските принципи, притисок за создавање на настрани процедури во функционирањето на органите на власта. Зарем тоа е излезот од кризата, маскирајќи ги вистинските причини и поставувајќи ги темелите на блокада на функционирање на органите на власта, низ процедурите на донесувањето на одлуки во Парламентот.

Неможам да сфатам и да се согласам со предвидената процедура на гласање во Македонскиот парламент. Замислете како ќе изгледа донесувањето на законските проекти од многу области според Рамковниот договор. Но зошто ваква изместеност на работите, кога и во досегашниот период се водеше сметка за законските промени кои ги засегнуваат посебно малцинствата и сите тие законски проекти не се донесуваа се додека не се обезбедеше општа поддршка, со тоа што не му се даваше предност на ниедно малцинство и никој од нив на штета на другите неможеше да го стопира процесот на донесувањето на таквите проекти. А со Рамковниот договор тоа не е така, бидејќи албанското малцинство секогаш ќе може таквите проекти да ги стопира, бидејќи тие ќе имаат 20-тина пратеници, а тоа ќе биде повеќе од половина од пратениците на малцинствата, значи буквално тие како ќе сакаат така ќе ја кројат политиката во Македонија. Бидејќи сега сите овие настани околу кризата, но ниедно друго малцинство во земјата не се поддржани. Ниедно од другите малцинства не застана на страната на ова што сега се случува во Македонија.

Малцинствата во РМ ги уживаат сите права по сите меѓународни стандарди. Тоа е трубено наголемо на сите врати. До пред пет месеци Македонија важеше за земја во која на најкоректен начин се решени правата на малцинствата, а сега постои огромна можност за уценување и злоупотреби на албанското малцинство над македонската држава и на сите други национални малцинства во Македонија. Само еден пример ќе кажам. Ако се сакаше согласност од сите малцинства, вклучувајќи го и албанското малцинство, кога се донесоа такви законски проекти, зарем неможеше Парламентот да го донесе Деловникот за работа? Можеше, уште во минатиот мандат па и во овој, посебно кога беше на власт СДСМ, нивната коалиција броеше повеќе од 80 членови во парламентот. И сега тоа можеше да се направи, но се сакаше општа прифатеност на тој Деловник. Бидејќи досега не се успеваше да се најде и да се донесе, ова е само еден пример.

Затоа, сметам дека Рамковниот договор и Уставните измени не се решение за кризата. РМ беше пример за решени меѓуетнички односи. Со промените се врши реконструирање на државата Македонија, непочитувајќи го правото на мнозинскиот народ, а и понатаму неразрешвајќи ги вистинските мотиви за посегнување по оружјето. Сметам дека и после донесувањето

евентуално на тие уставни измени така како што се предложени во Македонија од страна на албанското малцинство посебно на терористичките банди тоа нема да се поднесе.

Велиме нема политички дијалог и промени на Уставот под притисок на оружје, а ова е школски пример како албанските терористи на највалкан начин Македонија и Меѓународната заедница ги ставија на колена, успевајќи да наметнат уценувачки преговори со оружје и други досега за човештвото сеуште непознати методи на киднапирање, силување на мажи и жени, убивање, подметнување на мини и пожари, пљачкосување и палење на сакрални објекти, протерување на населението од своите вековни живеалишта на најмизерен начин, за што и Милошевиќ може само да биде мало дете во однос на методите на ОНА и албанските терористи кои ги применуваат.

Разните коментари на познати светски аналитичари за тоа каква иднина ни подготвува светската елита, користејќи ги албанските терористи се коси со сите меѓународни конвенции за светскиот поредок кои ги има креирано токму светската елита за заштита на малите држави и државите во развој. Меѓународната заедница со односот кон македонската држава создава ново незадоволство и нови причини за реакции и конфликти, наместо да делува во правец на оневозможувањето на намерата за создавање на големи држави на штета на малите. Уште еднаш ќе повторам, ова што го правиме не е решение. Голем дел од амандманите за промена на Уставот кои ви се нудат се непотребни и штетни, а постојат и прифатливи амандмани, според мене. Сметам дека со тоа доаѓа до непочитување на македонската држава и на нејзината парламентарна демократија.

Моето изјаснување јас ќе го оставам како лично мое, меѓутоа, во сите средби со граѓаните на Македонија, посебно со оние од мојата изборна единица при одење на пазар, во продавница, низ населбата, искрено да ви кажам македонското население, населението од македонска националност е згрозено од методите кои ги применуваат терористичките банди, од кои не се огради ниту една од политичките партии кои припаѓаат на албанското национално малцинство. Тоа е убаво тие да го сторат, за соживот треба двајца, ама јас уште еднаш ќе речам дека не е во прашање соживот. Во прашање е нешто друго, многу поопасно, по се изгледа.

Меѓутоа, нека ни е господ напомош, господ нека ни ја чува Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Михајло Георгиевски.

Процедурална интервенција има г-динот Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Барам во име на Пратеничката група на ДПА да инсистирате, барам вашиот прокламиран принцип до сега, впрочем од фактот што и често пати го потенцираме во уставот, тогаш да инсистирате пратениците при употреба на термините до крај да се придржуваат, затоа што влијаат навредувачки, иритирачки и не сме во состојба таквите провокации да ги прифатиме. Наместо да се употребува терминот како што е во Уставот "националнсотите" често пати можеби и со намера "национални малцинства", и разни други термини и затоа барам да обрнете внимание на таквите дискутанти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Михајло Георгиевски:

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Јас моето искажување ќе го почнам со стиховите на најголемиот македонски поет од XIX век, ловороносецот Глигор Прличев.

Пискотници се слушаат од Галичник во река

што тешка несреќа ги збра и мажите и жените та гласи темна ека и навјаса коб и зла

дал град полињата житородни ги беше фатил ил

скакулци се спуштиле рој

Дал Султанот арачлии пред време беше пратил да збира

тежок арач тој

Ни град полињата житородни ги беше фатил

Ни скакулци се спуштиле рој

Ни Султанот арачлии беше пратнил

Да збира тежок арач тој

Гегите го убија Кузмана ,

тој Сердар потчу падна бој.

И денес после век ипол над македонскиот народ се разбеснаа и се размафтаа со убиства на македонските синови гегите, тоските и јумите изобразени во албанските терористи. Многу македонски семејства ги завиткаа во црна. Македонската држава е најжестока нападната и делови од

неа се окупирани, раселени, и избркани голем број македонци од своите вековни огништа. Сето тоа се прави под изговор дека етничките албанци во Македонија се борат за некакви албански права. Граѓански права се бораат со најдрски убиства. Со окупација на делови од државата со која и етничките албанци во Македонија се декларираа дека е нивна држава. Зарем граѓански права се бараат со најбрутално раселување и истерување на македонците од своите домови и палење на нивните куќи и имоти. Дали граѓански права се бараат со уништување и скрнававење на свети места, на цркви и манастири со огромна историска и културна вредност?

Дами и господа нема нормален човек кој што би го оправдал ваквиот начин на давање на граѓански права но овде е и суштината на прашањето. Дали навистина тие се борат за граѓански права. Јас одлучно и категорично велам не. Тие не се борат за граѓански права, тие се борат да ни ја земат државата. А што треба да правиме ние македонците. Тука нема избор. Тоа е да ја браниме и одбраниме. Но за да ја одбраниме нашата татковина треба прво ние македонците да се здружиме како што се здружија тие. Впрочем, така било и во минатото. Еве, да почнеме уште од времето на Глигор Прличев, од 19-от век, качачки, разбојнички, албански банди го ограбувале мирното македонсмко население. Но, откако тоа добро ќе се организирало, добар ќотек им удирало и така се справувало со албанските банки. Овде дами и господа сакам да ви кажам една мноду важна работа. Од качачките албански банки во минатото, како и сега од терористичките албански борби страда мирното чесно и работливо албанско население. Така е генерално не смееме да ги обвинуваме и етикетираме сите албанци како терористи, пљачкаши и слично. Голем дел од етничките албанци во Македонија, особено староседелците, се релативно добри луѓе. Главните проблеми ги прават дојдените албанци од Косово, Албанија и други места кои што им завидуваат на македонските албанци, на нивната работливост и економската моќ и се борат за престиж и тоа не со работа туку со обивање, рушење и пљачкање.

Јас лично знам дека во едно скопско село населено претежно со албансмко население е организирано селска стража што го чувало селото од албанските терористи. Значи во ова лудо време не само што страда македонското население страда и мирното, чесно албансмко население. Познавам висок функционер од албанско етничко потекло што поголем бранител на македонската држава и власт од многу високи македонски функционери. Значи, генерално нема лош и добар народ. Постојат само добри и лоши нивни водачи.

Почитувнаи дами и господа во изразито тешки услови претседателот на државата со цел да се спаси државата ни нуди рамковен договор за промена на Уставот. Претседателот на тоа има право, меѓутоа, лошо е што сето тоа се прави во услови на насилство, уцени, окупирани македонски територииии и голем број на раселени македонски граѓани. Во такви ненормалн услови нема почва за објективно решавање на проблемите. Во големата несреќа што ја зафати нашата татковина Македонија од огромна важност е и инволвираноста на странскиот фактор. Мое мислење е дека странскиот фактор игра пресудна улога во оваа луда војна. Дури можам да кажам дека тој ги подбуцна албанците од Косово, од Албанија и Македонија да предизвикаат војна со една единствена цел - ние овде да се тепаме а тие да профитираат продавајќи ни и на нас и на ним скапо и смртноносно оружје. Во таа насока сакам да дадам извесна рационална сугестија до албанскиот фактор во Република Македонија.

Прво, да се освести и да свати дека е изманипулиран од тој странски фактор и домашните мегаломани да гине бесцелно за некаква голема Албанија.

Второ, да се освести и да свати дека тој странски фактор не може вечно да седи тука и да ги заштитува. Тој странски фактор откако ќе си ги напуни џеповите ќе не остави да живееме со нас, а каков ќе биде тој живот од самите вас ќе зависи.

Што се однесува до рамковниот договор, за промената на Уставот можам да го кажам следното.

Прво, Устав е света работа на секоја земја. Тој не се менува на неколку години. Така на пример американскиот устав не е променет 150 години. Но, условите ако така диктираат може и тоа да се случи. Во нашиот случај најправедно би било уставните промени да ги направиме со референдум, но ако тоа не е можно, поради разни причини, тогаш може да се извршат корекции на Уставот во Собранието, но само тие што не го загрозуваат македонскиот национален интегритет, суверенитет, унитарноста на државата и демократското уредување. Во таа насока, а со цел запазување на овие битни елементи од суштинско значење за опастанокот на мамкедонската нација и

држава, ќе поднесам амандмани и од нив нема отстапки.

Дами и господа, можеби забележавте дека не кажав ништо ново бидејќи повторно ги нагласив фактите што веќе одамна ги знаат сите македонски граѓани. Сите добро информирани странци и сите вие почитувани пратеници, но ние не сме овде да измислуваме и да кажуваме нови работи, туку напротив по сто пати, по илјада пати да ги повторуваме овие ужасни нешта што се наша стварност и ќе ги повторуваме се додека таквите не се изменат на подобро. Благодарам на вниманието.

За збор се јави госпоѓица Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Господине претседател на Собранието, колеги пратеници историјата на човештвото е историја на гробници на мали но и на многу големи моќни цивилизации и култури кои катастрофално завршиле заради тоа што не биле способни за планиран рационален, доброволен одговор на предизвиците и проблемите на кој што им се наметнале.

Денеска ова македонско собрание стои пред сопствениот предизвик, а тоа е да даде исто таков одговор планиран, рационален, заокружен и образложен. Да анализира и да дефинира својата позиција и да пропише прецизно, конкренто одбранливо решение и да застане зад него.

Досега, за многу од нас беше привилегија, предност, гордост, дури и професија и функција да се биде пратеник. Денеска тоа е одговорност да се донесе во секој случај тешка одлука. Досега ммногу од нас или многу од вас како сакате ги материјализираат тие привилегии и ги искористија тие предности. Денеска, треба да ја платат цената за тоа. Досега многу од вас беа подготвени да ги затвараат очите пред нашата реалност. За да ги зачуваат токму тие привилегии, токму тие позиции.

Денеска ситуацијата насилно ни ги отвара очите. Досега многу сметаа дека ова е професија со минимален или никаков ризик. Денеска сватија дека ризикот е максимален. Меѓутоа, ризикот може да биде и апсолутен, и вината е веќе констатирана дефинитивно за овие за жал многу празни столчиња во оваа сала. Вината е апсолутна и констатирана за сите оние кои во овие три последни години седеа воглавно молчеа и гласаа, аминуваа и потврдуваа, не гледаа или апстрахираа се околу себе, беа послушни и беа наградувани за тоа и кога највеќе беа потребни повторно избегаа. Нам може би историјата македонската јавност ќе ни суди. Некои ќе не отценат дека сме го направиле вистинскиот чекор, некој дека сме погрешиле. Нив историјата апсолутно нема да ги оценува, нема да ги анализира, туку само ќе ги констатира. Како недорасната и случајни минувачи низ ова собрание, кои паднале на секој па и на најважниот испит.

Секој пат кога станувам пред оваа говорница, имам две правила кои што ми помагаат. Едното вели дека кога незнаеш како да почнеш најдобро е да почнеш од почетокот. А второто вели дека за да поставиш терапија треба да имаш дијагноза. Тие две правила пред почетокот на ова седница не денеска во петокот мислев дека треба да ги ставам на страна. Треба да ги занемарам. Сметав дека е тоа потребно заради тоа што мислев дека на сите нас овдека, како и впрочем на најголемиот дел од македонската јавност ни се речиси целосно познати причините кои што не доведоа до ова што денеска ни се случува. Беа кажани многупати во овие две три години, беа споменати, беа критикувани, беа анализирани ретко кога прифатени.

Меѓутоа, најважно заради тоа што сметав дека на сите нас а пред се на македонската јавност и е милион пати поважно да го решиме проблемот отколку да ги најдеме виновниците за него. Мислев дека сите го делиме тој приоритет. За жал се излажав. Меѓутоа имаше и поголемо изненадување. Токму оние кои што сметав јас барем треба како крст да ја носат вината за своите лични и партиски грешки, за своите лични и партиски погрешни проценки и погрешни постапки, тие имаа не храброст, туку јас би рекла дрскос да покажуваат со прсти тоа се разбира на другата страна. Уште повеќе имаа храброст или дрскост да ни тврдат дека по сите тие погрешни проценки, по сите тие погрешни постапки по сите тие погрешни гласања, сега најпосле три години потоа за прв пат се во право. Заради тоа и  чувствувам денеска потреба пак да се вратат на основните принципи и да се потсетам и јас, а и вас за она што ни се случуваше. Фактите се следни. Шест години Социјалдемократскиот сојуз беше на власт и две работи многу често ги дискутиравме и ги анализиравме во сите наши партиски политички дебари. Ние тврдевме дека со сите проблеми, со сите грешки треба да бидеме задоволни барем од две работи.

Прво е дека го избегнавме Балканскиот воен синдром и

Второ, дека бевме подобри од сите наши соседи.

Дали паметите вие од ВМРО-ДПМНЕ пред се, што велевте на тие две тези. На втората велевте дека несакаме да се споредуваме со оние кои што се полоши од нас, несакаме да се споредуваме со соседството, за нас не беа добри за споредба не само Сојузна Република Југославија, Хрватска, или Босна и Херцеговина кои минуваа низ воени судири, не беа доволни ниту Бугарија и Романија. Сакавме да се споредуваме со Словенија. Што се однесува до мирот тука бевте уште побезобразни би рекла. Според вас тоа се подразбираше само по себе во најголемиот дел одвремето се потсмевавте со комплиментите кои доаѓаа или од земјата или од странство типот оаза на мирот и тврдевте, дека отсуството на војна во Македонија не се должи на некоја смислена политика туку најверојатно на нејзината среќна судбина. Епа на сите вас кој што тоа го тврдевте ви беа потребни нешто повеќе од две години да покажете дека Македонија не само што нема да ја достигне Словенија, туку дека ќе ја изгуби трката и од Бугарија и од Романија, па богами и од Хрватска.

И уште потрагично, на сите вас ви беа доволни не повеќе, од две години за да покажете дека тие две години се доволни, за една неодговорна и неспособна власт на Македонија да и донесе војна. Во текот на претходните дискусии во изминатиот ден и денеска, се изначувавме за тоа кои се биле причините и настаните помеѓу 1992 и 1998 година, кои што преставувале зародиш на денешниот конфликт. Чувме за Илирида, за Бит Пазар, 150 илјади државјанства, тетовски универзитет, Гостивар и.т.н., и.т.н.

Според сите тие дискусии се она што денеска и се случува на Македонија 10 години, до осум години по тоа, се должи само на тој период 1992 - 1098, ништо од тоа што се случуваше во останатите години. 1998 -2001. Во тој период ништо не се случувало и ништо не влијаело, ниту позитивно можеби но ни негативно. Наместо оваа за мене чудна теорија ова се фактите, со сите тие инциденти со сите тие проблеми кои што беа спомнати претпоставувам и некои други, со сите тие проблеми кои реално постоеја и кои што никој, ниту ги криеше, ниту ги омаловажуваше оваа држава во времето на таа Влада, но тој СДСМ се справуваше.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Тие инциденти можеби и се јавуваа и постоеја, заради тоа што државата се бранеше. Таа држава успеваше со сите ризици, со сите проблеми, со сите последици да ги реши. Да ги реши така, што нема да дозволи тие да прераснат во конфликт или во војна. Тие инциденти беа доказ повторно дека државата функционира, дури и кога ќе и се јави таков проблем. Дури и кога тој проблем е меѓуетнички конфликт. Да ги споменам само неколку.

Случајот Илирида заврши со судски одлуки, со судски постапки, решенија. Меѓу другото, заради тоа што оружјето и плановите беа најдени кај конкретни лица, додека вие фаќавте трактори со оружје, чии што возачи секогаш по правило мистериозно исчезнуваа. Кога беше споменат случајот до Гостивар некој рече дека тогаш Армијата на Република Македонија немала тенкови, па не можела да врати соодветно. Вистината е следна. Гостивар беше сериозен тест за тогашната македонска држава, за која цената ја платија човечки животи. Меѓутоа, вистината е исто така дека во Гостивар не беа потребни тенкови, туку беше потребна доволна и навремена решителна акција. Нешто, за што вие само зборувате, меѓу тоа, никогаш не го разбирате. Немаше тенкови, меѓутоа имаше памет, организација, ефикасност и добра намера да се покаже дека државата мора да функционира по некои правила, по некои прописи и по некои закони.

150.000 државјанства, ретко која во основа фалш приказна добила толку публицитет и станала главна тема. Вистината е следна. Законот за државјанство е донесен од страна на наши колеги од првиот состав и тој ја содржеше, меѓу другото, и следнава опција. Сите оние кои се родени надвор од Македонија можат да добијат државјанство, ако повеќе од 15 години живеат во Македонија. Патем, да речеме за они кои не се сеќаваат, тој беше закон кој беше предложен од Владата на вашиот Кљусев. Врз основа на таа одредба, која што е прилично стрикта во споредба со останатите европски стандарди, многу денешни македонкси граѓани добија државјанство и тоа беа етнички Албанци, меѓутоа и Македонци и Турци, Срби и други. Значи, тука нема никаква мистерија, нема партиско влијание, нема партиска директива, нема изборен интерес.

И, уште една забелешка за оние кои ќе сакаат да реплицираат. Владата беше не на СДСМ, туку на Љубчо Георгиевски, онаа што минатата година на ова Собрание и предложи измена на тој закон, во кој што тој услов се намалува од 15 на 10 години. Само има една разлика и таа ја заборавив, тоа беше во она време кога ДПМНЕ од уста не вадеше дека е проевропска, дека е модерна и дека граѓанска партија, за разлика од онаа, се

сеќавате, класично шаблонче, антиевропска, анти НАТО, анти албанска, просрпска СДСМ. Е, во ваква ситуација ја дочекавме 1998 година. Во текот на 1998 година и во текот на изборната кампања многу работи беа кажани и за жал на оваа држава и за жал на сите нас, многу се покажаа за точни. Кога тогаш ќе прашавме со кого ВМРО-ДПМНЕ ќе прави коалиција, најголемиот број од нив гледаа во ѕид, молчеа или ја менуваа темата. (Рекација од пратениците).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Кога ќе прашавме каква ви е стратегијата за меѓуетничките односи, велевте економија. Кога ќе прашавме за економијата, велевте кредити. Кога ќе прашавме од каде кредити, од земји учеснички. А, кога ќе прашавме за тие земји учеснички, тогаш зборувавте за европска интеграција. Дали се сеќавате на онаа легендарна изјава на премиерот Георгиевски дадена нешто порано во 1996 година: "Се што направил СДСМ, се ќе срушиме". Дали се сеќавате на неговата позиција од опозиционите денови, наместо мир, војна ви донесе. За жал, јас се сеќавам доволно, за да кажам најверојатно дека тоа беа единствените искрени и вистинити изјави кои што ги даде вашиот премиер. Дали се сеќавате и на неговото прво експозе кога за прв пат го промовираше концептот за релаксирани односи меѓуетнички, кои што примитивно, најпримитивно ги сведе на кооперативни односи помеѓу две или трипартии сеедно. Дали се сеќавате тогаш на новиот Љубчо со кој што наводно се гордееја странците и Меѓународната заедница. Дали се сеќавате кога тој ни ветуваше чуда. Прво, беа од Тајван, а потоа до Пактот за стабилност. Дали се сеќавате колку пати ги менуваше своите ставови, од апсолутна доверба спрема пакетот на Тупурковски, до наивна надеж дека она што не ни го даде Циле, ќе ни го даде патен, нормално, без наш труд, без наше знаење и без наша способност. Дали се сеќавате дека секогаш овдека и преку медиумите не убедуваше дека тоа последната негова идеја, последната негова верзија е најдобрата. И, тоа што го сменил мислењето, зборува за неговиот модерен имиџ. Секогаш очекуваше даповеруваме на последната приказна. Заборавете на се до сега, заборавете на се што е до сега кажано, ова е најпосле вистинитото. И, се сеќавате ли дека вие, а не ние секогаш го поддржувавте и ги замолчувавте сите оние кои што мислат поинаку или ќе изразат сомнеж, па дури и кога доаѓаат од редовите на вашата партија. Наместо сегашното промовирано почитување на сопственото мислење на пратениците, тогаш Георгиевски тренираше строгост, дисциплина над се. Дали се сеќавате на УНПРЕДЕП. Слушам дека сега државниот врв повторно ќе го постави тоа прашање. Прво, го велевте следното. Кина ако го признаеме Тајван нема да се лути. Потоа, кога се налути, рековте добро ќе се лути, ама нема да ги прекине дипломатските односи. Кога ги прекинаа дипломатските односи, добро, ќе ги прекине, ама за УНПРЕДЕП нема да стави вето. Е, кога на крај дефинитивно се покажа дека ништо од ова не било точно дека Кина ставила вето на УНПРЕДЕП, еве што кажавте, на пример на 12 февруари 1999 година. Многу било битно ако Кина ни стави вето за УНПРЕДЕП, бидејќи почеток на еден друг цитат "Што се однесува до заплашувањето на народот за безбедносната состојба со заминувањето на УНПРЕДЕП во услови на постојано присуство на војниците на НАТО и САД, тоа е навистина несериозно и не треба да се коментира". Тука се сложувам и ова навистина не треба да се коментира.

Ајде да одиме понатаму. Дали се сеќавате на овие зборови. Тие беа кажани на 8 април 1999 година, не така одамна. Цитирам: "Потребно е безкомпромисно дејствување на Минстерството за внатрешни работи, на ДБК и други институции околу било какво паравоено организирање на нашата територија. Му порачувам на министерот на внатрешни работи да ја продолжи акцијата која што беше покрената и која што стигна некаде до својата средина, а која во јавноста е позната под името "бомбаши", заклучно со судење во Кичево". Таа акција со многу аргументи и докази требаше да продолжи понатаму и беше прекината веднаш по изборите. Сега внимавајте. Не може во име на некој коалиционен мир да се прекинува акција која засега директни рушители на интегритетот на државата. Е, сега уште еднаш внимавајте. Се што денеска се пропушти утре двојно или тројно ќе ни се врати. Тоа, нормално, укажуваше во 1999 година шефот на опозицијата и нормално не треба да ве прашувам дали се сеќавате дека на ваквите анализи и барања вие прво се потсмевавте, потоа се лутевте и по правило ги одбивавте. Еве, на пример,

што во таа прилика по сите тие сериозни предупредувања кажал еден од вас. "Поразените политички сили во земјата се обидуваат да го вратат сопствениот рејтинг и се враќаат назад југо носталгично со разни режисерски сценарија". По моја оценка, значи по ваша оценка, "политичко безбедносната состојба во земјата е стабилна и трајна, а за што гаранција се цврстите, искрени меѓуетнички односи. Кој поинаку мисли сам се лаже, а посакува да ги лаже и другите". По вакви изјави јасно беше што ќе се случи. Акцијата дефинитивно беше прекината и не доби апсолутно никаква судска завршница. Дали се сеќавате што беа двете главни песни овие 2-3 години. Првата, беше на почетокот. А, тоа е дека народот ви даде власт, за да правите што сакате, па и иако грешите, тоа е ваша работа. И, втората, во втората фаза, дека Меѓународната заедница не поддржува и дека вие сте во право. Е, сега, јас се прашувам кога сте во право. Дали бевте тогаш во право кога велевте дека Меѓународната заедница и нејзината поддршка се доказ за вашата исправна политика, кога ја величевте, или кога денеска ја критикувате и на што ги сведувате сите ваши денешни дискусии. Во вакви прилики, на пример, на 14 април 1999 година кога прв пат дискутиравме за безбедносната ситуација го велевте следното: "Сите до еден државници што не посетија од прв до последен се произнесоа дека Македонија е фактор на стабилноста на Балканот и токму ваквите оценки, токму нивните оценки се гаранција за тоа дека Макддонија ја води стабилна Влада. Токму нивните ставови, според мене, се најобјективно мерило за она шо го направила нашата Влада и за патот што го има трасирано пред себе и политиката што ја води во моментот. Вакви изјави има со милиони, ова е само случаен избор.

Бидејќи денеска беше спомената Резолуцијата 1244, која сакаме да ја користиме како аргумент за нас, а против Меѓународната заедница, ајде да си го поставиме следното прашање. Дали се сеќавате кој беше вашиот став за прашањето независно Косово. Дали се сеќавате на тезата, не на опозицијата, туку на господинот Георгиевски дека Хашим Тачи е гулаб, сега тој збор сака да го користи премиерот или гарантор на мирот во Македонија. Дали се сеќавате на неговата посета на највисоко ниво во Скопје.

Дали се сеќавате на апелите на опозицијата да се внимава со ова прашање. Бидејќи независно Косово денес значи промена на границите. А, дека утре тоа исто прашање некој може да го постави во Македонија. Дали се сеќавате што одговаравте на овие предупредувања. Еве еден пример од 3 јули 2000 година. Велевте "не можеме да бидеме затворени спрема оној со кој во моментов имаме најдобра трговска размена, а тоа е Косово". И тоа беше единствениот аргумент. Или, вториот аргумент дека "за признавањето на Косово добивме честитка од госпоѓата Олбрајт и тоа е важно, а не тоа што го зборува опозицијата". Дали се сеќавате на што се и на кого се плескавте во овие 2 до 3 години. Еден од вас, повторно пронајден патриот се жалеше пред неколку дена дека господинот Џафери не нарекува славомакедонци незнам дали за прв пат тоа го дозна после три години и ли во последните три години тој тоа не го забележувал или не му пречело поради духот на соработка, па гласаше за сите негови министри, за сите негови проекти. незнам дали се сеќава дека му плескавте заедно кога господинот Џафери повлекуваше вода на позицијата на оваа говорница. Дали некој од вас се сеќава на претседателските и локалните избори. Најверојатно, најголемиот дел се сеќаваат, меѓутоа, незнам дали знаат, колку од оние кои ги плаќавте да сеат страв меѓу гласачите, да полнат кутии и да тепаат опозиционери, сега беа по планините и пукаа на македонски војници, на полицајци и цивили. Тоа покажува дека теророт е мачна работа и дека кога го оправдуваш во една ситуација, обично ти се јавува повторно и во ситуации во кои што не сакаш, а и со поголема жестина.

Можеме да преминеме и на директно безбедносни прашања. Дали се сеќавате на изјавата кадровска и фактичка политика до и од Групчин. Се смеевте и тогаш. Дали се сеќавате дека министерката не се ни обиде да ја демантира таа изјава во целост. Дали ви личи тоа од денешен аспект за некаква најава или тоа повторно беа злобните и неконструктивни опозиционери, кои што по потреба дури и измислуваат.

Дали се сеќавате на Арачиново, само на претходниот случај, не на овој последниот. Дали се сеќавате на предложените заклучоци од страна на опозицијата со кои што се бараше многу подиректно Министсерството за внатрешни

работи целосно да го расветли случајот и да ја заврши постапката онака како што треба. Дали се сеќавате дека гласавте против таквите заклучоци. Еве што кажувавте и во таа прилика - нема место за паника. Под водство на оваа коалициона власт нема место за нарушување на политичко безбедносната ситуација во државата, уште покласично. Или опозицијата се е дефектизам и безизлезност, а се во функција на политички маркетинг. Или, работите можат да се решат и виновниците ќе се изведат пред лицето на правдата. За жал тоа не се случи. Денеска сите знаеме која е вмешаноста на Фазли Велиу за она што ни се случува на теренот. Меѓутоа, дали се сеќавате на неговата неекстрадиција. Дали се сеќавате на интерпелацијата на одговорниот министер поднесена од страна на опозицијата. Дали секој од вас се сеќава како гласаше по таа интерпелација. Гласавте така што тој остана министер. Дали се сеќавате на случајот Хасани. Тоа беше оној случај, за оние кои не се сеќаваат, во кои што министерот, оној истиот Кљусев, прво тврдеше дека немало киднапирање, за да потоа биде демантиран од премиерот. Потоа, премиерот рече дека имало киднапирање, меѓутоа, немало трампа, а кога се откри писмениот доказ призна дека трампата постоела, меѓутоа дека се работело всушност за одлично решение, според негови зборови. Дали тогаш се сеќавате што зборувавте. Еве, една изјава од еден наш колега од 25 април 2000 година: "Ние знаеме кога се работи за интересот на државата. Тука треба да бидеме многу сериозни и да водиме сметка што правиме, а во конкретниов случај мислам дека медиумите и дел од опозицијата воопшто не водат сметка. Јас мислам дека Владата многу паметно го реши овој проблем и тој проблем елегантно се решил, меѓутоа, се решил со сериозни луѓе кои имаат одговорност кон оваа држава. Дали се сеќавате кој ја даде оваа изјава. Бидејќи претпоставувам дека не се сеќавате ќе ви кажам не беше тоа пратеник овој пат од ВМРО-ДПМНЕ, туку беше вашиот довчерашен сојузник, господинот Хисни Шакири. Тој додаде дека господинот Хасани е човек за кој е докажано дека е чесен. Меѓутоа, во 1998 година му се случил инциденти и тој не го сакал тоа. Меѓутоа, дека тој е многу респектиран човек на Косово и дека да се оцрни неговата личност и да се прогласи дека се работи за терорист тоа е манипулирање на јавноста и дискриминирање на власта". Вие бевте дискредитирани, со тоа што ние зборевме против Хасани. Дали се сеќавате вие што зборувавте тогаш. Дали се сеќавате дека еден дел од вас тврдеа дека тоа што Хасани се појвил на суд, покажува всушност дека случајот не постои и дека ќе се спроведе правото. Што, нормално, незнам по кој пат не се случи. Дали се сеќавате на една долга дискусија за безбедносната состојба предизвикана од еден објавен извештај за кој се тврдеше дека е непостоечки, за да потоа се преформулира дека е неточен.

Дали се сеќавате на информациите и прогнозите на опозицијата. Еве, што тогаш беше кажано од господинот Китановски. Цитирам: "Сега се спрема нова криза, нова поделба на зона на ОВК, која не е распуштена, тоа е шестата зона во која припаѓаат и делови на Република Македонија. Затоа, тие беа складишта во Лојане, бидејќи Лојане спаѓа во 6-тата зона на ОВК, која не е разоружана и јас последен пат побарав да ми се одговори, меѓутоа, не добивам одговор што се случува во Македонија". Тоа беше кажано на 9 март 2000 година. Дури ни година дена пред почетокот на конфлитот. Беше кажано и следното од страна на истиот пратеник: "На Шара има 120 членови на УЧК кои вежбаат. Планинари наоѓаат експлозив. Делот после Јажинце што беше споменувам е сосема оставен слободен и таму доаѓаат членови на УЧК на вежбање, во деловите на Порој и Лешница ...." Дали се сеќавате која беше вашата реакција, освен нормално низ собраниските ходници правевте шеги на 6-та зона, која што денеска, за жал повторно ни е стварност. Ако не се сеќавате, еве мала помош од 9 март 2000 година. Цитирам: "Ако одите на тоа ниво на популизам, да сеете страв меѓу народот, 6-та зона се оделила државата, готово, ова, она, мало предвидување, мислам дека со тоа правите многу лоша услуга на цалата држава". Тоа е една од овие празни столчиња во салава. Или понатаму "наводно преправените лица од другата страна на границата на Косово биле активни членови на ОВК и дека наводно ОВК е инфилтрирана во Република Македонија и активно делува и дека ОВК не е под контрола на силите кои што се наоѓаат во покраината", тоа не е и така битно. Тој пратеник тврдеше и следното дека: "тоа се многу очигледни и прозирни намери на оние актери кои сакаат денеска да играат на оваа тема". За жал, тоа што беше наводно, веќе стана

реалност. За жал, актерите кои напаѓаа за проѕирни намери денес не чувствуваат ни трунка одговорност за катастрофалните проценки. Или, еден друг пратеник го кажа следното: "Да се изнесуваат ставови дека час ни лебди опасност од Бугарија, час ни лебди опасност од Албанија, мислам дека е премногу застарена теза и треба во Република Македонија да се внимава на тој план. Ние одиме во Европа, во Европа сме побезбедни и мислам дека со вакви говоранции што ги даваат за лажни зони, за лажни претпоставки, треба да се прекине и да преминеме на гласање". Патем, ова беше оној пратеник, кој што пред некој ден бараше од истата таа Европа на која тогаш се повикувал, бараше од неа да не остави на мир. Инаку, тогаш, нормално, преминавме на гласање и изгласавме дака она што постоела, всушност не постои, бидејќи власта одбрала повторно да биде слепа.

Дали са сеќавате на една летна интерпалација на Владата. Тоа е онаа интарпелација, која по системот, ајде кој попрво да притисне на копчето, се претвори во интерпелација на сите досегашни влади на СДСМ. На 3 јули 2000 година го велевте следното: "Според моја оценка констатацијата за неповолната безбедносна состојба е наоснована, од причини што Владата води одговорна, програмирана, конзистента и синхронизирана безбедносна политика.

Дали са саќавате што кажа можеби премиерот во врска со сите безбедносни инциденти, кои што до тој момент се случуваа во Македонија. Тој најде проблем во тоа што опозицијата не се посомнева дека тие инциденти не се организирани од трета страна која сака да ја дестабилизира Македонија. Па, премиерот продолжи: "Опозицијата збори за бугарски и албански шпиони, но не успеа да пронајде ниту еден југословенски шпион. Да ја драматизирате безбедноста на оваа држава не е сариозно". За да на крајот, нормално, се повика на единствениот аргумент дака може да слушаме оценки од било кого, новинари или опозиција, меѓутоа има нешто што како оценка нам ни е валидно и важно. Тоа е оценката на Меѓународната заедница. И, вие на тоа по правило плескавте и вие по правило гласавте. Со тоа гласавте за концепт во кој што се е фино, во кој што нема проблеми, нама терористи, нема оружје, нема закани, има само коалиција и внатрашни интереси.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Овие последни погрешни проценки не се случуваат пред две, три или пет години. Овие ни се случуваат и се даваат од страна на премиерот, шест до седум месеци пред почетокот на кризата. Оваа е визионерство, кое што навистина би посакале, но не ние, туку терористите. Затоа, не беше случајно што на едно од експозето на една од многуте влади на Љубчо Георгиевски, дадено исто пред шест месеци пред кризата, немаше ниту збор за безбедноста. Ќе помислите дека се работи за премиер на Швајцарија. Доколку се потсетиме на сите овие настани, кои што не се единствени, сигурна сум дека нема да ви биде тешко, да се потсетите и на настаните од почетокот на годината. На пример, кога се откри, дека сте ја преслушувале опозицијата, и најголем дел од медиумите. Тоа сте го правеле во толкав обем што денеска е сосема јасно, зошто не сте стигнале да ги прислушкувате терористите. Не сте имале ниту време, ниту опрема. Аферата прислушкување, престана да биде актуелна, кога се случи Танушевци. За тоа јас сум сигурна дека се сеќавате. Незнам само дали се сеќавате, или во барање на потсвеста сте го заборавиле тоа, кои беа првите реакции, кои беа на премиерот, кои траеја во текот на првиот месец од кризата.

Прво, кажа дека тоа не е ништо. Потоа кажа дека тоа се мали инциденти, кои ќе се средат, за на крајот да ја даде фамозната изјава дека ако се суди по опозицијата, некој од медиумите во Македонија, ќе се води војна. Меѓутоа, треба да се потсетите, дека вие овдека седевте. Тогаш се сеќавате дека ситуацијата тогаш беше поинаква од денеска, иако беше доволно тешка. Конфликтот беше локализиран, конфликтот беше блиску до тетовската граница, тие структури немаа политичка агенда, партиите на етничките албанци во Македонија, посебно оние што беа во вашата Влада, ја поддржуваше акцијата против тие структури, локалното население не беше солидарно, туку даваше значајна поддршка, а меѓународната заедница по ред сите ги осуди. Во сите тие услови, вие повторно го велевте истото: "Ништо посебно не треба да се прави, бидејќи проблемот ќе исчезне сам од себе". Незнам навистина, на што сметавте. Така, по два-три месеци, се се измени. Конфликтот се прошири на кумановскиот и тетовскиот регион, а потоа дојде и поддршката на локалното население, која се зголемуваше секојдневно. Терористите сега излегоа со политички барања, за кои што слушнавме и од

странските медиуми, а меѓународната заедница, започна да ги менува "сигналите".

Сакам да ве потсетам за уште една работа во овој период. Во тоа време, министер за внатрешни работи беше госпоѓата Доста Димовска. Нејзина десна рака беше вашиот Љубе Бошковски, министер за одбрана беше вашиот Љубен Пауновски, збогатен за 13 милијарди германски марки. Сите лостови беа во вашите раце, никој неможеше да ве блокира, ниту да ве спречува.

Каде беше тогаш таа решителна акција, на која што, денеска се повикувате. Каде беше тогаш татковинската одбрана, за која не престанувате да зборувате. Каде ви беше тогаш проблемот. Зошто, доколку го имавте "рецептот во џеб или во раце", не го реализиравте тогаш и не ја добивте, или спречивте војната. Јас знам, зошто не сакате да се потсетите ниту на една од овие работи. Заради тоа што се, апсолутно, страшни. Страшна е одговорноста, која ја имавте во овие три години и не ја понесовте. Страшно беше "слепилото" и инаетот, да не се соочите со вистината. Уште пострашно е кога некој од вас ги "аминуваа" и ги гласаа овие работи, а денес излегуваат "аминуваат" повторно некој други: меѓународната заедница, претходна опозиција или било кој. Можете да кажете што сакате, меѓутоа историјата ќе запише дека шесте години владеење на СДСМ беа години на мир, а дека не поминаа ни две години од вашето владеење, па се случи војна. Тоа неможе да е случајно, како што некој денеска се обидува да ни објасни. Не може тоа дури, да е дело на некои надворешни "мрачни фактори", а особено не на истите тие фактори, кои до вчера ви беа најголеми пријатели и сојузници. Мислам дека е доволно ова зошто ни се случи. Најискрено, не мислев дека е потребно да се оптоваруваме со прашањето зошто, бидејќи од нас граѓаните очекуваат како а не зошто. Од нас, ја очекуваат "дијагнозата" денеска, од нас ја очекуваат, пред се "терапијата".

Меѓутоа, денеска можеме да кажеме дека оние од нас, или од вас кои не ја предвидоа кризата имаше сигнали. Оние кои самите не успеа ја да ја решат, во првите нејзини фази, неможат денеска да излезат тука и да ни нудат "спасоносни формули", во кои што ќе веруваме.

Г-дин Георгиевски, во една од многуте свои изјави го вели следното: "Го потпишав договорот во Охрид или во Скопје, но во него не верувам". Не одговори на клучното прашање, зошто, два пати го потпиша истиот договор. Нема одговор. Јас не го потпишав договорот, меѓутоа, од тоа мене не ми е ниту страв, ниту срам, ниту хендикеп, да кажам, како ќе гласам по денешната точка. И зошто ќе ја поддржам имплементацијата на овој договор. Веќе беше кажано, дека овој договор е компромис. Затоа по дефиниција е тежок за прифаќање. Меѓутоа, имајте на ум дека суштината на демократијата е токму во наоѓање на приближни решенија, на нерешливи ситуации. Мислам дека ќе се согласите дека ова денеска во Македонија, е една од таквите нерешливи ситуации. Затоа, решението немојте да очекувате ниту да биде чисто, ниту перфектно, ниту идеално. Некој ќе го постави следното прашање: Компромис е потребен, меѓутоа, до каде е дозволено да се оди? Каде е црвената линија?

Мислам дека тоа е легитимно и оправдано прашање, кое сите си го поставуваме и уште си го поставуваме. Неколку пати во Охрид сопмнувавме едно правило, кое можеби, може да ни помогне во поставувањето на таа црвена линија, која потоа откри дека на некој друг начин, меѓутоа со истото значење го дефинирал Ајзенхауер, кој не е познат како човек кој што лесно и често правел компромиси, тој кажал вака: "Клучот за можен успех, при секои приговори и постигнувања на било каков компромис, е цврстина при бранење на суштината, на фундаментите, а флексибилност во тактиката и методиката‟. Дали Рамковниот договор го задоволува тој услов.

Еве кои се неговите основни принципи, кои беа досега спомнати: отфрлање на употребата на насилството и остварување на политички цели, суверенитет и територијален интегритет на Македонија, како и нејзин унитарен карактер, кој што се неповредливи и мораат да се сочуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања и.т.н. Мислам дека овие се гаранциите што можеме да ги бараме, кои што мора да ги очекуваме, во делот на одбрана на фундаментите на оваа држава.

Ако погледнеме кои беа резултатите, во поглед на флексибилноста, мислам дека има многу прашања, кои беа покренати, за кои накратко би се осврнала.

Во поглед на клучното прашање, употреба на јазик, мислам дека и кратка анализа ќе покаже дека ниту еден од принципите не бил загрозен, а дека, притоа биле дадени гаранции, за зголемување на нивото на употреба на јазиците.

Според овој Рамковен документ и личните документи, ќе можат да се издаваат двојазично, при што, водете сметка, Владата на Љубчо Георгиевски, а потоа вие, предложивте да биде издавана двојазичност. Употреба на јазикот во локалната самоуправа ќе остане и како до сега. Она што е ново во оние изборни единици каде што, над 20% од населението е малцинство, тие поединци ќе можат да се обратат на нивниот мајчин јазик и да добијат одговор на мајчин јазик и на македонски јазик. Јас не мислам како граѓанин на оваа држава дека сум оштетена од ова право. Можете да ме осудите и за предавство и.т.н.

Во поглед на МПЦ, се тврдеше дека со овие измени, таа ќе се маргинализира. Јас го поставувам тоа прашање: Зошто би била МПЦ маргинализирана. Заради тоа што, освен неа, сега се спомнуваат и некои други верски заедници. Знаете ли што според мене, може да биде единственото нешто, што ќе ја докаже големината на една институција како црквата. Меѓутоа, не по тоа што ќе биде единствена. Не по тоа што ќе биде една спомната во Уставот, или во законите. Туку по тоа што ќе манифестира и ќе докаже широчина да ги прифати останатите. Тука ја гледам таа широчина и воопшто, не го гледам ризикот да ја маргинализираме.

Во поглед на Комитетот за односи меѓу заедниците, би сакала накратко да спомнам, бидејќи промената не ми беше јасна, меѓутоа, што се однесува до суштината дајте, да не шириме дезинформации, со кои, некој сака да ги потврди своите квази тези. Беше решено следното: Поради ставот 5, кој гласи вака: "Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесува одлука, во врска со нив, дека поради овој став, оваа Комисија се претвора во втор, собраниски дом‟.

Ако е тоа така, тогаш да си признаеме дека и досега сме имале дводомно Собрание, но тоа не сме го знаеле, бидејќи, овој став, апсолутно, е препишан од досегашниот устав. Единствена разлика е во ставот 6, а не во ставот 5, каде што овој Комитет носи одлука, која ја проследува до Собранието, во врска со толкувањето на членот 69. Тука завршува новината. Кај овој член интересно е, а тоа морам да го спомнам, и мислам дека еднаш беше спомнато, дека членовите на Комитетот, не се наброени србите, како националност. Тие стојат многу повисоко од некои националности, меѓутоа ги нема во текстот. По ова прашање, проблем не беа ниту "олеснувачите" ниту партиите на албанците, туку ВМРО-ДПМНЕ, односно, нивниот експертски и политички тим, кој што го одби овој предлог, без до ден денеска да даде било какво рационално објаснување. Јас чув и рационално образложение, меѓутоа, мислам дека не е во ред тука да го кажам.

Во поглед на зајакнатите услови, при избор на некои членови на некои судски институции, мислам дека подобро е да дискутираме, кога конкретно ќе дојдат амандманите.

Меѓутоа, беше спомнато дека македонскиот народ, со овие измени е избришан од Уставот, што не е точно, бидејќи кога ќе го прочитате ќе видите дека, во делот на членови, за кои што не е поставен амандман терминот македонски народ и понатаму се употребува. Тие што ги мрзи да прочитаат, ќе го постават прашањето кои се тие членови. Има и многу други одредби, кои ќе ги дискутираме во следните собраниски фази. Меѓутоа, она што мислам дека е значајно да го направиме е да го кажеме генералното значење на овој Рамковен документ. Треба да бидеме искрени и јасни во толкувањето. Овој договор, не е гаранција за мир. По овој договор, не завршува кризата. Меѓутоа, дефинитивно, е еден неопходен дел од неговото решение. Сами по себе решенијата од договорот, не можат да ја доведат во прашање иднината на Македонија. Затоа, јас, со мирна совест ќе гласам за него. Сами по себе овие решенија, не можат ни да ја спречат војната, ниту пак, да гарантираат долгорична стабилност на државата. Оваа стабилност не можеме да ја очекуваме како резултат не некој документ, па дури тој документ да е и Устав. Таа стабилност можеме да и ја гарантираме, само преку правна и ефикасна држава, во која правилата на игра ќе важат за сите: без разлика на партиската и етничката припадност. Доколку тоа не го изградиме во државата, џабе ќе ни биде мировниот процес. Исто така, како што и досегашниот Устав силно го браниме, што не беше гаранција дека нема да ни се случи денешната војна. Договорот е договор, хартијата останува хартија, а државата мора да се погрижи да води сметка за се останато и да го извлече максимумот.

Од друга страна, Рамковниот договор, го гледам како шанса, за голем можен потенцијал за Македонија. Доколку биде имплементиран во оваа фаза тој ќе претставува демократска легитимација.

Имено, таканаречената ОНА тврди и тврдеше во текот на целата криза дека е

инспирирана од потребата за високо ниво на малцински права. На многу од нас ни е јасно дека тоа беше само алиби. Дека тоа беше само"димна завеса" која требаше да ги сокрие територијалните претензии и криминалните активности.

Меѓутоа, ако договорот биде имплементиран, тогаш таа приказна неможе да живее. Таа приказна ќе биде завршена дека никој нема да може да се повикува на борба за човекови права. Наместо тоа на сите ќе им биде јасно во Македонија и надвор од неа, дека оние кои би ги продолжиле насилствата се класични криминалци и терористи и дека тие мора да бидат воено поразени. За тоа, ќе ја побараме и ќе ја добиеме поддршката од Меѓународната заедница и на таа обврска уште од сега треба да ја потсетиме. Оваа е од прилика мојата позиција, оваа е од прилика од позицијата на СДСМ. Таа е соопштена одлука, таа е анализирана одлука, одбранета одлука, без калкулации, без шпекулации и без подметнувања. Во она што го зборуваме сме убедени и затоа, не се плашам да го кажам својот став. Не заради тоа што ова е најдоброто решение. Што ќе беше да не дојдеше до војна. Меѓутоа, заради тоа што ова е најдоброто решение, во ситуацијата која што ја имаме. Најдобро решение што го влечеме од искуствата, не само во регионот туку и во светот.

Колеги пратеници, почитувани граѓани, веќе шест месеци војната беснее низ Македонија. Сите го видовме нејзиното вистинско и грдо лице: убиства на цивили, војници, полицајци, малтретирања на деца, разрушени домови, разрушени светилишта, раселени семејства, етничко чистење, страдања, загуба, болка, страв, недоверба, неизвесност и песимизам.

Во оваа ситуација, кога болката и очајот ни го заматуваат умот и кога стравот ни ги блокира и реакциите и мислите, кога излезот изгледа невозможен, како што и на многуте од нас ни изгледа, стануваме фаталисти. Тоа е, наједноставната реакција.

Граѓаните на оваа држава, можеби имаат право, во оваа ситуација да бидат песимисти, па дури и фаталисти. Меѓутоа, тоа право го немаат нивните претставници, а го нема ни нивното раководство. Затоа, никој од нас го нема правото. Ние имаме право на нивната доверба, која ја добивме на избори, меѓутоа која треба секојдневно да ја заработуваме само ако знаеме како ќе им кажеме, каде ги водиме.

За жал, од досегашната расправа не видов ниту еден, макар приближен обид, од оние кои се против Рамковниот договор, да не убедат во некој поинаков концепт. Да се има концепт е легитимно. Можеби, во ситуацијата, дури и пожелно. Меѓутоа, немаше никој, кој ќе каже Рамковниот договор е лош, мировниот процес е погрешен, а јас ви го нудам следното решение. Верувајте, тоа не е решение за денеска, не е ни за утре, туку решение за следниот месец и следната година. Граѓаните на оваа држава имаат право да знаат која е понудата.

Единствено што чув за овие два дена се две тези: Првата е таканаречениот прост концепт, за кој се согласувам дека е прост, кој беше наречен целосна татковинска одбрана. Тоа е патриотски приод, кој што е вреден за почит. Меѓутоа, за да го прифатиме, подобро речено пред да го прифатиме некој мора да даде одговор на некои прашања. Зошто таа татковинска одбрана не успеа да ни ја одбрани татковината во Танушевци. Зошто таа татковинска одбрана, не даде одговор за проблемот во Арачиново. Зошто по три месеци на Владата, каде што доминираат тие патриоти, резултатот поголемо кризно подрачје. Всушност незнам дали овој концепт вреди да се анализира, затоа што, истите луѓе кои го заговараат, всушност не велат дека е тоа концепт за мир. Не велат дека тоа е концепт за спас. Тие велат дека е тоа концепт за ужасен крај. Затоа, ако ние бараме нешто подобро, и ако сме подготвени да дадеме максимум, или онолку колку што можеме, да успее поинаква концепција, што нема да значи ни ужасен крај, тогаш, мислам дека е вредно да дадете шанса.

Втората теза е дека Рамковниот договор е лош и ние ќе немаме идеа и ќе одиме на страна. За оние пратеници, кои ќе го одберат таквиот став, сакам само да го кажам описот кој што Данте Алигери го дава за пеколот. Еден од тие описи вели: "најжешкото место во пеколот е гарантирано за оние, кои што во ситуација на морална и државна криза, одлучиле да бидат неутрелни". Таква ќе биде позицијата на сите оние, кои што денеска, утре и задутре ќе кажат дека нема да гласаат, меѓутоа и немаат ништо подобро. На оваа седница на Собранието, морам да кажам неколку збора и за еден феномен кој многу ме вознемирува, многу ме иритира, меѓутоа, пред се ме вознемирува, а тоа е провидната, ситна но видно штетна игра на дел, барем од ВМРО-ДПМНЕ. Тука нема да зборувам, за оние, кои повторно ја најдоа слободата да гласаат спротивно на потписот на својот лидер, заради наводната демократичност во нивната партија. Таа демократичност, таа

слобода, тоа почитување на мислењето на јавноста и гласачите, тоа право на личен став, требаше да го покажат во претходните три години, за да излезат денеска пред Собранието и повторно да го бараат тоа право. Дали во одлуките кои влијаеа на таа криза, како и многу други катастрофални потези во економијата и во други области, дали во тие ситуации манифестираа ваква наводна храброст и самостојност. Оние, кои ја манифестираа, сега мораа да ја напуштат таа партија и физички беа нападнати. Останатите во тој момент молчеа и заминуваа. Или, важи следното правило: дека треба да се делат привилегиите сите без ВМРО-ДПМНЕ. Сега кога треба да ја делите одговорноста некој поединци се друштва со ограничена одговорност. Мислам дека за нив не треба да се зборува, заради тоа што, наводната нивна индивидуалност, за мене е класична шема на ВМРО-ДПМНЕ. По склучувањето во Охрид беше видлива играта, која ќе ја игра премиерот Георгиевски. Дали се сеќавата на онаа песна "као-какао" на Леб и сол, ќе ми дозволите да употребам малку скопски сленг, да ја опишам ситуацијата од Охрид. ВМРО-ДПМНЕ ја смисли следната идеална шема: Како Љубчо Георгиевски ќе потпишува, претседател на Влада, премиер, а од друга страна пратениците, како ќе глумат нервоза, тој, како ќе убеди 35 или 36 пратеника од ВМРО-ДПМНЕ, кои се доволни да помине на Собранието овој предлог, а оние 10 пратеници ќе останат да ја играат улогата на свесни патриоти и нема да се дадат. Тие 10 патриоти ќе работат на зачувување, или според вас, дај боже, на зголемување на партискиот рејтинг. Овие 10 патриоти ја пропуштија шансата да бидат патриоти, бидејќи тоа требаше да го направат при одлуките на Сами, Фазли Велиу, Арачиново, Танушевци, крвавите избори, партиските пљачки и така натаму. Меѓутоа, тие не се осамени во оваа област, бидејќи, веднаш или одвреме навреме, им се приклучува Георгиевски. Тој учествува на преговорите, тој е премиер на Влада, претседател на најголемата партија во ова Собрание, потпишува два пати, во Охрид и во Скопје и на крајот да каже: "Јас сум песимист, всушност ќе имаме војна и на крајот ќе бидеме протекторат".

Единствен период, во кој тој беше оптимист, е само кога потпишуваше одлуки, со кои што државниот имот станува партиски, кога префрлувајќи го партискиот имот од лични џебови, плаќаше 300 марки данок, или кога ја блокираше Македонија дополнително во оваа криза со бензински колони, само за да може да му го врати долгот на Макпетрол.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

По се изгледа тој продолжи да функционира со бизнис каков што тој ни го покажа, бизнисот продолжува, војна, или не тоа е секнундарно прашање. Меѓутоа ако на страна ги тргнам овие интереси кои што очигледно му го подобруваа расположението доволна е анализа на неговото последно интервју за да не натера сите нас како граѓани на оваа држава ужасно да се уплашиме за иднината на својата држава. Еве меѓу другото што кажува премиерот. Цитат " Практично се амнестира дека во Република Македонија промената на Уставот треба да настане во услови на агресија и окупирани делови на својата територија". Тоа го кажува тој премиер кој што ја овозможи таа агресија, кој што ја дозволи, или не ја оневозможи таа окупација, бидејќи во тоа време ние не бевме на власт за да наводно ве блокираме. Тоа го кажа и премиерот кој што ги започна преговорите во таква ситуација каква што беше и кој што го потпиша Договорот со кој што се предвидуваат тие измени на Уставот. Понатаму премиерот продолжува: Шест месеци ние имаме една историја на еволуција во македонските позиции и сериозен проблем со македонската координација. Укажува тој истиот премиер кој три месеци беше самостоен носител на таа таканаречена еволуција и со кој апсолутно никаков договор ниту координација не е можно. Најситен пример е и оваа седница, кога таа започнуваше планот за кој што ние бевме информирани, дека после претседателот на државата ќе зборува премиерот на оваа држава и дека тој како втор говорник ќе го каже својот став и како премиер и како претседател на вашата партија. Тој дојде овде, седеше, слушаше, си замина и не се врати. Премиерот на оваа држава нема апсолутно никаков став за шансите за нејзината иднина. Меѓутоа, има став за нешто друго. Тој зборува во своето интервју за добриот спој помеѓу нашите лигуши и меѓународните фактори. За потсетување, тоа беа оние фактори кои што ги дигаше во небо три години. Домашните лигуши се сите оние кои што не се ВМРО-ДПМНЕ и кои што наводно го критикувале пред странците. Морам да му кажам на премиерот дека тој не морал да прислушкува за тоа да го открие, кој за кого што зборувал. Можел само да не

праша, бидејќи ќе му кажевме дека кога го критикуваме не само пред странците, туку и пред македонската јавност не ја кажуваме ниту половина од вистината, заради тоа што таа не боли како граѓани на оваа држава во која што е тој премиер. Боли кога вашиот премиер ги менува ставовите како партиските другари, боли кога во еден момент лета од оптимизам за да во наредниот стане фаталист и за тоа ги обвинува сите освен себе, боли кога на преговорите молчи, клима и потпишува за да потоа каже дека потписот го ставил така за да не ја расипе забавата, боли кога премиерот на вашата држава во моменти кога таа е пред најтешкиот испит, се однесува како да е максимум претседател на некој куќен совет. И за тоа никој апсолутно нема потреба да им кажува ниту на странците, ниту на медиумите, тоа тие многу подобро и од нас и од вас го знаат.

Премиерот во своето интервју се жали дури и на неефикасноста на Координативното тело за спречувањо на кризи. Меѓутоа, не одговара дека тоа тело е оставоно само на себе, дека е оставено на суво, без ингеренции и без финансии да се снаоѓа како знае и умее, а да ја носи целата дури и негова одговорност. Само еден пример, неговиот претседател, заменик премиер инаку наш довчерашен колега три пати закажува состанок со директорот на Електростопанство на Македонија околу можните проблеми и решенија со снабдувањето на електрична енергија во кризните региони. Три пати закажал состанок, три пати директорот на ова јавно претпријатие не доаѓа, дури не се ни јавува. Нормално има две можни објаснувања, или г-динот Арнаудов се разбира во својата работа како што јас се разбирам во фудбал, или бидејќи е зафатен од потпишување на нови решенија со кои што неговиот имот се зголемува, едноставно неможе да стигне. Премиерот понатаму удира и на некои од другите политички партии и вели: Некои политички партии целиот свој капацитет го искористија за преговори, Рамковниот договор да го стават во функција на предвремени избори и додава, Рамковниот договор е премногу политички документ и мора претходно да се усогласи со нашето право. Зборува како тој воопшто да не бил во Охрид, зборува како да е претседател евентуално на некоја од партиите кои што не учествуваа ВМРО-ВМРО или ДА, или било која партија. Ова несакав што понатаму ќе го кажам, искрено не сакав да го кажам меѓу другото заради достоинството на оваа држава. Меѓутоа, оваа реченица во вчерашното интервју и ова обвинување мислам дека не можат да останат неодговорени. Ако СДСМ и неговиот тим го потрошило своето време во Охрид да преговараат околу изборите што е апсолутно неточно и воопшто не беше споменато во Охрид, тогаш премиерот треба да одговори на следното прашање: На што тој лично го потроши времето додека беше во Охрид? Дали се чувствува барем малку одговорен, повторно кажувам, несакав ова да го кажам, амо понекогаш мора да се кажат работите искрено, дали се чувствува барем малку одговорен заради тоа што заради него состаноците во Охрид мораа да се одржуваат после 12,00 часот и максимум до 18,00 часот. Дали се чувствува барем малку одговорен што во најголем дел од времето изгледаше како да не е присутен, што лесно се откажуваше и малку предлагаше, или и за тоа повторно некој друг му беше виновен. Премиерот очигледно според се она што се случуваше и таму и потоа според секоја од неговите изјави и интервјуа дефинитивно е во аут. Досега му беше лесно. Партиските и лични интереси се правдаа секогаш со меѓународна подршка, а таа се купуваше со наводни релаксирани меѓуетнички односи. Меѓутоа, во овој момент секој од тие изградени столбови му се покажа дека паѓа. Нема стратегија, нема тактика, нема план, нема проценка, нема да понуди излез, па вели: нема излез, готово е и сите други се виновни. Веќе еднаш го прашавме г-динот Георгиевски и тогаш не одговдри. Меѓутоа повторно мислам дека го заслужи истото прашање, Дали знае што значи да се биде прв, дали знае што значи да се биде премиер. Ако тоа не го знае, ако тоа не го може, тогаш редно е пред јавноста и пред ова Собрание да поднесе оставка.

За крај би сакала да го кажам уште и следново. Многу наши членови и симпатизери, многу од оние кои што сметаат дека СДСМ заслужува шанса добронамерно најдобро намерно во овие неколку последни месеци не прашуваат зошто влеговме во оваа коалиција, не прашуваат дали можеби не погрешивме, дали премногу не рескиравме? И секој пат мислам дека го заслужуваат и го добиваат вистинскиот одговор, а тоа е дека влеговме заради тоа што десет години граѓаните на оваа држава со право бараат државните интереси да ги ставиме над

партиските. Влеговме во оваа коалиција заради тоа што ова беше таква одлука. Десет години граѓаните на оваа држава бараат поголема соработка помеѓу партиите, особено оние големите. Влеговме, заради тоа што во ваква ситуација беше потребна таква соработка, влеговме со искрени намери, влеговме со чиста совест, влеговме без црни дамки околу тоа како и кој придонесе за кризата. Влеговме со калкулиран ризик дека ќе ни ги намали рејтинзите, влеговме и мора да кажам и покрај се и покрај оваа разочараност и покрај оваа фрустрација би рекла, не жалиме за таа одлука, бидејќи сеуште сметаме дека немаше алтернатива. Она што жалиме е дека денеска во ова сваќање сме сосема осамени или речиси сосема осамени и дека сме недоволни за да направиме некој од овие концепти со успех. Денеска во Македонија е најлесно и тоа денес затоа и го слушаме да се каже дека војната е наша единствена опција. Денеска е најпопуларно да се откажеш од било каква шанса за мир. Денеска политички е најкорисно да се приклучиш на доминантната струја која повикува на оружје. Маѓутоа, денеска мислам дека голем дал од нашите колеги ќе имаат одговорност да размислат повторно за својот избор. Денеска јас лично сум подготвена да го прифатам ризикот за таквиот избор и да појдам дури и против таква струја. Денеска сеуште сметам дека Македонија има шанси да излезе од ова безумије. Токму поради тоа денеска сеуште сметам дека има шанси доколку гласаме за имплементација на Рамковниот договор, доколку гласаме за се она што е предвидено во тој документ, дека има шанси да постигнеме успех. Денеска сеуште сметаме дека има шанси да овозможиме враќање на сите раселени лица и граѓани во своите села и домови. Денеска мора да бидеме чесни и да кажеме дека немаме ниту илузии, ниту лажни надежи. И овие чекори ќе носат ризици и тие ќе бидат пропратени и со нови кризи и со нови конфликти. И покрај сите добри намери ќе се соочиме со моменти во кои војната повторно ќе изгледа неизбежна, а напорите таа да се спречи неуспешни. Но, тоа мислам дека *е* единствениот избор кој што го имаме и како пратеници и како граѓани на државата. За тоа ќе ни биде потребна храброст, верба, мудрост, за жал и меѓусебна соработка која што досега ретко си ја пружаме и подршка. Имаме одговорност пред нашите граѓани, пред нивната иднина, пред иднината на сите нас, имаме одговорност пред наши предци и пред иднината на нашите семејства. Таа одговорност по мене можат да ја преземат само оние кои што наместо емоции на кои што се изнагледавме во претходните години ќе им понудат на граѓаните развој, кои што наместо да им го дефинираат проблемот како што денеска слушаме, ќе им понудат решение. Ако го немаат тоа решение, местото не им е ниту во оваа сала, ниту во онаа другата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Г-динот Пандов побара реплика.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Сакам да и одговорам со едно само на госпоѓицата Шеќеринска. Госпоѓице Шеќерцнска токму заради тоа што сега го зборувате, јас сум краен песимист дека ние и ќе успееме и не после изгласување на овој Рамковен договор и после се дека може да успее оваа држава да биде држава, а ние да бидеме народ. Шеќеринска која што два часа тука зборуваше, еднаш да не спомне што направиле албанците, што направил Али Ахмети, да не го извади од уста г-динот Љупчо Георгиевски, да има таква омраза. Какви и да сме, ние сме македонци, ние сме нападнати и од страна на едно друго племе, на албанци неможам да верувам дека постои некој човек кој што толку може да си го мрази својот народ, па макар да е тој и од друга партија. Со таков став г-ѓице Шеќеринска мене ми е многу јасно и за г-динот Љупчо Георгиевски и тимот кој што го опкружувал не можел да добие подобро решение од она што го имаме сега пред нас, затоа што верувам, цврсто сум уверен дека вашата борба не била против оние кои што биле вистински непријатели, туку токму против тој г-дин Љупчо Георгиевски и против партијата која што тој ја застапува. Уште една работа, го имавме Фазли Велиу, сме згрешиле. Сега, Сами Хабиби, како ќе гласате вие г-ѓице Шеќеринска. Исто тој е терорист, пукал таму на полицајците, загинаа во Теарце во полициската станица. Нема да чекаме ние сега Рамковен договор, за три дена имаме интерпелација на министер кој што кога го видов минатата недела, кога го видов г-динот Бузлевски и г-динот Иловски како со брат во затвор да им бил по десет години како да не се виделе со него, така се изгрлија. За него ќе ве прашам како ќе гласате и кој е вашиот став, дали ќе имате тогаш принципи. Дали со тоа исто сакате да кажете дека сакате соживот, или што? Г-ѓице Шеќеринска, повторно ќе ви кажам,

со такво јавно неединство на македонците кое што го прокламирате тука, а вие сте битен фактор во таа партија коај што ја застапувате, јас сум премногу уверен дека многу црни денови уште потешки и се пишуваат на оваа Република Македонија и уште потешки денови на овој народ.

Претходниот дискутант ви читаше една песна и токму на тоа повикуваше. Еднаш не спомнавте, неможам да се изначудам, фрапиран сум, два часа како можевте толку грст омраза да искажете, еднаш да не спомнете еден албанец, убивале, правеле, или што правеле, силувале. Еднаш да го спомневте Али Ахмети и што ќе правите со него, или веќе сте договорени, имате некои идни планови како да соработувате со него. Не ви е срам.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Тоа што некои од нервоза не можеле да го слушаат говорот па да забележат некои работи, можам да им го дадам, да го препрочитаат па да најдат што сакаат да прочитаат во него. Меѓутоа, знаете ли кога се водеше битката за мирот во оваа држава и против терористите кои што сега сите по десет пати ги споменувате. Тогаш, кога влегуваа во Македонија, а не денеска, тогаш Вие гласавте, а не јас, тогаш вие ја доведовте во прашање иднината на оваа држава, а не јас. Интерпелацијата која што ја споменувате е многу интересен феномен заради тоа што јас пред себе ќе бидам чиста како што сум гласале еднаш, така ќе гласам и втор пат. Проблемот ќе биде Вие да објасните како тоа Вие го дадовте гласот за подршка на г-динот Насуфи кој што не побара барање за испорачување на човек кој што денеска е во планините. Немојте денеска да ми ги споменувате терористите и што се прават, тоа македонците најдобро го знаат, особено оние кои што живеат во Тетово во Куманово и во сите тие региони. Тие бараа од вас да спречите да не дојде до ова. Меѓутоа вие гласавте, дека нема проблеми, Вие гласавте дека нема терористи, Вие гласавте дека Фазли Велиу и Џавид Хасани се чесни граѓани на оваа држава. Вие сте одговорни за ова денеска што се случува. И десет говори кои што ќе ги кажете за тоа колку се чувствувате патриот, нема да бидат доволни да ви ја исперат вашата одговорност и вашиот срам.

Што се однесува до неединството, мислам дека и тука ја промашивте поентата. Јас можев да ви дадам еден друг текст кој што начелно ми беше подготвуван за оваа седница заради тоа што споменав го делев мислењето дека не треба да се зборува зошто, туку треба да се зборува што сега. За жал единствените говори кои што ги чувме во текот на првиот ден на дискусија во ова Собрание беа токму говори кои што Вие сега ги критикувате, кои што се занимаваат со опозицијата, а не се занимаваат со проблемот. И ако барате единство, прво ќе го побарате помеѓу вашите колеги, а потоа и од другите.

Во Охрид очигледно не знаете што се случувало и очигледно е дека тоа не знаење ви одговара заради тоа што ви е полесно овде да ширите дезинформации. Во Охрид, мојот впечаток е дека ВМРО-ДПМНЕ беше отсутно не заради тоа што СДСМ правеше опструкции и сееше конфликти, туку заради тоа што немаше знаење, интерес, желба да партиципират и тоа дефинитивно ја ослабе македонската страна. Меѓутоа тие прашања треба да ги поставите на вашите тимови. Тие прашања мислев дека ви ги одговориле досега. Денеска можете да ги употребите најгрубите зборови и можете да барате одговорност. Меѓутоа, прво, ќе си ја побарате од себе одговорноста за сите одлуки за кои што сте гласале досега, за сите одлуки кои што можеби да ги донесевте поинаку ќе ја спречеа денената ситуација. Се дотогаш Вие немате право од друг да барате одговорност.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Има збор г-динот Филип Петровски.

Колеги пратеници, Ве замолувам за работна атмосфера во салата.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Само кратко. Ќе и дадам за право на Шеќеринска да смета дека изнела многу значаен говор во Собранието, па заради тоа предизвикала реплики. Затоа што нејзините колеги не одговорија на она што ги прашувавме во нашите говори . Г-динот Црвенковски не одговара на она што го прашувам во повеќе говори наназад гледано. Така што само ќе ја прашам, дали таа мисли вака да направи единство? Г-динот Поповски ќе го прашам зошто направил депласиран говор пред малку кога зборуваше денеска, кога рече: ќе заобиколи некои работи, еве нема да создава неединство. Вие сте од иста партија. Ова во која насока оди, во создавање на единство? Без разлика јас со некои од вас сум мислел и дека може да има единство, меѓутоа после ова што го

кажа Шеќеринска и јас се сложувам со Пандов, тешко и црно и се пишува на Макеоднија. А Вие што не ги спомнувате тие што загинаа во името на Македонија што мислите дека некој од нас ги пратил што гласал, тоа може само да ви биде маркетинг пред луѓето што ве гледаат и што сакаат слепо да ви веруваат. Ако сакате нив да ги заборавите, ако македонскиот Устав согласно Договорот што го донесовте во Охрид, сакате да кажете дека не е избришан македонскиот народ. Земете, помачете се, па ќе го најдете во некој член, тогаш јас навистина незнам ни зошто ние овде разговараме, какви разговори водиме. И едно нешто ќе ви кажам. Се можете да приговарате, меѓутоа во ова едно нешто сакам да се препознаам, иако незнам дали ми е упатено на мене. Г-гица Шеќеринска не беше доволно јасна и не именуваше, затоа што мислам дека треба да се именуваме. Ова не е прашање за академска дискусија, па ќе ги замаглуваме филозофско, политички и теолошки термините па ќе викаме, овој рече ова, оној рече она. Да ве повикам едноставно прозивајте по име, да видиме кои се тие предавници вие што ги гледате.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Се што мислам да ви кажам, ви кажувам лично по име и презиме. Можам да ви кажам дека вие немате право мене да ме наречете предавник, а вие тоа го сторивте - божем некои патриоти биле што им пречело сега биле славомакедонци. Мене секогаш ми смета што сум нарекуван од некого, вака или онака. Меѓутоа, не можеме од вас да дојдеме во јавноста. Сите медиуми ги купивте. Се е изблокирано. Не може никој од овие луѓе да дојде, освен на говорница да каже, што мисли. Можеби Вие мислите дека не е точно, меѓутоа ќе ги споредиме весниците, ќе видиме како се пренесуваат извештаите и на ТВ и во печатот, од тоа што зборуваат СДСМ и што зборуваат ВМРО-вците.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

(Од место дофрла.) Тоа не се купува.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Тоа е мој став г. Ханџиски. Вие ако имавте храброст, како што сега имате храброст од место да дофрлувате, место да ставите еден нестручњак, не авторитет и човек кој ја уништи одбраната, за министер за одбрана Вие требаше да се нафатите, бидејќи Вие и Лазар Китановски бевте министри за одбрана, па колку толку имавте искуство.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине Петровски Ве молам немојте да влегувате во меѓусебни дијалози. Реплицирајте и на г.-цата Шеќеринска.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Да, меѓутоа се однесува и на другите.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господинот Ханџиски јас го опоменав да не дофрла.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас само сакам да ви кажам моите ставови дека едноставно тука не може да се продава лицемерие и да се апострофираат некои луѓе.

Вие господа требаше да си ставите министер за одбрана кој што бил министер за одбрана, а не да ни потпишува наредба да се враќаат тенковите и луѓето таму да се молат на Господа што ќе им се случи утредента.

Јас знам дека Вие се согласувате со ова. Меѓутоа, не знам, договорот со Алија Ахмети можеби ви е многу побитен да направите во јануари коалициона Влада, па се да заборавиме. Меѓутоа ве уверувам, брзо ќе дојде гласањето и за овој документ и за бришење на македонскиот народ и за тоа дали ќе се зборува на албански, или на шиптарски, во ова Собрание, како сакате, и за тоа дали ќе се амнестира министерот кој не го повика Семи Хабиби односно не побара негова екстрадиција, а јас ве уверувам, ќе барам лично, поединечно гласање и *се* надевам дека ќе има 10 мажи овде да ме поддржат, да се гласа поединечно овде, за да види македонскиот народ во тој момент кој на која позиција стои.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За реплика се јавува г-ца Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Да бидам искрена јас не ја ни разбрав репликата.

Меѓутоа, сакам да кажам дека во ова Собрание да се биде маж не е доволно. Фала богу имаме мнозинство мажи, многу големо мнозинство, па гледаме три години Собранието по правило грешно решава за клучните теми. Затоа освен тоа што треба да бидете маж треба да имате и нешто повеќе, малку повеќе храброст, малку повеќе памет и малку повеќе знаење за тоа кога треба да се гласа, а кога не. Тој што денес бара да гласаме поединечно треба да си ги погледне листинзите на

своите гласови и претходно. Откако ќе си ги провери да дојде овде и да бара од другите одговорност. Да се биде херој и патриот денес е многу повеќе од тоа да се споменува шиптарски и да се мисли дека тоа е врвот на херојството. Да се биде херој значи да се биде херој на време, а не во невреме.

Денес, г. Петровски Вие се обидувате да звучите патриота. Меѓутоа, за да бидете патриот ќе треба да се вратите во претходните три години и да се покажете за тие грешки што сте ги направиле.

Што се однесува до конкретните забелешки околу ситуацијата на теренот, околу Рамковниот договор, навистина не можам да ви реплицирам затоа што не можам да ве следам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Реплика за г. Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Народот рекол на мака јунаците се познаваат, а не во мирнодопски услови.

Ако мислите дека сте многу паметна или попаметна од мене, еве јас ќе ви пружам рака, бидејќи очигледно вас на пиједестал ќе ве дигнат со овој предавнички говор што го одржавте, во СДСМ. Мене тоа и ми одговара. Јас сакам сите Вие да се легитимирате. А тие што се смејат тие ќе бидат коалициони партнери. И да ви кажам право воопшто не сакам да бидам во таква Влада за која Вие се подготвувате да влезете после ова што мислите да го направите.

Морам да ви кажам Шеќеринска дека јас ви се чудам. Јас можеби немам, да речеме, доволно ајкијл, каков што имате Вие, па да ве разберам. Вие многу интересни размисли кажувате. Вие кажувате некои тези кои што, како што Вие не можете мене да ме разберете, јас пак вас не можам воопшто ни да ве сфатам како сте дошле до такво размислување. Вие овде споредивте и направивте, еве да речеме, бидејќи фаќав цртички некои од пофалбата на глупоста што ја направивте Вие. Вие го прогласивте за предавство киднапирањето на четворицата војници, односно трампата што ние ја направивме. Јас ви кажав и тогаш и сега ќе ви кажам Вие сакате да се потсетуваме кој што зборувал, мислите дека Вие подобро знаете, дека за викенд сте ги читале нашите стенограми па денеска сте попаметни. Мислите дека не знаеме што сме кажале тогаш, на кој ставови сме биле, или Вие мене ќе ме прозивате тука каков сум бил овие три изминати години. Па Вие мене ме правевте и расист и ксенофоб и нацист и шовинист. Точно тој што сега дофрла од место г. Лазар Китановски на разни емисии, на радио, за време на протестите ме убедуваше дека рекетарите кои што тој ги измисли со случајот ХАРД-РОК нема да ми наштетат, дека, тоа што ми претат дека ќе ме убијат затоа што имам спротивни ставови од тогашната номенклатура, тоа не е проблем, он ќе ги контролира. Мислам, без разлика што да ви кажам денес, нема да допрам до вашата фрекфенција. Вие сте во некој етер кој неможат македонците да ги разберат. Меѓутоа, ви кажувам уште еднаш и на сите реплики ќе ви го кажам тоа, ќе гласаме поединечно, ќе гласаме за тоа како да се смени преамбулата и како да делува текстот по ново, или по ваше. Ќе гласаме за тоа дали е Македонија на заедници, на индијанци, на ескими, или е земја на македонскиот народ и на сите што сакаат тука да живеат, како што беше до сега. И многу ми е жал што не сте машко, меѓутоа, има и кај вас некои од машки род, па ќе видиме дали ќе бидат мажи, на крај кога ќе се заврши целата оваа дискусија.

(Со седницата продолжи да работи г. Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за збор се јави г. Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, со оглед на фактот дека бев за кратко отсутен, јас би сакал да ве потсетам на еден ваш став што пред два или три часа го истакнавте. Тоа е дека во однос на репликите ќе се придржувате на едно правило, а тоа е само во случај кога се прозвани личности дека имаат можност да реплицираат. Инаку ќе дојдеме во една ситуација да се блокира работата на Собранието и текот на седницата на Собранието. Бидејќи се надевам дека останувате принципиелен на таа определба што ја кажавте пред од прилика два или три часа, а со оглед на фактот што ниту едно име поодделно не беше спомнато од страна на г-цата Шеќеринска, веќе неколку реплики беа сврзано дадени, јас би ве повикал на тој прокламиран став како најавено правило за работа на оваа седница, да се повикате и да одите според списокот на пријавени дискутанти понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Господинот Чедомир Краљевски исто така процедурално сака да ни соопшти.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Иако лично сметам дека на ваквото количество омраза искажано од г-гицата

Радмила Шеќеринска, и упатено на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не треба да се реплицира, сепак не можам да и забранам и да ги повикам пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да не реплицираат, бидејќи тие генерално беа предизвикани, спомнувајќи го и користејќи ги термините ВМРО-ДПМНЕ и пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за збор се јави г. Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Сакав само да ги потсетам пратениците дека не е дозволено да се повикува на национална омраза и нетрпеливост. Тоа еден пратеник тука го направи. Се надевам дека тоа не му беше намерата. Но многу лошо звучи. Очекував некој од вас драги колеги да излезе да интервенира, меѓутоа, за жал тоа не беше така. Тоа беше процедуралната работа.

Имам една молба. Знам дека немам право, меѓутоа, еве, сакам да ви ја упатам таа молба. Расправаме за Предлог за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија. Јас ве молам, ајде да се откажеме од меѓупартиски препукувања. Овој пат да се откажеме. Ова не води никаде. Јас знам, совршено знам дека секој од нас има нешто да му каже на другиот. Дајте да се воздржиме од тоа, затоа што не е ниту време, ниту околносите тоа ни го дозволуваат. Не можеме толку комотно да се однесуваме, а расправаме за суштински работи како што е одлуката за пристапување кон измена на Уставот. Јас уште еднаш човечки ве молам. Можеме да се договориме, едноставно да се откажеме и да не шириме понатамошна, како што рече пратеникот и омраза меѓусебна и да повикуваме, таа омраза да ја упатиме кон некој друг односно некое друго племе. Времето на племињата одамна е изминато. 19-тиот и 20-тиот век е време на владеење на нации. Според тоа со тие изрази да не оперираме во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи јас имав средба со францускиот министер за надворешни работи, така беше планирано и не знам што се случуваше сега па веројатно ќе морам да ги испочитувам овие јавувања, бидејќи тоа веќе се почнало така.

За реплика се јавува г-ѓицата Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас само две реченици.

Едната реченица е во врска со омразата. Јас мислам како пратеници имаме обврска кога ќе излеземе овде да не излегуваме со емоции. Нашите емоции не се воопшто тема на дневен ред. Заради тоа кога јас излегувам и зборувам за информации, факти случувања идни или минати немојте да мислите дека тоа се емоции. Апсолутно не се емоции. А тоа што тие факти кај вас предизвикуваат емоции кои што се можеби страв, можеби срам, можеби одговорност, тоа е веше ваш проблем.

Што се однесува до тоа кој како и што изјавувал во претходните години, кој како се подготвувал за седницата, јас признавам дека се подготвував за оваа седница заради тоа што мислам дека е несериозно да не се подготвуваш. Се подготвував за оваа седница во моментот кога видов малку поинакво претходно, во моментот кога видов дека сите оние, што велам требаше денес да носат одговорност за грешни проценки, први излегоа овде и покажуваа со прст и прогласуваа виновници. Тогаш се обидов себе си да се потсетам на сето она што го зборувале и за што гласале во изминатите години. И во изминатите години, бидејќи сакавте именување, еве едно именување, да видиме на пример што сте спомнале Вие по повод Законот за амнестија од кој сега толку се ...

Законот за амнестија тогаш го браневте на следниот начин: - Овој Закон е неопходен за модерна Македонија која се подготвува за новиот Милениум. Тогаш бевте во право, или сега сте во право? Со него, на следеното од претходната власт меѓуетничка тензија ќе се изрелаксира до нормална ситуација. Повторно, тогаш бевте во право, или сега сте во право. Оваа македонска јавност има право да биде потсетена на овие факти за да не наседнува на евтините и еднодневни штосеви од типот на некои од слушнатите говори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува г. Филип Петровски.

Кога ќе заврши овој ред на реплики што веќе почнала, ќе го воспоставам оној ред што го воспоставив. Ако може еден на друг да не се обраќате туку да ги дообјасните причините зошто не се разбирате.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Еве сега ќе кажам зошто не се разбираме.

Закон за амнестија. Јас гласав за. Мислите дека ми е страм дека сум гласал за.

Вас ќе ви биде страм кога ќе гласате за, за наредниот Закон за амнестија. Тоа ве уверувам, затоа што ние Закон за амнестија направивме за да им покажеме на другата страна дека сакаме да соработуваме.

Да ве потсетам на тој Закон за амнестија Вие што ни напрвивте. Прво, вашиот претседател го вратил тој Закон, Вие не измалтретиравте толку во Собрание, не прогласивте за толку големи национални предавници што навистина рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ прв пат доживеа пад откако дојдовме на власт, бидејќи тоа беше една од почетните седници.

Да ве потсетам на нивото односно големината на Законот за амнестија во тоа време. Кого амнестиравме? Луѓе кои што, криминалци, политички затвореници кои што креваа знамиња. Вие сега ќе амнестирате луѓе кои убиваат македонски полицајци и војници. Одвај чекам да дојде тој момент во кој момент Вие ќе се оправдате со тоа што ние сме пуштиле на слобода некој кој што бил во затвор за проблем кој навистина бил политички и голем, не минорен. Кога Вие ќе треба да ги амнестирате убијците на македонските синови, оние кои што се погинати сега славно за Македонија кој Вие во вашиот говор од два часа не ги спомнавте ниту во еден момент. Многу ме интересира како без емоција тоа ќе го направите, затоа што, јас морам да ви кажам дека политиката ја разбирам исто емоции, а јас не знам вас во која школа ве извадија вака без емоции да можете да разговарате и да поминете преку било кои проблеми, се да изгазите и згора на тоа да изигравате и да продавате памет овде, бидејќи, нели, Вие се знаете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам дека работата ќе земе лош тек, ќе почнат и лични кавги.

Ве молам држете се само за темата што ја имаме и само да се дообјаснат погледите.

Реплика за г-цата Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Со овие емоции повеќе дома настапувајте, помалку на Собрание. Тоа е моја сугестија. Исто така повеќе дома а помалку овде искривувајте ги фактите затоа што лажете околу тоа што сум споменала.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте и мерете ги зборовите што ги кажувате.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Не ја кажавте вистината за тоа кого јас сум споменала односно не сум споменала во моето излагање. Меѓутоа, бидејќи веќе го отварате прашањето на амнестијата кој што ќе дојде овде само ако претходно вашиот премиер, односно претседател на партија го даде предлогот. Тогаш, интересно е како Вие заборавате дека, кога зборувавме тогаш за Законот за амнестија една од нашите тези беше дека денес давањето слобода на некои кои што според вас биле политички затвореници, а според нас беа затвореници затоа што не ги почитуваа законите и Уставот, како ќе се одрази утре на безбедноста во Македонија. Тогаш Вие мислевте дека знаете се и дека ништо не може да се испречи на патот на вашата проектирана иднина. Меѓутоа, денес Вие имате проблем, треба да направите проценка колкав дел од тие убијци на македонски синови, што ги спомнувате, се од оние кои Вие ги ослободивте, според Законот за амнестија. Знаете ли тоа? Дали знаете колкав дел од убиените македонски војници и полицајци се резулат на Џавит Хасани и Фазли Велиу, за кои што Вие гласавте. Немојте сега да се нервирате. Тоа е ваша грешка, не е е моја. Кога ќе процените колкав дел од тие жртви се директен или индиректен резултат на тоа што не мислевте три години, тогаш ќе дојдете овде и ќе барате други виновници. Се до тогаш македонската јавност ќе смета дека вие сте еден од нив.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе се потрудам да зборувам без емоции, инаку емоциите се составен дел на секој човек, барем оној што има душа во себе, а оној што нема е сосема друго прашање. Додека ние се расправавме случајно се завртев и ги видов албанските пратеници како ни се смеат. Морам тоа искрено да го кажам и да им честитам за нивното албанско единство кое ние како Македонци никогаш нема да го имаме. Треба да ни служат за пример, а не ние си ги копаме очите едни на други, очигледно г. Црвенковски вашите пулени не успеавте да ги дисциплинирате. Очекував дискусија во едни нормални рамки каде ќе имавме прилика да слушаме што е она што значи критика, што е она што го направивме како пропуст. Но, да се говори со омраза од дното на душата, заборавајќи притоа на вашето шестгодишно владеење кое беше повеќе од криминално, во моментот не можам да направам ретроспектива, но има милион примери, почнувајќи од финансиски афери, сомнителни самоубиства и.т.н.

Не сакав да се јавам на оваа седница, но мора да одговорам на некои дилеми, поточно некое прашање за кое г. Шеќеринска вели дека ВМРО цело време ги импутира на СДСМ, конкретно од тие 150 илјади државјанства што го нарековте фалш приказна, па тие

државјанства се дадени меѓу двата изборни круга за Киро Глигоров. Јас сакам да повторам за да слушнете, не беа 150, туку 180 илјади државјанства кои Вие ги подаривте. Заборавате притоа да кажете дека 1999 година беше косовската криза, дека периодот на вашето владеење немаше поголеми потреси на Балканскиот Полуостров, дека Косово е сосед на Македонија и дека дел од кризата е прелеана тука. Она што се случи со војната во Македонија прашање е дали било која друга македонска Влада би можела да го спречи. Може да се работи за една голема игра за која ќе имаме време да проговориме, јас сум пријавен како дискутант, има доста интересни размислувања кои треба овде јавно да се обелоденат. Странски видувања, поавтентични, понеоптоварени.

Околу амнестијата после судењето на некои од актерите на паравојската г. Глигоров како тогашен претседател после два месеци имаше места во кои дел од учесниците на паравојската ги амнестирше. Исто така податокот треба да го проверите, а не да обвинувате цело време. Велите дека ги ставате државните интереси над партиските. Па вие овде час и половина ни држите тирада за СДСМ како партија која мора да владее во државата и таа е една единствената, на што моите колеги реагираа вака жучно сигурно ги погоди она што како неправда го пласиравте овде, без чувство на одговорност, без да звучи малку патетично, без трунка на некој македонски патриотизам. Ако си ги вадиме очите не мора секој да не гледа како си ги вадиме.

Околу вашата Влада епилогот го видовте 1998 година. Ако бевте идеални ќе ве избереа по втор пат, ќе видиме сега на изборите колку ние како партија заслуживме да останеме или славно или неславно да си отидеме. Но не сте Вие тие кои ќе судите, нека суди македонскиот народ. Ќе задржам некои работи за дискусијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г. Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Ќе разберев можеби дел од вашата дискусија доколку помислив дека не бевте тука во петокот на седницата на Собранието и доколку не бевте присутен во текот на дискусиите на првите двајца говорници од ВМРО-ДПМНЕ, дали тие го промовираа принципот на кооперативност, дали тие ширеа позитивен дух, дали тие зборуваа за соработка помеѓу македонските партии. Јас веќе еднаш ви спомнав во мојата дискусија дека во моментот кога видов дека апсолутно не постои желба, барем кај тие кругови на ВМРО-ДПМНЕ да се зборува отворено за проблемите и пред се за решенијата, тогаш мислев дека е наша одговорност меѓу другото, да ги потсетиме на нивната одговорност. Затоа не може да станува збор ни за дисциплинирање на пулените заради тоа што прво треба да ги дисциплинирате своите т.н. 150 илјади државјанства помеѓу двата круга да не ги дискутираме понатаму. Ако се докаже дека е така како што Вие велите ќе ја отвориме дискусијата, но што ако се покаже дека тоа што го зборувате е целосна невистина, како што е. Вие, тоа да беше точно, требаше да го извадите пред македонската јавност три години откако сте на власт и некој за тоа да одговара заради тоа што било незаконско.

Да се зборува дека шест години додека СДСМ била на власт дека немало посериозни потреси на Балканот значи или да не сака да се гледа на вистината или да не се познава вистината. Ние имавме војна во сите бивши југословенски републики и граѓанска војна во Албанија во која се украде огромен број на оружје и тоа оружје го проблематизира регионот.

Јас се согласувам со вас дека можеби ниту една влада немаше да може да го спречи она што ни се случуваше денеска. Тоа е во доменот на шпекулации и анализи. Меѓутоа останува напишано на хартија и тоа е тоа што боли, дека имаше информации дека ова ќе се случи и дека имаше предвидувања и дека имаше бројки и никој во оваа држава не се занимаваше сериозно со тој проблем. Премиерот секој пат ги отфрлаше таквите информации како шпекулации и сонови на опозицијата. За тоа Вие денеска носите одговорност. Заради тоа што избравте да бидете слепи.

На крајот СДСМ апсолутно не мора да владее во оваа држава, меѓутоа, ако се продолжи вака како што тера ВМРО-ДПМНЕ, ВМРО-ДПМНЕ не смее да владее.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави госпоѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, навистина немав намера да одговарам на бројните шпекулации и инсинуации и невистини кои овде беа изнесени и изречени на моја адреса, на адресата на сите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ не од причина што за нив немам аргументи или одговор, напротив, сметам дека денешното мое присуство на седницата и на сите нас

треба да одговори на задачата на ова Собрание да најде излез од кризата во која сите сме втурнати и дека висината на нашата задача е многу повисока отколку она што беше речено овде.

Исто така, верувајте ми, немам во себе толкав степен на омраза колку што г. Шеќеринска го имаше во овој момент овде и спрема нас дури и да сум во најголем тек на предизборна кампања кога треба да се одлучи дали ВМРО-ДПМНЕ или СДСМ ќе биде на власт.

Таа рече дека зборува без чувство, меѓутоа, јас навистина ја жалам ако чувството на омраза е нејзино постојано чувство. Од друга страна и завидувам. Таа два пати повтори дека нема чувство на страв, на срам, на хендикеп, дека е горда и дека со мирна совест денеска може да гласа на оваа седница. Јас немам чувство на страв од причина што не сум направила никаков криминал, не одговарам за никаква валкана ниту војна ниту за никакво нечесно дело со кое сум се соочила во текот на мојот пратенички мандат. Меѓутоа, морам да ви кажам мене денеска ми е срам што сум пратеник и што после оваа валкана војна јас мора да одлучувам за судбината на 100 илјади луѓе без оглед на нивното потекло дали се Македонци или етнички Албанци кои во овој момент се раселени, кои имаат разурнати домови и кои, за жал, не можат да се вратат во своите огништа.

Од друга страна немам нечиста совест, меѓутоа, морам да ви кажам дека секоја вечер размислувам каква ќе биде мојата совест кога ќе го притиснам копчето за или против по повод Рамковниот договор.

Ние, почитувани пратеници, македонски граѓани на оваа држава, притоа не мислам само на македонците, мислам на сите оние кои живееме во Република Македонија. Ја немавме ексклузивната моќ да учествуваме во градењето на Охридскиот рамковен договор односно се она што денеска го имаме, меѓутоа, драго ми е што денеска имавме ексклузивна можност да чуеме еден претставник и директен учесник во градењето на Охридскиот договор.

Според тоа, јас нема да говорам за неединство или не, тоа имавме можност да го слушнеме, наспроти цврстиот став на албанскиот преговарачки тим, бидејќи овде беше борбата за македонската и албанската кауза, имавме можност да ги слушнеме стартните позиции на македонскиот преговарачки тим. Затоа македонски народе нека не не чуди што сите нас овде не пречекуваат бројни граѓани кои што во недостиг на информации, што од чувство за загрижност за сопствената иднина, нас, после валканата војна во Република Македонија, не нарекуваат срамни капитуланти со тоа што ќе гласаме за овој договор. Народот, после сето ова, барем ќе знае на која адреса треба да ги упати сите тие работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само еден момент господинот Анушев бараше една деловничка интервенција. Во овој загреан амбиент пропуштивме да му дадеме можност да интервенира.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Неколку дискутанти пред мене го кажаа тоа што имав јас да го кажам, меѓутоа навистина незгодно ми е да не го кажам затоа што излегов и на говорницата, па ќе мислат колегите дека правам глума.

Има доста пратеници овде во Парламентот што не учествувале во овој договор, јас имам подготвено дискусија, мислев да почекам од колегите кои биле таму од пратеничките групи кои имаат информации за овој договор како е направен и што е заднината на овој договор и дека од тоа ќе извлечам заклучок како ќе гласам и што можам да дискутирам. Во досегашните дискусии од вчера и денеска мислам дека тоа го нема и ги молам колегите, видете како албанците ни го гледаат сеирот, паметни се, после пак ќе ни биде криво на крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Илјаз Халими.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги ние како пратеници моментално се наоѓаме на една голема раскрсница. Од нас ќе зависи кој пат треба да го избереме, дали ќе одиме по патот кој води кон мирно решавање на кризата, по патот кој го гарантира зачувувањето на унитарниот карактер на државата и целосниот нејзин интегритет и суверенитет или ќе одлучиме за поинакво решение кое не гарантира успешна разврска на кризата, не гарантира сигурност, безбедност и иднина на граѓаните и на самата држава.

Јас сметам дека овој Рамковен договор иако не е идеален сепак нуди позитивно решение за надминување на сегашната тешка состојба и обезбедува траен мир и спокојство во оваа држава.

Факт е дека одредени граѓани, граѓански групации му се

спротивставуваат на овој проект, но убеден сум дека тие не се добро упатени за се што содржи Рамковниот договор. Овие граѓани се поттикнати од одредени јавни личности кои си зедоа за право да го толкуваат постигнатиот договор на начин како ним им одговара. Значи, му даваат негативна конотација. Според нив, со уставните промени од една страна губат македонците, а од друга страна како да добиваат албанците.

Според овој договор точно е дека се унапредуваат некои права на албанците, но не на штета на некоја друга националност, а најмалку на штета на македонците. Рамковниот договор за албанците не предвидува никакви посебни права од оние што тие ги уживале пред 1990 година.

Правото за употреба на албанскиот јазик во Парламентот беше предвидено со членовите: 58, 59, 60 и 61 од стариот Деловник за работа на Парламентот. Овој деловник беше донесен врз основа на поранешниот Устав на Република Македонија.

Што се однесува до децентрализацијата на централната власт ова не се прави посебно за албанците или за некоја друга националност, туку затоа што тоа го бара Европската Унија, а целта е општините да имаат поголеми компетенции за поуспешно функционирање. Ова важи за цела Република Македонија, а не за некои посебни општини каде што како мнозинство живеат албанците.

Исто така за прашањето кој ќе биде шеф на некоја подрачна единица на Министерството за внатрешни работи постои една процедура, но на крај пак одлучува Владата и министерот.

Православната црква беше и ќе остане и понатаму во Уставот. Промената на членот 19 е во тоа што кон Православната црква се приклучуваат и другите верски заедници, што е сосема нормално, во една мултиконфесионална држава.

Од ова што го кажав јасно се гледа дека албанската страна за време на преговорите се откажа од неколку поранешни ставови и барања. Се откажа од барањето за воведување на потпретседател на државата - Албанец. Се откажа од тоа албанскиот јазик да биде службен, покрај македонскиот јазик на цела територија. Се откажа од консензусот за сите закони, одлуки и други решенија. Се откажаа од локалнта полиција и од некои други барања кои, според мене, како такви и кога би се прифатиле во ниеден сегмент не би ги загрозиле интересите на македонците ниту на самата држава. Но, сепак ние направивме компромис со овие прашања кои ги спомнав по инсистирањето на Меѓународната заедница и македонската страна, се со цел кризата да се надмине, да нема и понатаму војна и други жртви, ранети и разурнати индивидуални и општествени објекти.

За овие шест месеци се случи тоа што се случи, а тоа за сите нас е познато. Не сакам за тоа да зборувам, но можеше да биде и полошо. Свежи ни се сеќавањата на сликите во Хрватска, Косово, посебно во Босна каде имаше 200 илјади жртви, само во Сребреница 10 илјади. Над 400 илјади раселени лица за време на тригодишната војна. На крај седнаа пак на маса истите тие кои војуваа и се договараа како и понатаму да живеат пак заедно. Ова значи било што да се случи, мало или големо зло, во една мешана заедница, од масата нема бегање. Разликата е во тоа што ако злото е од поширок размер, болката е поголема. Шансите за заеднички живот се уште потешки. Меѓуетничката доверба ќе се сведе на нула и така ќе ни треба децении и децении да се воспостават нормалните меѓуетнички и верски односи и тоа секогаш во присуство на Меѓународната заедница.

Токму поради ова јас апелирам до сите пратеници без разлика на која партија припаѓаат, да ја прифатиме иницијативата на Претседателот Трајковски за промените во Уставот на начин како што е предвидено во Рамковниот договор.

Со овие промени да ги затвориме сите отворени досегашни битни прашања кои до сега не следеа и да се вратиме кон други прашања поврзани со економскиот развој и просперитет на државата, кон подобрувањето на секојдневниот живот, со подигањето на стандардот на сите граѓани.

Со овие промени Република Македонија ќе го скрати, за неколку години, времето за побрзо вклучување во Европската Унија и НАТО.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:** (Продолжение)

Почитувани колеги, да бидеме потолерантни еден кон друг, кон посебностите што ги имаат припадниците на другите националности со кои живееме. Судбината ни е таква на ова мало парче

земја да бидеме и живееме заедно мешани, но ова воедно претставува и богатство за една држава. Дали ќе имаме добар живот, траен мир, соживот и стабилност, се зависи од нас, од тоа како ќе се договориме. Овој Рамковен договор го обезбедува тоа. Обезбедува крај на војната, обезбедува подобра иднина за сите нас, а што е најважно ја спасува Македонија од секаков вид кантонизација, федерализација или нејзино отцепување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Воислав Стојановски.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, мислев малку поинаку да го отпочнам мојот говор, меѓутоа, како се разгори тука ситуацијата, и омразата од некои пратеници од СДСМ кои беа упатени кон пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, а потекнуваме од иста националност, јас не би го препорачал тоа на госпоѓицата дури со такви зборови да се упатува кон било кои други националности, во овој случај ни против националноста на албанските пратеници, ни против ромите, бошњаците и другите кои ги имаме тука и народот кој не слуша.

Затоа, ќе потсетам на она што пред малку потсети и господинот Илија Лазаров, цитирајќи еден дел од една моја песна. Ќе го потсетам и него, и јавноста и пратениците дека токму таа песна се вика "Дојде ден да се сплотиме", а испеана е уште 1996 година. На тие што ја знаат им е познат текстот и не би сакал сега цела песна да ја испеам тука. Меѓутоа, очигледно и после пет години гледам дека сеуште не е дојден денот да се сплотиме.

Затоа, ја користам оваа прилика, иако досега се двоумев дали бев во право кога не гласав за оваа Влада - широка коалиција, затоа што не верував во македонското единство. За жал, верував во албанското единство. Верував дека тие ќе се сплотат во овие вакви моменти, а додека другите влегуваат со намера само да искористат некое благодети од власта кои додека беа на власт им беа многу добро познати и тоа веднаш се виде на дело, а не верував никако во единство.

Кога беше поставено прашањето на нашиот Централен комитет дали да одиме на широка коалиција, јас бев упорен да не се случи тоа, бидејќи цело време сум меѓу народот и отприлика знаев дека ќе дојде до ова. Во тој момент на моите колеги им го цитирав Мајскиот заправо Виенскиот манифест, што се случи после тој договор - Македонците се испотепаа меѓу себе, после враќањето во Македонија. Не сакам и овој пат да бидам во право, сакам да не бидам во право, не сакав тоа овој пат да се случува, меѓутоа се случи. Се случи и дојде до оваа коалиција, која по мое мислење не дотера до оваа ситуација, иако мислев дека сигурно со таа коалиција што ја имавме тогаш побрзо ќе излезевме на крај со кризата, отколку ова што ни се случува сега. Меѓутоа, се случи. Се случи во Охрид да преговараат нашите лидери, 45 дена или не знам колку беше, меѓутоа, беа прекршени неколку принципи кои мене ме колебаа дали воопшто да присуствувам на оваа седница или не. (Пратеникот Даневски во меѓувреме се приближи до претседателот Стојан Андов и нешто му зборува).

Ќе ве молам господине Даневски, ако сакате дојдете на место да ме слушате, можеби ќе имате нешто да ми реплицирате. Иако додека траеше тој договор секојдневно се заземаа нови територии, терористите заземаа нови македонски територии, владееја на тие територии. Владеат и сега иако некои не убедуваат дека нема војна, јас чувствувам дека има војна. Прашајте ги тие 60 - 70 илјади луѓе што се избркани од дома дали има или нема војна, дали тие можат да си појдат дома, од било кое етничко потекло да се, дали можат слободно да си појдат дома, дали пратеникот од Охрид и јас од Кичево можеме да дојдеме во Собранието по нашиот нормален пат преку Гостивар, Кичево и Тетово за да дојдеме во Скопје, дали оној од Гостивар мора да врти преку Кичево, па преку Прилеп и Велес да доаѓа ваму. Дали тоа не е војна и дали тоа е слободна територија, и дали под такви услови воопшто треба да заседава овој Парламент и да се убедуваме дека се е вред, ако не биде прифатен овој Рамковен договор ќе биде војна, иако по мое ова е војна. Имам повеќе да зборувам околу тоа, меѓутоа, ние сепак се определивме демократскиот повеќе партиски модел да биде основа на уредувањето на Република Македонија. Уставот и законите на земјата се единствените извршни рамки на нашата определба, па се што се прави надвор од тие рамки е против законито и против нашите определби. Во Уставот и законите никаде не стои дека за судбината на Република Македонија и Македонскиот народ може да одговара, приговара било каква група на граѓани, без разлика на нивните функции.

Уште еднаш да потсетам дека прифатив да дојдам на оваа седница која Вие ја закажавте верувајќи во вас, кога ве

слушав во Крушево кога зборувавте - ќе ја почнам дебатата по повод Рамковниот договор во оној момент кога на нашата територија нема да има ниту еден терорист, кога да пукаат пушки, кога нашите ќе бидат вратени во местото на живеење во своите домови. Кога велам нашите мислам воопшто и Македонците и Македонските Албанци кои се иселени од своите огништа од било какви причини. Меѓутоа, вие се обидовте нешто да сторите во изминатите два дена, поточно за викендот, да ја присилите Меѓународната заедница и НАТО да помогнат во тоа што вие го ветивте. Дали од тоа нешто е сторено, не верувам, меѓутоа, како и да е, тука сме.

Рамковниот договор што денес го имаме пред нас се претпоставува дека ќе среди некои важни прашања во државата и дека како што некои велат неговото усвојување ќе го донесе мирот. Залагајќи се за мир, се разбира, имам потреба да го искажам своето размислување и својата резерва кон убедувањето дека токму тој документ ќе му даде шанса на мирот. Напротив, сметам дека со усвојувањето на Рамковниот договор вака како што сега е поставена работата, ќе немаме можност во блиска иднина да функционираме како држава, уште помалку како правна држава. Ќе ги наведам моите аргументи за ваквото тврдење.

Со промена на преамбулата не се согласувам и сметам дека се прави катастрофална грешка што од Уставот се брише името на мнозинскиот народ односно на Македонскиот народ во оваа држава. Народот што всушност ја создаде и сеуште ја создава и тоа заради насилниот притисок на едно малцинство во државата и нивните потпомагачи. Тврдам дека со досегашното подвлекување на името на Македонскиот народ во преамбулата државата не беше помалку граѓанска, а и отсега нема да биде повеќе граѓанска. Единственото нешто што се добива со оваа новина, предложено во Рамковниот договор, е губењето на идентитетот на Македонците. Тоа е неприфатливо. Каде Македонскиот народ, во чија држава, во која држава може да се вика Македонски народ ако не тука. Сите други народи, народности или националности, како да ги наречеме, сите си имаат свои матични држави каде што се викаат Албански народ, Грчки народ, Бугарски народ, Српски народ, сите си имаат свои места каде ги ословуваат со народ и каде самите се ословуваат со народ. Само Македонскиот народ ќе остане без своето име. Ги жалам сите наши иселеници кои работат и живеат во странство, како тие ќе се чувствуваат и под кое име ќе се викаат, граѓани веројатно од некоја си држава Траѓанија".

Како второ сакам да го подвлечам јазикот кој за мене меѓу нас и етничките албанци кои живеат во Македонија беше единствениот мост во едно општество, прв фактор за интеграција е токму заедничкиот јазик. Има држави кои и нешто друго ги поврзало, меѓутоа, тоа кај нас го нема. Новото решение води кон дезинтеграција. Јас би сакал да бидеме сите подеднакви граѓани. Тоа сум го тврдел на многу места, при многу мои настапи дека сакам единство, сакам еднаквост, сакам сите да бидеме граѓани, меѓутоа исто толку сакам да бидеме и лојални граѓани исто на оваа држава, како во однос на своите барања кон државата, така исто и во однос на обврските. Ако јас ги почувствувам жителите Албанци кои живеат во Македонија дека се чувствуваат како Македонци дека тука од говорницата секое нивно излегување на говорницата нема да биде "ние Албанските пратеници", како да се тие дојдени од Тирана тука, да ги слушнам да речат "ние Македонските пратеници од албанско потекло", јас сум тој што ако треба и за претседател на држава би гласал за претседател од албанско потекло, ама да тврди дека оваа држава навистина ја чувствува како негова, исто како што ја чувствувам и јас. Меѓутоа, не можам во тоа да верувам затоа што ќе повторам уште еднаш, еве овие три години, иако пред тоа ги слушав но овие три години јас нив не ги слушнав да изговорат збор дека се тие Македонски пратеници, туку напротив на секое нивно излегување велат "ние албанските пратеници", а за мене во овој Парламент сите се Македонски пратеници, било од која вера или нација да потекнуваат.

Поради овие причини немам баш некоја доверба во лојалноста на албанското национално малцинство кон Македонија. Кога реков дека треба да се почитуваат и барањата и обврските, непочитувањето на законите не води кон лојалност, не е лојалност. Да речеме, еден потписник на овој Рамковен договор, при самото негово потпишување, првата изјава, иако стои во договорот дека за меѓународни контакти ќе биде македонскиот јазик службен јазик, првата негова изјава ја даде на албански јазик и јас не можам во тој човек да имам верба дека тој ќе ги почитува и натаму законите и Уставот на Република Македонија. Или екстрадицијата, нечија кривична одговорност се брани со наводно

непочитување на правата на Албанците, заложба за права, но не и за обврски.

Гледајќи го разоружувањето како божем на една третина од оружјето што го поседуваат албанските терористи, дали таа една третина биле 1100 или не знам колку, воопшто не е битна бројката, ќе видиме дека 70 - 80% од нивното оружје се стари експонати и со право господинот: директор на музеите во Скопје бара НАТО да му го предаде, бидејќи тука има многу оружје што потекнува од Отоманското ропство и ќе ни ја збогатат збирката. Меѓутоа, целта на изнесувањето на овој податок не ми беше тоа. Целта ми е како баш кај албанското население има толку старо оружје. Не е ли тоа стара стратегија за доаѓање до ова сега. Не е битно дали пукаат од тоа оружје, бидејќи како некој што рече и тоа оружје пука и тепа. Видете, и камен тепа. Јас се сеќавам имаше во "Верувале или не" со обична прачка дете има соборено хелихоптер. Така и некни погина, со камен велат, војник од НАТО. Меѓутоа, сепак тоа говори за некоја стратегија. Сигурно не за традиционална љубов кон оружјето. Ако е традиционална љубов кон оружјето, тогаш нивното неплаќање на даноци, една личност од Министерството за финансии ми кажа дека Валандово има поголем процент на плаќање даноци од Гостивар. Замислете, доаѓаме до тоа дека тие што имаат традиционална љубов кон оружјето, исто така имаат и традиционална љубов кон парите, па не ги даваат во државата. Ниту еден договор не е гаранција за нешто што треба да се изврши, ако се нема добри намери, добра волја. Многу сознанија укажуваат дека Албанците барем засега немаат добри намери, мојата доверба кон нив е сосема нарушена, зашто со ништо не покажаа дека навистина ја сакаат оваа земја и се подготвени да бидат нејзини лојални граѓани.

И денес, во изминатите месеци кога многу наши војници и полицајци починаа за татковината, за вистината, за сопствената чест, гордост и образ бранејќи го Уставот и интегритетот на РМ не е јасно зошто гинат албанците. Не гинат албанците за Македонија сигурно. Нив и досега ги има и повеќе од оние што мнозинскиот народ ги имаше.

И на крајот за оние што прашуваат како ќе гласаш и што ќе гласаш. Дали ќе гласаш за, или не. Ако гласаш против си за војна, ако гласаш за овој Рамковен договор не е сигурно, меѓутоа сепак е од злото најмало. Тоа е исто како со тој што го носел пиштолот за недај боже, за зло време, па и тогаш не го употребил. Јас не сум за тоа. Не сум за војна меѓутоа не сум слушнал сеуште во светот дека се измислени куршуми само за тепање на македонци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г. претседателе, колеги пратеници, неможам да кажам дека немав намера да говорам по овој предлог за изменување на Уставот на РМ, меѓутоа во текот на дебатата нешто во моето сваќање сепак се измени за причините со кои ќе настапам овде да ги изнесам по однос на предлогот за изменување на Уставот.

Дозволете ми во основа прв пат по едно пишано правило да ги истакнам само причините за кои ќе говорам и за секоја од неа посебно ќе се изјаснувам.

Прво ќе биде процедурата за пристапување кон амандманска измена и дополнување на Уставот и донесување нов Устав.

Втора причина за појава на иницијативата и Предлогот за измена на постојниот Устав.

Трето ќе биде т.н. меѓу правниците прашање кога за нешто да се донесе одлука дали има или нема влијание одредена појава или одреден настан или одредено очекување на одлука од друг да се пристапи кон одредено решавање на проблемот.

Нормално треба да дојде и ќе дојде мојот став по предлогот.

Последното ќе биде правни последици од склучување на Рамковниот договор односно од иницијативата сега предлогот за изменување на Уставот на РМ во согласност со Рамковниот договор.

Колеги пратеници процедурата околу донесување и изменување на Уставот е децидно предвидена во три члена на Уставот и тука нема што повеќе да измислуваме. Беше прашање дали ќе треба да седниме да се работи, за иницијатива, или за предлог. Во текот на дебатата и изјаснување и пристапување на ставот што го има во писмениот предлог и завчера кога настапи претседателот на државата се работи за предлог за амандманска измена на Уставот на РМ во смисла на Рамковниот договор Тука немаме никакви причини бидејќи се утврди дневниот ред и ние денеска работиме по тој дневен ред и :за прифаќање или неприфаќање на Предлогот за измена и дополнување на Уставот на РМ. Значи дојдовме до еден момент каде е се

прифатено и сега треба да видиме што не доведе ова да го направиме.

Вообичаено и по правило има неколку основи кога се пристапува кон изработка на нов Устав или амандманска измена на Уставот. Дали се тоа временски услови, дали се тоа создадени економски политички или други услови за негово иземнување и дополнување, па се категоризираат.

Првото, кога се говори за развој, тоа е за развој на демократските процеси и усвојување на корпусот за збогатување и заштита, правната заштита на слободите и правата на граѓаните.

Вториот услов е кога една политичка групација или етничка групација, било кој ќе се стремат да дојдат на власт, или ако ја изгубиле власта да се вратат на неа па прават повеќе планови кога тоа ќе го направат.

Четвртиот односно третиот момент се воени причини.

Јас колеги пратеници сум поборник за првиот основ, кога се работи за заштита на правата и слободите на граѓаните и кога се збогатуваат демократските принципи и развојот на демократијата. Тогаш се води основна сметка дали промените што ќе дојдат во уставот се промени за збогатување на начинот наживеење. Дали се почитуваат основните права на човекот кои ги има. Дали се нарушени, дали со постојното уставно решение се ограничуваат или се злоупотребуваат некои права. Јас сум ако има таква појава тие да се заштитат. Тоа е мојот корпус и видување како уверување на промените на Уставот.

За жал оваа иницијатива е најмалку последица на таква работа. Зошто? Ние пред да дојде таа ниту имавме формално, ни вербална ни било каква иницијатива од било кој од овластени предлагачи. Ако немаше по број од тие што се овластени неможе да се каже да немало, има секоја групација, ако не се пратеници, Влада и претседател на државата, имаме 150.000 граѓани. Од ниеден од овие предлагачи немаше предлог. Одеднаш се створи воениот ефект. Дали сега воениот ефект е основ за разрешување на прашања кои имаат заштита на права и слободи на граѓани.

Прво, што се нарушува со војната? Се нарушуваат правата и слободите на граѓаните. Доаѓа до раселување, палење, убивање, разделување на семејства, раселување на дух, создавање на нетрпение, нарушување на довериeто кое се создавало со векови, или неколку години. Една критична секунда ако се создаде доверие и тоа се нарушува. Значи, основот за промена на Уставот ако се воените причини е многу лош основ. И сега некој вика не е, некој вика да. Меѓутоа, сега ќе набројам што доведе до ова.

Колеги пратеници јас несакам да го именувам кој се јавуваше со повеќе планови - А, Б, В, Г, Д... Ш и таму кој знае што уште има. Сите се применија. Се прашувам дали планот Ш на таа политичка група не беше војна и промена на Уставот да се јават како заштитници на нацијата и на единствено решение. Ако е вакво размислувањето тогаш се прашувам зошто направивме вакво зло на државата? Зошто? Зошто да имаме сега, било како се гледавме, се почитувавме, јас овде ќе употребам прв пат име и презиме во мојот говор бидејќи така одлучив да говорам. Ќе го земам за пример Шакири, кој потекнува од мојот крај. Со него одевме секој ден и се враќавме од Куманово. Дозволував со мое возило, и државно, службено и мои лични возила да го однесат до Отља. Сметав дека се создава доверие, се гради заедницата на живеење. Се градат мостовите за разбирање, да можеме многу подемократски да одлучуваме, да можеме да се разбереме како луѓе. Одеднаш од таква блискост, од такво сознание тој се одметна. Каде отиде? Тој кажува каде е, ние сите незнаеме. Одеднаш се јавија некои толку слободни, независни медиуми да ме прашуваат каде е мојот пријател Шакири. Тие медиуми сега пропагираат дека Томислав Стојановски е тој што несака да го прифати Рамковниот договор. Значи гради доверие, лошо е? Прашај го зошто го изигра довериeто, пак е лошо. Ги прашувам г-дата од план 1, 2, 3 и 4, да не ги повторувам буквите, г-да само ќе се вратиме малку, некој ни говореше како да се потсетиме.

Настанот во Арачиново минатата година многу убаво се сеќавате, некој од овде говореа кога паднаа тројца полицајци мртви, говореа со несмалена жестина и упорност. Разберете г-да тие луѓе што се затворени односно притворени, тоа оружје што го има полицијата и таа евиденција не е со кое се убиени полицајците. Па како некој ќе знае пред полицијата кој е извршител, кое оружје и која муниција е. Има вистина тие луѓе, јас стојам до одлуката на судот, водат постапка како одлучил, нека одлучи, има повисока инстанца, дали јавниот обвинител ќе користи право на жалба или не, тоа е негово право, само ги добија на тие што имаат планови нивните луѓе, нивните адвокати, ги добија да ги бранат и

навистина смело ги одбранија затоа што имаат претходен доказ дека тоа оружје и тие луѓе и таа муниција не се. Па мене некој ме прашува дали не кажавте вие дека ова е среќна или несреќна околност. Дали Тајван е лоша или добра околност? Јас за Тајван говорам отворено. Јас сум единствениот кој од тогашната коалиција гласаше против таа одлука. И сега не сакам да бидам ниту херој дека сум бил предвреме, или другите биле во право. Моето уверување тогаш беше дека таквиот потег е погрешен. Значи, да задржам право да кажам и друг пат кога ќе сум слободен дали нешто е погрешно или не е. И г-да ваквите односи лошо ќе ни направат.

Сега го нарушивме довериeто, а основен принцип во едно општество е да се гради доверие без разлика дали е нација, боја, вероисповед или незнам што. Се бара доверие во едно семејство, а не во ваква заедница. Дали сега ние не го нарушивме довериeто. Јас велам го нарушивме довериeто. И сега ако се јави некој херој да вика не, ова е единствено решение, па г-да кажете ми дали се лечи последицата или причината. Ако е причината зошто сега ја лечиме последицата. Ние треба да одиме на доверие. Оние луѓе таму, од наша држава биле четворица односно петмина. Олеснувачите што дошле имале намера да помогнат, дали на една или на друга страна, или независно, тоа ќе го оставиме настрана. Тие нашле напори тоа да го направат. Кажете ни сега овде меѓу тие луѓе како ќе направиме да ги решиме најболните прашања. Немаме одговорност на оној кој дигнал пушка, се заштитувал преку демократски процеси, со права од политички карактер. Зарем убиството е право од политички карактер или не? Оние луѓе го направија овој документ. Тие се договорија да излезат овде пред нас. Значи политичкиот момент и политичкото решение е тој Рамковен договор, а не нивното сваќање. Тие имаат политичко чувство дека така треба да биде. Значи бараат едно разрешување. Тие не заклучиле договор со обврска на Собранието. Тие заклучиле обврска - политичка норма како ќе се обратат на Собранието. И сега ние треба да бидеме апсолутно слободни, ниту да викаме договорот нечини, ниту договорот ако не го прифатиме ќе предизвикаме војна. Зошто го велам ова. Ако викаме ќе предизвикаме војна, затоа реков г-да многу тешко е кога ќе се земе причина за изменување на Уставот или негово дополнување воена причина. И ние овде значи пак се вративме. Бегаме од војна, ќе биде многу лоша, а имаме воена причина. Г-да, дајте причината да ја симнеме, нејзе да ја нема. А тоа е да изградиме доверие. Сега сакам да кажам што тоа предвидува.

Некои доаѓаат овде и велат каде е решението, каде е решението? Решението е да си го вратиме довериeто. Довериeто не се постигнува само помфлетно и остарува. Довериeто се постигнува и остварува со комплетни дејствија. Во Рамковниот договор стои дека неможе силата да биде основа за преговарање и изменвуање на Уставот. Ние до ден денеска најмалку што имаме е да немаме насилие. Да немаме сила, да немаме војна, да немаме раселување, да немаме казнување. Дали овие причини ќе можат да не одведат да се усогласиме. Јас стојам на стојалиште дека не. Затоа секогаш велат дека времето е фактор кој носи добри одлуки, добри решенија, добри последици од тоа. Можат да се предвидуваат вакви рокови само ако се воени причини. За воени причини г-да јас не сум согласен да гласам. Ова јасно го викам, а за демократски принцип ако ми се даде можност да се вратат сите раселени луѓе, да се тргне оружјето, оној кој се огрешил ако останал анонимен, неможе да се види кој е, која му е одговорноста, до каде е, тој знае во душата, за себе се е во ред, ама за општеството е лош човек. И нормално е. Сега ги застапува интересите на албанците во Македонија, за нив јас ги разбирам дека тие се херои, меѓутоа имаме еден основен принцип во животот на овој свет, а тоа кој е принцип дека малцинството односно помалото бара да се вклопи во средината. Никогаш средината не се вклопува на крајот. И тука треба да се убедиме, тоа е нашата идеја. Тоа е нашето видување. Кога ќе се направи таков однос значи има, сме погрешиле, постојат грешки и политички полесни, биваат вакви, онакви, ама ќе бараме начин тогаш што ќе жртвуваме за да се добие добар однос и добро живеење. Тоа ќе биде трајно решение, меѓутоа јас неможам да имам, лично кажувам за себе, гаранција. Еден од говорниците вели јас ќе гласам за да се поддржи овој Рамковен договор, ама не сум задоволен со конкретни решенија во овој момент. Ако беше без "овој момент" јас ќе го разберев ете било, се барало, толку се постигнало, па ајде да се договараме ние како пратеници, и некои други не задолжиле и дале иницијатива. Ние треба г-да да одлучиме. Наша е одлуката, ајде да се договориме како ќе биде. Меѓутоа вели „во овој момент" што значи ова е сега а да видиме што ќе биде утре. Тогаш се поставува прашањето што ќе

биде со нашата добра намера да нема војна. И јас сум против таа војна. Зошто? Во основа, сто пати сум повторил дека јас сум по уверување пацифист и неможам да сфатам војна како појава, а не да ја доживеам и да ја водам, ниту пак некој друг за тоа да ангажирам. Во тој момент кога ќе ги направиме тие меѓу нас договори, кога ќе имаме реално ќе може да разговараме навистина за основ демократски принцип за измена на Уставот за подобар живот. Ако ние имаме мандат, бевме на избори 1998 год, сите овде што седиме по основ пратеници, да не кажам и другите што се присутни. Нека каже која политичка партија од нас имаше за цел и имаше во предвид ќе се води војна. Никоја. Ќе се водат промени на Уставот по воени причини, ниту една.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Дојдоа тие во војни првпат во соседството. Таа војна во соседството заврши, дојде втора војна. Новопарламентарно мнозинство. Тоа ново парламентарно мнозинство, некои кои имаат радикални уверувања во потсвеста го искористија да дојдат со насилство и да бараат промена во Уставот. Знаете, секогаш арното не е арно, и саканото не е мед. Има и друго нешто. Овдека новото парламентарно мнозинство нанасе многу штета некои излегоа од тоа постојно парламентарно мнозинство и излегоа со идеја, поради застој на демократските процеси. Што е застојот на демократските процеси, затоа што се бараше од него каде се парите од Алмако, каде се парите од агенцијата за развој. Значи, тука застанале новите демократски процеси. Кога дојде предмет на одговорност тоа се кажа. Некои тоа го чекаа од заседа да имаат со кого да разговараат. Тоа е лошиот момент.

Господа, во правото секогаш поаѓам на другиот дел во правото секогаш стои една ваква "претходно прашање" и го најави. Сите говорници говореа за потреба дека ова ќе биде за народот добро, за граѓаните добро. Јас нема да парафразирам, ќе прочитам последната реченица од предлогот на предлагачот, претседател на Република Македони г-дин Борис Трајковски. "Како човек од секогаш сум сметал без сила која доаѓа директно од народот, раководството, не може да направи ништо историски значајно за својата земја". Јас оваа крилатица ја прифаќам. Што е претходно прашање. Претходното прашање е веќе покренатата иницијатива за референдум. Значи, ние имаме претходно прашање ако нашите граѓани кои ни дале општ мандат да управуваме и да владееме со нив, кога се работи за историска, а сите говорат дека ова се историски моменти, дали еден таков плебисцитарно прифатен предлог ни даде одврзани раце тоа и да го направиме. Господа, ќе ве потсетам на одлуката за референдум во 1991 година, на која ќе и бидат 10 години за пет дена. Тогаш имавме заеднички предлог со СДСМ прв пат да се направи уставот, па тогаш да се оди на референдум тој предлог се повлече и не убедуваше СДС како владеачка гарнитура дека прв пат да се донесе Устав односно референдум да се потпише за самостојност, па тогаш Устав. Ех, сега, тогаш тие не буедија и предложив со акламација да го прифатиме и сега истото им го нудат. Значи, се враќам колку да се потсетиме, се враќам на тој момент дека тоа е убава одлука. Господа, да чуеме референдум и прашањето дали ќе биде уважено или не, па тогаш да се одлучува. Зошто ова го велам? Господа, предлогот за измена на Уставот Собранието одкога ќе го добие од овластен предлагач одлучува дали ќе го прифати или не. А, кога ќе добиете одлука од референдум, за Собранието е задолжителна одлука и ние тогаш навистина ќе бидеме големи, затоа што имаме задолжение да направиме вака или вака. Затоа и сум поборник за претходното прашање - референдумот.

Мој став према предлогот, како и секој предлог ќе биде истиот да се разгледа, ние да го решаваме како овластени решавачи, а не како решавачи на кои им стои ако нека вака, не бива, ако е вака нечини, ако не гласаш вака сигурно губиш или јас печалам. Не, да видиме што ќе добиеме сите. Значи, мојот став е јасен да бидеме едногласни во тој дел кога ќе ги видиме сите поединости и да ги разгледаме како целосно решение.

Правните последици на рамковниот договор. Господа, за еден договор да успее и да има правна важност треба да биде заклучен во мир, без притисок, без закана, да не кажам без измама, тука не може да стои измама, и овие се три основни елементи кои треба да се исполнат за да има правна важност. И, вториот дел да биде заклучен во форма што го предвидува законот. Ние имаме форма уставна, службен јазик во Република Македонија е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Овој договор изворен дел односно изворник е на англиски јазик. Господа, само сакам да ве потсетам, од званичните учесници во креирање на ова, ниту еден не е којзнае колку со јака страна на англиски јазик. Олеснувачите, еден е француз кој говори англиски. Другиот е американец кој говори

англиски со американски нагласок, американско наречје. И, сега, видете, сите тие немаат сила со англискиот јазик. Ние, како депонатори на тој документ Република Македонија немаме документ на свој јазик. Имаме превод. Значи, договорот не е направен во рамките на овластувањата, во рамките согласно со законот. Ајде да го надминеме и тој момент. Вика, дали некој договор треба да не се применува само ако не ги исполнува одредените формални причини. За јазикот, да речеме е формална причина. Ама е државно правна причина. Затоа и во него се предвидуваат некакви промени за примена на јазици. Ако беше само формална за тоа немаше да се говори. А, сега, бидејќи се говори за јазик, е тој не се почитува. Мораме да си го задржиме дигнитетот не за македонскиот јазик. Господа, ние во држава Македонија имаме униформа за јазикот. Тоа е службен јазик него го почитуваат сите граѓани како службен јазик. Затоа, другите се разликуваат можеби говорат свој јазик, на наречија, јазици, дали се служи знае или незнае. Овдека таа форма на службеност ја надминавме. Ако се преговара во воени причини, а морате да се потсетите на едно, после секое запнување кога тие ќе дојде до некој текст, притисокот во воените дејствија се зголемуваше секогаш со поголем интензитет, со поголеми штети и што е најтешко доаѓаа со смртни последици. Јас сметам дека овој договор не може да биде основа за менување на Уставот, а предлогот нека биде со таква содржина од претседателот на државата, со таква содржина што ќе ги содржи тие елементи, но не договор кој е изнуден. Јас не сум против промените, меѓутоа, сакам да задржиме една законитост. А, штом говорам за законитост луѓето што се навикнати да живеат под еден режим Режимот не е насилство. Режимот е правило на однесување. Затоа, предлагам предлогот за промена на Уставот да не стои во смисла на рамковниот договор има со такви предлози без рамковнмиот договор. Значи, да се надмине сега еднм, по мене кажувам ќорсокак, да не решаваме со неважечки правни прописи, со неважечки правни договори туку да го прифатиме тоа како иницијатива во таа смисла. Тогаш ќе можеме да разговараме за демократски развој.

Господа, рамковниот договор говори и за амнестија. Многу колеги мои говореа и сакаат да објаснат што е помилување, што е амнестија што е аболиција. Веројатно, неводејќи сметка за секој збор од овие кој што содржина има, па дава, таканаречени, меки одговори или баба бае како знае. Ова го кажав сега на наречието, па се смеете, да видите дека треба да има службен јазик. Видете што, помилувањето е поединечен акт на шефот на државата. Има судска одлука, виновен е, се помилува. Дали делумно, дали целосно или со престанување на извршување на казната. Вториот дел, амнестија. Амнестијата е акт на Собранието. Таа е таканаречена колективен акт за опростување на казна. Секогаш се знае кој е извршител и за кои дела. Односно, знаењето кој е извршител е за оној за кој е осуден за тоа одредено дело. И, кога говоревме и го донесовме законот за амнестија на 17 јануари 1999 година, ако грешам во денот, нека ми се опрости, ние сакавме да докажеме дека создаваме демократско општество, дека сме готови да поднесеме жртва и да им опростиме на оние што се огрешиле за одредени дела. А, сега, ама знаеме кои се тие луѓе што тоа го направиле сега не ги знаеме. Незнаеме кој е, кој предава оружје, колку оружје и што. Како да го помилуваме? Како да го амнестираме и сега аболицијата ослободување од прогон. За кои дела? Мора да се знае кој е тој. Аболицијата се однесува за одредени дела и за одредена личност. Значи, некој прифаќа дека треба да се направи оваа работа, јас не велам дека не треба, меѓутоа, веднаш наоѓа маана кога била во многу поблага форма и се знаело што се очекува. Значи, релаксација на меѓунационалните односи, подобрување на квалитетот на живот, подобрување на квалитетот на разбирање. Тогаш, тоа им пречеше. Сега, го нудат како генерално, без да знаат кој е тој, е сега не им пречи, ова е демократија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. За збор се јави пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВОКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, најнапред пред да отпочнам со мојата дискусија би сакал да кажам една исправка што може би случајно му се оттргна на претходниот говорник, потпретседателот Томислав Стојановски, бидејќи тој спомна дека рамковниот договор говори за амнестија. Јас колку што знам го читав рамковниот договор и анексите, никаде не е спомната амнестијата во рамковниот договор. Тоа е само колку исправка.

Почитувани колеги, како и некои други претходни говорници и јас мојава дискусија ќе ја отпочнам со констатацијата дека Република Македонија се наоѓа во најтешка

состојба откако постои самостојна суверена држава, меѓународно призната и членка на организациите на Обединетите нации.

Педантните аналитичари ќе речат дека во ваква состојба западнавме под влијание на многу надворешни и внатрешни фактори, при што на таквите фактори ќе им дадат одредена градација кој од тие фактори придонел повеќе а кој помалку, за да западнеме во таква состојба. Во вокабуларот на анализите за причините на кризата, најчесто се употребуваат зборовите маските паднаа и тоа особено за неколку готовни и непобитни факти. Јас, секако, немислам на вчерашната изјава на министерот Бучковски, кога спомна дека маските паднаа. Кризата предизвикана, генерирана и водена, од страна на екстремните и терористички групации на албанците од Косово со поддршка и активно учество на соодветни структури од домашно потекло. Кризата нема никаква врска со борбата за човекови права, туку е инспирирана од идејата за создавање на големо Косово или голема Албанија. Како инаку да се објасни фактот дека до почетокот на кризата нашата земја, која патем речено ги надминува востановените светски стандарди, за правата на малцинствата од страна на меѓународната заедница, беше посочувана како пример за меѓуетнички соживот и модел кон кој треба да се стремат и другите земји од регионот. И, одеднаш речиси преку ноќ да се претвори во земја во која мнозинството го тероризира малцинството, по тоа мора со оружје во раце, а не низ институциите на системот во кој би рекол многу широко се вклучени претставниците на албанското малцинство, за да се решаваат проблемите. Да го спомнам и фактот дека насилствата почнаа токму во периодот кога се започна со воспоставувањето на Штуловиот универзитет кога беше донесен законот за високо образование, а Законот за Локална самоуправа беше во процедура. Како би изгледал светот доколку за остварување на некое право веднаш се посега по оружје, се оди по планините се пука и убива. Маските паднаа под изговор за борба за права, се сака да се освојат територии на една суверена, меѓународно призната членка на Обединетите нации и тоа од страна на терористичко сепаратички формации.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:** (Продолжение)

Маските паднаа, бидејќи се работи за криминални мафијашки структури, на кои им е потребна поголема територија, за цветањето на бизнисот со дрога, со оружје и трговија на луѓе, на која не и одговараше исцртувањето на граничната линија, помеѓу Република Македонија и СР Југославија. И покрај сите напори, и покрај големото воено присуство на меѓународната заедница во Косово, и покрај напорите да се воспостави цивилна власт, тешко и поаѓа од рака на меѓународната заедница да расчисти со терористичките и криминогените структури кои престојуваат во оваа југословенска покраина и кои се генератори на кризата во целиот регион. Чинам дека не е спорен фактот, дека најдоминантен фактор за настанатата состојба е така да го наречам, меѓународниот фактор, каде што силните држави имаат одредени геостратешки и геополитички глобални интереси и цели, при што Република Македонија, како реверзибирен фактор на таквите нивни интереси и цели и многу малото влијание, со оглед на нејзините капацитети и ресурси на материјален, економски и воен план.

За остварување на таквите цели, спомнатите силни и богати држави, бидејќи филозофијата на профитот е во силата на економскиот живот, кои во воено индустриските комплекси, се користат со најразлични методи, однапред симулирани, во осознавачки и аналитички центри, при што, за жал, дури и цели држави и народи, добиваат улога на "жртвени јагниња", а пак други, срамна улога на марионети и средства во туѓи раце.

Меѓутоа, големите ги кршат, токму, меѓународно востановените принципи, кои самите ги создадоа и чие прифаќање од страна на другите држави, е услов за нивна демократска изградба и интеграција, во светското цивилизациско општество.

Перфидноста на оние што ги влечат коцките оди и до тој степен, да се замагли умот на марионетите. Истите да се залажат со нус ефектите, во вид на божемно унапредување на индивидуалните и граѓанските права, затоа што тие не се ни свесни, или најголем дел од нив се ставени во функција на остварување на глобалните интереси и цели на големите и силни држави. За несвесните би можело да се каже: "прости им боже, не знаат што прават". Валканата совест на оние другите, вечно ќе ги прогонуваат духовите на загинатите бранители на татковината и попатните цивилни жртви.

Почитувани колеги, во јавноста има најразлични коментари, па и шпекулации за постоење на воена и мирна опција во решавањето на кризата, за раст на антизападни и антинатовски чувства. Некој од овие опции, или чувства и се

припишуваат на партијата од која доаѓам и јас.

Дозволете во врска со ова, да направам нешто, во функција на разјаснување на работите. Несомнена е ориентацијата на мојата партија, за интеграција во евроатланските структури. За тоа има безброј докази. Да го спомнам само фактот дека во одделни кругови од домашната јавност, Владата на господинот Георгиевски дури беше критикувана за претерана коперативност дури и послушност кон Европската Унија и НАТО, на штета на националните интереси.

Да се потсетиме и на косовската криза, кога, ставајќи ја на "коцка" сопствената стабилност, би си дозволил да кажам, како ниедна земја во светот прими 360 илјади бегалци од Косово. Беше воспоставена извонредна соработка со КФОР. Значењето на меѓународниот фактор е неопходен. Со оглед на доследноста, што Република Македонија ја докажуваше постојано досегашната соработка, со ЕУ и НАТО, дава за право, имајќи го предвид партнерскиот однос, да упати и определени критики и забелешки, по однос на забавените реакции на меѓународната заедница, за заземањето на страна, предлагањето решенија кои и одговараат само на едната страна и слично. Од определени активности на меѓународната заедница се внесуваат конфузија и недоумица. Како што е на пример разврската на драмата во Арачиново. Веќе и некои западни аналитичари и истакнати претствници на ОН, не можат да сватат постапки, како онаа во Арачиново кога терористите наместо да се разоружат, само се префрлени на друго место во кризниот регион.

Прифаќањето на максималистичките барања на албанската страна дополнително ги искомплицира работите. Но и покрај тоа, како земја, која тежи да стане членка на широкото европско семејство, и во ситуацијата во која се наоѓа земјата, останува фактот, дека помошта и соработката, од и со меѓународната заедница, е од особено значење во напорите за излез од кризата, но и во процесите на интеграција на антиалбанските структури.

Уверен сум дека меѓународната заедница, го има предвид фактот дека нашата земја, иако е мала, е мирољубива и е нејзин испробан партнер и истовремено, има мудри и достоинствени граѓани, кои знаат да ги проценат работите и кои сакаат што побрзо да се средат состојбите и конечно да ја одбранат и сочуваат својата татковина.

Почитувани колеги, никој не ја посакува војната, а ве уверувам дека ниту пратениците, односно Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. На сите им се јасни последиците од неа.

Почитувани колеги, нашиот граѓанин, нашите избирачи, секојдневно си ги поставуваат следните прашања: Како е можно, врз една суверена држава, членка на ОН, на Партнерството за мир и асоцијативна членка на ЕУ да се изврши агресија од страна на албански екстремисти и теористи од Косово, кои имаат протекторат на ОН, ако е совршено јасно дека агресијата е извршена, не за човекови права, туку за територии. Ако со месеци, РМ, нема контрола врз делови на својата територија. Ако во политичките преговори, се поставуваат максималистички барања, со цел, истите да не успеат. Ако прекинот на огинот, постојано се крши и се користи за усвојување на територии. Ако се врши ново, модерно и суфистицирано оружје. Ако се врши прегрупирање на терористичките групации. Ако се врши геноцид и етничко чистење. Ако само неколку часа, по заминувањето на господата Робертсон и Солана, во Тетово, по кој знае кој пат се прекршува прекинот на огинот, и на тетовското кале се вее знаме на Република Албанија. Ако стопанството се движи кон дното и.т.н. Се поставува прашањето дали е опцијата легитмно право да го брани и одбрани сопствениот интегритрет и суверенитет и унитарниот карактер на државата, затоа што е јасно, сите дејствија и нивните поддржувачи е насочено кон рушење на тој концепт, на државата се оди во насока на нејзина федерализација и етнички чисти територии.

Почитувани колеги, старото римско правило: "ди виде ет импера", раздели па владеј, повторно успешно се имплементира во нашата држава. Со децении градениот соживот меѓу македонците и албанците, само за неколку месеци, поматените профитерски умови на албанските терористи, успеаа да го уништат до степен на безперспективност и иднина пасивниот однос на домашните релевантни политички структури од албанска провиниенција, што се огледаше во недецидно оградување од страна на активностите на албанските терористи и не изразување жалење за жртвите што РМ ги даде за сопствената одбрана, а од друга страна, профитирањето со Али Ахмети и таканаречената ОНА, која резултираше со потпишувањето на политичката декларација, заснована на премисите на призренската лига, докажува

дека албанскиот политички фактор во РМ, се поистоветува со таканаречената ОНА. Би бил среќен кога би можело да биде реалност, сите што седиме овде пратеници од македонска и албанска националност, да зборуваме за заедничка стратегија, за одбрана на државата. Но, за жал се покажа дека тоа не е можно. Сега се зборува за македонска и албанска страна, а стратегијата на албанската страна е јасна и консеквентна. За жал, правилото: "раздели па владеј", метастазира во македонското национално ткиво, така што и релевантните политички фактори од македонска провиниенција влегоа во шемите на имплементација. Токму ваквите делби се основната причина за ослабување за енергичниот и силен одбранбен одговор, наспроти, перманентните и дозирани атаци од албанските терористи, што добиваат карактер на контролирана воена агресија и криза.

Намалувањето на одбранбената моќ на земјата е причинето од деструкција и дисфункција на институциите на државата. Најпрвин, преку формирање на нефункционална влада на широка коалиција, преку некооперативност на двете министерства за таквите состојби, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, преку формирање на координативни тела и слично, што доведе до некоперативност и меѓусебна опструкција. Ако на ова се додаде повремена нерешителност на врховниот командант и отсуството на патриотизмот во Генералштабот, сликата за одбранбената моќ на земјата се докомплетира. Но, чинам дека за намалување на одбранбената моќ на земјата е суспензија на правото на одбрана и самоодбрана, односно кое право го има секоја самостојна држава.

Преку разни форми на притисок и закани на носителите на државни функции, меѓународниот фактор ја одигра главната улога, во името на мирот, да го доведе македонскиот народ до степен на национално понижување и во состојба на поединечни и масовни фрустрации.

Ако на сето ова се додаде монополот, што меѓународниот фактор го има врз информациите, тогаш многу тешко е на површина да дојде вистината. Сето ова укажува дека "со глава зид не се турка". Времето бара "ладни глави" мудрост, за да се повлечат вистинските потези во вистинскиот момент.

Ако се следи историјата на македонскиот народ и државност, многу лесно ќе се види дека основна сила на националната слобода и државност била организацијата ВМРО, а во современи услови, ВМРО-ДПМНЕ. Бидејќи јас и припаѓам на таа партија, моите размислувања се насочени кон спас на државата и партијата, бидејќи тие две работи претставуваат едно нераскинливо единство.

Моите размислувања за одлуката што треба да ја донесе Собранието, за пристапување кон измена на Уставот, се базира на претходно кажаното, дека: "со глава зид не се турка", дека не би требале да ја доживееме историската осуда, дека, априори, не сме му дале шанса на мирот, односно да им дадеме можност на пратениците како народни избраници, низ една конструктивна расправа во овој дом да влијаат на компромисниот и би рекол изнуден текст, на политичкиот рамковен договор низ амандманска расправа, да добие една конечна форма, која ќе биде реална нужност и потреба на македонскиот народ и на граѓаните на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Латиф Пајкоски.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, сложената воено политичка состојба, во која се наоѓа РМ, причините за ваквата состојба, многуте невини жртви, разурнати објекти, приватни, службени, верски и културни, многуте, на крајно дрзок и нехуман начин раселени лица, влошените меѓуетнички и верски односи, и ставовите на моите избирачи ми дадоа за право јас да учествувам во оваа расправа, отворена по повод иницијативата на претседателот на државата, за пристапување кон прифаќање на Рамковниот договор, парафиран во Охрид, а потпишан во Скопје и пристапување на промена на Уставот на РМ.

Овие денови имавме прилика да слушнеме различни дискусии и ставови во врска со наведените прашања и се разбира, немам ништо против различните гледања и на причините и на сегашната состојба и на решенијата, кои би воделе кон излез од војната, во која се најде Република Македонија, ни крива ни должна, во времето на започнување на воените дејствија.

Но, по малку мораме да се согласиме ни крива ни должна, заради погрешниот пристап во водењето на државата, заради односот на оние кои раководеа со неа и кон нејзините градови и села во западниот регион на РМ и кон нејзините граѓани, а особено кон македонското население, кое со

години, грчевито се труди, буквално "се тутка" во прегратките на македонскиот народ, трудејќи се да докаже дека припадноста на исламската религија не е и не смее да биде причина, за отфрлање од неговата етничка припадност на сопствениот народ. Но неколкуте дискусии во овој Парламент, како и однесувањето на поедини политички партии и поединци, ми дава на знаење, дека всушност не се работи за непознавање на историјата, туку на форсирање на религијата и врзување на истата со македонскиот народ, што сметам дека е штетно, непродуктивно и опасно за опстанокот на македонскиот народ и за неговата реална бројност на овие простори, за сметка на што, се зголемуваат бројките на националностите.

Припремајќи се за денешната дискусија се потсетив на моите настапи, на една од седниците, посветени на кризата во Косово, се потсетив на моите укажувања, од согледување на појавата за шверц со оружје и друга недозволена трговија, што се одвиваше од Република Албанија, преку просторот, и населените места, токму во овој регион, кој сега е опфатен со воените дејствија. Се потсетив на моите укажувања за потребата од позајакнато обезбедување на државната граница, се потсетив на потребата од реално коректно и крајно совесно согледување на фактот дека долж границата со Република Албанија живее македонско население лојално на сопствената држава и нација и потребата од негово целосно вклучување во системот во институциите и органите на државата. И на крајот се потсетив на моите укажувања дека судбината предодредила а не некој друг да се живее на овие простори заедно со различно етничко потекло, со различни религии, со различно политичко убедување и потребата од заедничко ангажирање Република Македонија да ја развиваме како наша држава која бара почитување на Уставот и законите, а со самото тоа и развивање на добрите меѓуетнички и меѓуверски односи. Потсетувајќи се на тогашните мои констатации се потрудив да пронајдам што всушност не се успеа да се направи и зошто воопшто на некого му требаше да земе оружје во рака и да се бори божемно за некакви човекови права, притоа на еден безобзирен начин одземајќи животи на невини граѓани, на млади луѓе кои како припадници на безбедносните сили со верба во себе тргнале да ја бранат сопствената држава, нејзиниот суверенитет и територијален интегритет, да се рушат многу приватни имоти, многу вредни историски, културни и верски објекти, да ги бркаат луѓето од своите вековни прадедовски огништа. И ќе ми дозволите да го искажам моето мислење по сите овие прашања. Длабоко сум уверен во себе дека оние кои посегнаа по оружјето за решавање на наводно човекови права притоа не водејќи сметка ниту за воените норми за степенот на употреба на оружјето, дека сето тоа го направија заради реализација на нивните дамнешни желби за создавање на некакви големи самостојни територии, етнички чисти и реално според мене многу несреќни. Иако мислам дека имаше нерешени или поточно отворени прашаша кои мораа да се отворат и да се дискутира за нив во една нормална законска процедура. Прашања особено од аспект на застапеноста на националностите во институциите на системот, употребата на државните симболи, па ако сакате и употребата на јазиците на националностите. И што се случи? Многу од овие прашања прекутно почнаа да се применуваат, но надвор од важечките законски норми во државата. Па така во градовите каде што живеат во мнозинство припадници на националностите на големо во употреба беше јазикот на националноста. Не се сеќавам од кога на државни институции не се вее македонско знаме. А за химната и да не зборуваме. Зарем вам не ви беше тоа познато. Тука сакам да истакнам дека како етнички чисти средини, особено во централниот и источниот дел од државата, веројатно, не ги ни чуствуваат ваквите работи и затоа сега дискутираат, како да се работи за нешто многу непознато и апстракно.

Во овој дел сакам да истакнам дека потпишаниот Рамковен договор, всушност, значи ставање во правни рамки многу од она што веќе постои и се применува. Но, и чекор напред за создавање на мир. Барем јас, сето тоа, така го разбирам.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:** (Продолжение)

Овие денови се наслушав многу дискусии на високо патриотско ниво во правец на заштита на македонскиот национален интерес, но при тоа ни збор за реалните состојби таму каде што всушност се случуваат воените дејствија и каде што постои опасност од проширување на истите, освен од одредена многу сигурна просторна дистанца сетоа тоа кажано. Јас морам во оваа прилика да се осврнам и на положбата и судбината на македонското населоние кој во одреден историски период го примила Исламот како своја религија и до ден денешен ја негуваат

како нешто мнгоу свето. Но, сполај му на Господ ги задржале сите карактеристики кои ја чинат македонската нација, пред се чистиот македонски јазик, обичаите, традициите, па ако сакате и многуте топоними по населените места. Ова ако не заради друго, тогаш заради фактот што ние живееме баш во овие населени места каде се одвиваат воените дејствија или претставуваат потенцијални жаришта. Јас во една прилика порачав од оваа говорница дека додека не има нас македонците со исламска религија, Македонија не треба да се грижи за својот територијален интегритет и суверенитет и за македонштината во овие простори. И многу сум бил во право за тоа кажано, многу сум бил во право затоа што во ниту едно населено место со ова македонско население немало појава на никакви непријатности, а најмалку вклучувања или поддршка на појавата на екстремистичките вооружени групации, туку напротив секаде колку таа бројност на населението го дозволуваше имаше доброволно вклучување во безбедносните структури на Република Македонија, заради заштита на нејзината територија. Таму од моето населено место во еден момент во безбедносните структури што како редовен, што како резервен состав имаше повеќе од 50-тина луѓе од мојата општина Ростуше неколку стотини и сите совесно и многу одговорно ги извршуваа поставените задачи од нивните претпоставени. Но, како ни се возврати? Од една страна едни пукаа на нас, од друга страна други кои што сметаат дека Република Македонија е само нивна држава, само затоа што припаѓаат на една религија, ни ги загрозуваа животите, ни ги палеа и уништуваа имотите, не протеруваа од вековните огништа, ни ги уништуваа верските објекти. Зарем господата од Битола, прилеп, Скопје, со еден збор не најдоа за сходно да истакнат дека на крајно дрзок и сосема непотребен начин се уништуваа имотите на македонците, на нивните собраќа според етничкото потекло. Особено во Битола кога еден сосема оправдан револт на граѓаните беше насочен во правец кој од поодамна непријателите на оваа држава го заговараат, а тоа е предизвикување на меѓуверска нетрпеливост и војна. Зарем никој од големите македонски патриоти во овој Парламент не најде за сходно да укаже дека се уништуваат имотите на македонци, на оние кои се дел од стеблото. Јас верувам дека тоа се правеше со однапред предвидено сценарио за создавање на верски чисти средини. Зарем некој може да поверува дека во Прилеп е запалена албанска џамија, а зарем и постои таква? Зарем некој од таа џамија пукаше во народот за да биде легитимна цел. Тука би сакал да искажам длабока осуда и на крајно вандалскиот нецивилизиран однос и кон верските односи на православната религија, особено она што беше направено со манастирот во Лешок кога се покажа крајна дрскост во уништување на нешто што не е сопственост на безбедносните сили. Барем така од страна на екстремистичките групации се кажуваше дека ќе се пука само во безбедносните сили, туку со очигледна намера да се уништи се што му припаѓа на македонскиот народ со цел на негово протерување од вековните огништа и создавање на етнички и верски чисти средини. Зарем некој може да остане рамнодушен на повеќето од 35 запалени и разрушени објекти на македонци со исламска религија во Битола, неколку во Прилеп, во Скопје и во други градови. Зарем можат да се затворат очите пред фактот дека голем број од ова македонско население кое својата егзистенција ја нашло со работа во странство и кое што заради љубов кон сопствената држава, дури и во услови на воени дејствија решија да се вратат во своите домови, во татковината само затоа што носат муслимански имиња и презимиња на крајно дрзок и безобразен начин беа враќани од граничниот премин во Табановце, беа малтретирани жени и деца кои сакаа да ги видат нивните најблиски, од кои голем број во тие моменти беа во редовите на безбедносните структури, бранејќи ја сопствената држава, за да после лично моја интервенција на самото место се реши прашањето. Зарем некој може да ги затвори очите пред грозната одлука за целосно отуѓување на селото Бачишта, за крајно штетната политичка одлука за турцизирање на Жупа, за вложување на државни пари, за отуѓување на децата од Количани и други села во скопско, за поставување на раководители особено во образованието во чисти етнички македонски населени места од лица кои што не припаѓаат на македонскиот народ. За ова веќе јас и порано зборував.

И најпосле, зарем не знаат тие луѓе кои овие денови беа насобрани околу Собранието во организација на човекот кој што освен православното не

признава дека македонско може да биде и друго, Страшо Ангелоски кој што раководеше со акцијата на малтретирање, омаловажување и дискредитирање на пратениците. Дека Латиф Пајкоски, Македонец, кој што со уште 150 илјади негови сограѓани со години се ангажира за целосно интегрирање во делот на сопствениот македонски народ. Зарем нему му сметаше мојата верска припадност за да бидам плукан, навредуван, исвиркуван и етикетиран со зборови како припадник на некоја националност. Зарем со тоа не се сека навистина да се десеткува македонскиот народ, зарем не има толку многу што Страшо Ангелоски и други како него не туркаат таму каде што не припаѓаме.

И конечно, зарем сето ова не значи свесно разнебитување на се што е македонско и реализирање на мрачни идеи за тотално уништување на македонската држава и македонскиот народ и тоа од оние кои сакаат да се прикажат како големи македонци, сакајќи војна, а при тоа знаејќи го нејзиниот епилог. Но, се разбира се лажат ако мислат дека ја постигнале целта и дека предизвикале наш револт со стремеж на наше одродување, се лажат и во оваа прилика им порачувам дека се повеќе ни ги збиваа редовите и нашите заложби за целосно интегрирање во сопствениот народ и држава, затоа што ние друга резервна држава немаме, како што тука некои калкулираат во соседни држави. Зарем некој друг освен мене како пратеник и населението кое живее во Реканскиот крај се грижи повеќе за културно - историскиот и верски споменик, манастирот Свети Јован Бигорски. Единствено јас одржувам контакти со светите лица и сум длабоко загрижен за неговата судбина за да некој си земе за право и целосно да поистоветува религија и нација, религија и држава. Во оваа прилика ги повикувам македонците со исламска религија кој било каде да живеат низ државата Република Македонија дефинитивно да се ангажираат со сите сили при тоа користејќи ја националната припадност и религијата на која и припаѓаат во создавање услови за надминување на недоразбирањата кои постојат помеѓу македонскиот народ и пред се албанската националност.

Во врска со понудениот договор иницијативата за пристапување кон примена на Уставот на Република Македонија ја сакам да кажам дека ќе гласам "за". Ќе гласам "за" затоа што сметам дека овој договор пред се ги заштитува територијалниот интегритет на Република Македонија, ги заштитува индивидуалните права на граѓаните, ја движи Македонија кон граѓански модел и концепт на модерна европска држава и го задржува унитарниот карактер на државата. Јас ќе го поддржам овој договор затоа што тоа од мене го бараат моите бирачи, оние кои знаат што значи соживот, оние кои и денес и покрај военита дејствија цврсто се уверени дека може и мора да се живее заедно, оние кои целосно ги отфрлаат матодите со оружје во рака да се бараат некакви права. Ќе гласам "за" и заради отец Доситеј од Манастирот Свети Јован Бигорски и заради оџата Адем од Велебрдо, заради Неџат од Могорче, Каплан од Скудриње, Милан од Битуше, Фуад од Велебрдо, Петко од Ростуше, Шабан од Жировница, Кафур од Битуше, ќе гласам "за" заради Агрон и Илија од Гостивар, ќе гласам "за" заради сите наброени и ненаброени, заради нашите деца, заради судбината на мојата внука Лариса и заради многу нечии внуци и внуки ќе гласам "за" затоа што друга алтернатива за мир во овој момент и нема. Затоа што цврсто сум убеден дека сеуште има надеж за соживот, затоа што сеуште има луѓе без разлика на нивната верска и национална припадност кои сакаат мир. Ќе гласам "за" затоа што сметам дека не треба да им се даде шанса на оние кои сакаат војна, хаос, мнгоу жртви и кои сакаат да ја нема Македонија и македонскиот народ. Ќе го поддржам договорот затоа што верувам во нашите пријатели од светот, затоа што верувам дека сеуште каква таква има шанса за мир и економски просперитет на државата.

Единствено што сакам да порачам во оваа прилика е дека треба ние сите реално, а не партиски да ги гледаме состојбите. Премногу далеку се отидени работите за да се инсистира на војна. Да се бара целосна поддршка од светот, особено од Европската унија и Америка за искрено нивно ангажирање во спроведување на мировниот процес, затоа што ако и малку не се искрени, последиците ќе бидат катастрофални за Македонија, соседите, Балканот, Европа. Да и помогнам на Република Македонија во нејзиниот економски просперитет во санирање на последиците од воените дејствија, искрено, а не врз основа на своите скриени политички и воени интереси. Само така ќе потврдат дека вложените средства во

мировната мисија како и жртвите нема да бидат залудни.

И сосема на крајот, исто така, во оваа прилика апелирам до средствата за јавно информирање, печатени и електронски да се вклучат во реално презентирање на состојбите од кризните реони. Незнам кому му треба информации од типот: во Битуше нападната караула, во Жировница убиен учител и денешната информација, нападната полициска станица во Жировница. Целосни дезинформации. Јас навистина се прашувам на кого му требаат вакви дезинформации, дали со тоа свесно не се сака и овој засега за среќа мирен регион да се вметне во воените жаришта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, пред почнувањето на оваа седница бев голем оптимист дека мировниот процес и неговиот успех во Македонија ќе бидат загарантирани. Меѓутоа, имав и големи причини за тоа. Постоеше договор на оваа седница иницијативата за промена на Уставот да ја поднесе претседателот на државата Борис Трајковски. Постоеше договор во врска со неговата иницијатива да одржи седница Владата на Република Македонија и премиерот Љубчо Георгиевски да излезе овде пред пратениците и да каже дека Владата на Република Македонија и сите партии што ја сочинуваат Владата на големата коалиција која што беше и создадена за тоа да успее политичкиот договор, исто така ја поддржуваат иницијативата за пристапување кон промена на Уставот. Постоеше договор непосредно по говорот на Борис Трајковски да говори премиерот Љубчо Георгиевски во овој Парламент и да каже зошто тој го стави својот потпис на Рамковниот договор и зошто смета дека е добро да биде остварен Рамковниот договор онака како што е попишан во Охрид. Постоеше договор после него да говори претседателот на СДСМ Бранко Црвенковски и да говорат претставниците на сите парламентарни групи во знак на поддршка на Рамковниот договор. Меѓутоа, што се случи. Се случи прво Владата да не одржи седница. Владата не го изнесе својот став во однос на иницијативата за промена на Уставот. Се случи премиерот Љубчо Георгиевски да дојде на оваа седница, да отслуша тоа што имаше да го слушне на самиот почеток, да излезе, да ја напушти седницата и да даде интервју во "Вечер" во кое што рече, дека Мировниот договор за Дејтон што се однесува на БиХ, мировниот договор од Куманово што се однесува на Косово и мировниот договор, охридскиот мировен договор се всушност договори кои што овие земји 10 години ќе ги држат во агонија и во состојба на протекторат. Така го изнесе своето мислење. Постоеше исто така договор меѓу раководствата на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ на ниво на потпретседател и секретари да одржиме ако е потребно пред оваа собраниска седница и заеднички состанок на парламентарните групи на кои што своите аргументи ќе ги изнесат претседателите на овие две најголеми парламентарни групи во прилог на Рамковниот договор. Таквата седница не се одржа, не заради тоа што не сакаше СДСМ. Постоеше договор СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ да имаат дури заедничка кампања во прилог на прифаќањето на одредбите од Рамковниот договор и беше ветено дека на македонската телевизија ќе им биде отстапен простор на претставниците од СДСМ да ги изнесат и сопствените мислења во врска со Рамковниот договор. Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, некои работи тргнаа наопаку. Уште на правата седница постоеше договор и предлог дека и претседателот на овој Парламент, господинот Стојан Андов чија што партија е дел од коалицијата, широката коалиција во оваа Влада да го изнесе сопственото мислење за Рамковниот документ и да го поддржи тој Рамковен документ. Меѓутоа, тој и соопшти на јавноста дека нема да им се обрати на пратениците случајно со својата авторитетна позиција да не влијае на нивното мислење позитивно, или негативно. Се случи тоа на првата седница, тој едноставно да го одложи нејзиното започнување се до 18,00 часот и да видиме доста празна сала.

Второ, вториот ден без било каква најава и било какво објавување воопшто само ни соопшти преку една информација дека нема да се одржи седницата иако сите бевме дојдени, затоа што имало некакви проблеми со некаков караван во Македонија. А тој ден сите оние кои со истите тие причини претходниот ден се обидуваа да го блокираат Парламентот, не беа тука да не блокираат да влеземе во салата, затоа што најверојатно беа сосема свесни дека овој пат претседателот на

Парламентот Стојан Андов таа работа успешно ќе ја заврши.

Почитувани пратеници, дозволете ми да кажам уште неколку нешта. Денес расправаме по повод иницијативата на претседателот на Републиката за промена на Уставот на Република Македонија. Предложените измени се реално производ на политичките разговори и на постигнатиот политички договор помеѓу лидерите и раководството на политичките партии кои ја составија Владата на големата коалиција во овој Парламент и кои имаат огромно мнозинство на пратеници во него. Сите сме свесни дека Владата на големата коалиција во овој Парламент ја составивме со цел ниту една од големите политички партии во земјата да не остане надвор од одговорностас за решавањето на проблемите со кои се соочува земјата. И не само тоа, влеговме во оваа задничка битка со цел да гарантираме дека било кој да победи на следните избори од учесниците во оваа Влада, ќе се придржува за договореното и ќе го гарантира почитувањето и спроведувањето на новите уставни и законски одредби, со цел да се обезбеди долгорочна стабилност на Македонија. Ова не беше лесен процес. Кај никого од нас кои ја имавме таа можност да учествуваме во тие разговори не изостана чувството на силниот меѓународен притисок за изнаоѓање на компромисно решение, чувството на одговорност дека од нас и од нашата согласност зависи запирањето на војната, но и чувството дека Меѓународната заедница верува во способноста на политичките лидери во Македонија за изнаоѓање на мерката за целосна заштита на националниот интерес на Репбулика Македонија, но и за целосно елиминирање на чувството за дискриминираност кај определен број на нејзини граѓани. Она што е сепак најважно е фактот дека со постигнувањето и потпишувањето на политичкиот договор ја демонстриравме нашата заедничка способност за договарање во врска со најсуштествените проблеми во земјата, ја демонстриравме нашата заедничка готовност и способност за соработка со НАТО, САД и со земјите на ЕУ, ја демонстриравме нашата приврзаност кон принципите на дејствувањето на Меѓународната заедница и кон почитувањето на европските стандарди во заштитата на човековите и малцинските права. Сега ни останува да докажеме дека сме способни да го почитуваме дадениот збор и потпис, дека сме способни да го спроведеме и да истраеме на олределбите од овој договор и да докажеме дека Македонија не е земја на политичари кои ништо меѓу себе не си веруваат и на кои никој ништо од надвор не треба да им верува, затоа што едно зборуваат, друго потпишуваат, трето прават, четврто ветуваат и сосема десето ќе спроведуваат. Сега е време за покажување на нашата политичка зрелост, време во кое наместо ситничавост треба да се покаже ширина, време во кое можеме да ја стекнеме трајно довербата на Меѓународната заедница и на нашите соседи и време од кое можеме да излеземе сите како победници. Од времето на потпишувањето на Рамковниот договор до одржувањето на оваа седница ги посетив Куманово, Тетово, Гостивар и некои други градови во Македонија. Сметав дека имам одговорност да им објаснам на луѓето за што станува збор во документот кој е потпишан и да откријам кои се реалните стравувања кај граѓаните во врска со неговото спроведување. Дел од тие стравувања беа изнесени од страна на некои пратеници во сегашната дебата. И затоа сметам дека ќе биде корисно ако во врска со нив ги слушнете и моите одговори.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Едно од тие стравувања кое се јавува повеќе во форма на приговор кон учесниците во дијалогот, од македонска страна е дека Македонија воопшто не смееше да прифати да учествува на било какви разговори или во било каков политички дијалог, пред да биде уништен и последниот тарорист во земјата и пред да биде ослободана последната педа земја, зазамена тариторија од терористите. Ова добро звучи. Но, се поставува прашањето кога тоа ќе се случеше и по која цена, ако се има предвид само проценката на нашиот министер на полицијата дака терористите во Македонија, благодарание на будноста на нашите безбедносни сили во подолг период, располагаат или располагале со 85 илјади парчиња модерно оружје.

Второ, зарем Македонија немаше да упадне во замката на оние кои со овој напад на албанските екстремисти врз тариторијата на Македонија сакаат да прадизвикаат голема маѓуетничка војна која ќе доведеше до голем број жртви и до нејзин распад по етничките линии.

Трето што ќе изгуби Македонија со тоа ако преку политички договор и со помош на НАТО, САД и Европската унија успее да го зачува својот територијален интегритет, својот унитарен карактер, да ги разоружа

албанските екстремисти без борба, да ги расформира нивните паравоени единици и да им обезбеди на безбедносните сили на Македонија да ја вратат контролата врз секоја педа земја од нејзината територија. Можеби некој ќе рече нема да *се* покажеме доволно силни и доволно способни. Тоа е прашање за кое ќе треба да се разговара во некоја друга прилика, затоа што, кога ќе ви се случи пожар најважната работа е него да го угаснете, а после да се занимавате со одговорот на прашањето кој го подметнал, дали можел да се избегне и кој треба да одговара за тоа што ни се случили.

Вториот приговор кој многу се слуша е дека се пристапува кон промена на Уставот и на определен број закони под притисок, односно дека македонската страна се чувствува уценета со тоа што постојано и се говори, или ќе го промени Уставот или ќе се соочува и натаму со опасноста од војната. Но зарем не говоревме сите во глас дека сите проблеми треба да се решаваат преку политички дијалог на легитимно избраните претставници преку процедура во институциите на системот. Значи ни тоа дека политичкиот дијалог требаше да престане кога започна војната, и дека е предавствпо ако се раазговара за тоа со кои политички средства треба да се онеспособат екстремистите и да се зачува државата и нејзиниот територијален интегритет. Кој е тој што ќе тврди дека се тоа само отстапки пред силите кои заговараат војна и поделба на Македонија.

Почитувани пратеници. Многумина говорници досега рекоа дека ќе имаме можност да разговараме за вистинската причина за војната во Македонија. Ние ќе се соочиме и со објаснувања според кои вооружените напади на паравоените единици на албанските екстремисти врз територијата на Македонија биле дел од некаква борба за човекови и малцински права. Но, никој не може никогаш да избегне од фактот дека првобитно формулираната цел на лидерите на таканаречената ОНА соопштена по нападот на Полициската станица во Теарце и непосредно по ратификувањето на Договорот за одбележување на државната граница помеѓу Македонија и СРЈ гласеше ослободување на етничките територии на албанците во Македонија од македонска власт. Во Македонија реално беше започната војна за територии, во такви услови кога платеници од цел свет се обидуваа да започнат една нова света војна на Балканот, светот не ја прифати нивната цел. Дури и НАТО на некои од своите поранешни миленичиња им стави до знаење дека нивната борба за ослободување на некакви етнички територии на албанците во Македонија е однапред осудена на неуспех. Политичките партии на албанците во Македонија исто така не ја прифатија таа цел. Тоа за што светот, сепак покажа разбирање е потребата да им се одземат од раце на албанските екстремисти и последните аргументи за нивното незадоволство што наводно некои од нив ги принудило дури да земат оружје во рака и со кое манипулираат повеќе години наназад.

Никој во Македонија никогаш и не тврдеше дека нема простор за понатамошно унапредување на малцинските права и дека не постојат начини макар и за елиминирање на чувството на дискриминираност на дел од граѓаните на Македонија со различна етничка припадност од македонците. Затоа и прифативме да не бегаме од политички дијалог за тие прашања, дури и кога некои ги користеа само како изговор за реализација на нивните скриени цели. Тоа не значеше и не значи дека сме прифатиле уцена. Напротив успеавме да го отфрлиме насилството како метод за постигнување на политички цели, да покажеме дека сме способни за водење на разумен политички дијалог и да ги решаваме проблемите преку институциите на системот, а не надвор од него. Покажавме дека сме способни, врз основите и принципите на кои сакаме да ја градиме иднината на Македонија и да ја добиеме целокупната подршка на НАТО, САД, земјите на Европската унија и на целиот прогресивен свет. Тоа според мене не е капитуалција. Напротив тоа е способност на политичките сили во земјата, низ политички дијалог и во соработка со нашите партнери во Европа да ги решаваме и најсложените прашања. Во трката околу тоа кој ќе се закити со ореолот на миротворец или решителен бранител на татковината, се заборави дека овој сложен процес можеше и може да биде изведен само преку добра соработка на партиите во големата коалиција и со целосно усогаслувањене на нивните ставови при прифаќањето на секое од понудените решенија. Оттука многу е мал просторот за некој сега да изигрува херој или да биде обвинуван за предавник.

Третиот приговор се однесува на содржината на договореното. Во поглед на содржината постојат три нивоа на приговори. Најблагиот се состои во тоа што, наводно, во основа понудените решенија се прифатливи но дека мора да

биде оставен простор преку амандмански интервенции да се отстранат некои опасности што ги содржи тој договор, а се однесува на решенија во врска со полицијата, локалната самоуправа или преамбулата. Оние што знаеа со какви маки, низ кои перипетии се стига до овој договор и со ваков консензус однапред се уверени дека секој обид да се менува било што на него ќе го наруши веќе постигнатиот баланс и ќе го доведе во прашање неговото реализирање.

По остриот приговор се состои во тоа што од содржината на Рамковниот договор се изведува заклучок дека македонската страна прифатила такви промени на Уставот и законите кои само ќе го олеснат процесот на етничкото чистење на македонците од териториите во кои албанците се во мнозинство и дека овој договор е само одлагање и олеснување на територијалната поделба на Македонија во етничките линии, што значи дека однапред целосно го отфрлаат.

Последниот најостар приговор на овој Договор е дека со него македонскиот народ го губи својот национален идентитет и дека тој е стапица за Македонија направена од големите моќници во светот, дека е равен на велепредавство на македонскиот народ и дека е заговор против целото славјанство. Тоа се многу тешки обвинвуања и квалификации. Секој кој што нив ги извлекува нека се сети дека лидерите на неговите политички партии имаат ставено потпис на овој Договор и нека им ги соопштат влице на сопствените лидери кои застанаа со целото свое политичко искуство, со сета своја политичка одговорност зад потписот на овој Договор и го оценија како добар компромис за иднината на Македонија и своите забелешки пред се нека им ги упатат ним.

Бидејќи денес расправаме за иницијативата од страна на претседателот за пристапување кон промена на Уставот врз основа на изнесената политичка волја на лидерите на политичките партии од владината коалиција, сметам дека е неопходно да и се објасни на јавноста што всушност ќе се промени во Македонија по евентуалното усвојување на сите промени од Рамковниот договор. Ова е договор за новите основи на кои ќе биде поставено заедничкото живеење во Македонија. Измените во него не го доведуваат во прашање ниту суверенитетот на власта во Република Македонија ниту територијалниот интегритет, ниту унитарниот карактер, ниту го загрозуваат македонскиот национален идентитет.

Точне е дека доаѓа до промена на преамбулата на Уставот, но преамбулата на Уставот не се менува во насоката на создавање на двоетничка држава, на држава со два конститутивни народи, туку се јакне само граѓанскиот суверенитет на нашата држава. Знаете дека се овозможува поширока употреба на албанскито јазик. Локалната самоуправа и децентрализацијата се доближуваат до европските повелби за локалната самоуправа. Се обезбедува систем во кој ќе се спречи, меѓу другото, процесот на надгласување односно одземање на можните права на малцинствата, во рамките на парламентот, нешто што всушност и не се случуваше во овој парламент, меѓутоа претставува некаква дополнителна гаранција. Остануваат одредбите за Македонската православна црква и нејзината рамноправност со другите верски заедници. Истовремено преземени се обврски кои се однесуваат на обезбедување на пропорационална застапеност на припадниците од заедниците што не се во мнозинство во Македонија, со цел да се обезбеди нивен повисок степен на интегрираност и доверба, пред се во полициските и безбедносните органи. Тоа се основните содржини кои ги содржи и на вас на сите ви се познати. Нема во нив ниту национално предавство, ниту велепредавство, ниту засегнување на македонскиот национален идентитет, ниту институционална основа за натамошни поделби и распарчување на Македонија. Напротив тоа е договор за обезбедување на повисок степен на демократија во Македонија, за приближување на Македонија до европските стандарди и норми. Тоа е Договор кој на Македонија ќе и гарантира дека ќе биде една од членките, како што велиме, нациите меѓу Европската унија.

Четвртиот приговор се изразува преку прашањето кое гласи, кои нас ни гарантира дека, ако ги усвоиме овие уставни и законски промени, дека албанците нема повторно да започнат војна со која ќе бараат и други промени и дали НАТО навистина ќе ги разоружа паравоените единици на албанските екстремисти, или ќе им остави доволно оружје за започнување на нова војна во иднина. Составен дел на ова прашање е дали македонците треба да му веруваат на НАТО и дали НАТО не прави нешто зад грбот на македонскиот народ и слично.

Прво треба да сватиме една работа. НАТО доаѓа овде на покана на македонската

Влада и на македонскиот претседател. Тој не е дојден по своја воља. Дојден е во мисија која е ограничена со Договорот кој со него е потпишан и дојден е пред се да и помогне на македонската страна за решавањето на кризата која што сами ја произведовме.

Второ, неговата обврска се сведува на тоа да го одземе оружјето од паравоените екстремистички сили, да обезбеди нивно расформирање на територијата на која што тие се наоѓаат и која ја имаат окупирано и да обезбеди мирно враќање на безбедносните сили на Македонија, на териториите кои сега се времено окупирани.

Се поставува прашање дали се оставило скриено оружје и дали е доволен бројот на оружјето кое тие го пресметале дека го поседуваат албанските терористи, па се водеше дебата околу војната.

Јас сакам да кажам дека е многу важно во Македонија да ја убиеме политичката воља за користење на оружјето на овие простори. Не може НАТО да ја заврши работата која што не ја завршиле полициските и безбедносните сили со години. Меѓутоа ќе остане простор, непосредно по тоа, секој оној кој поседува илегално оружје да биде изземен од процесот на амнестијата и второ истовремено да се даде можност, меѓу другото, полициските сили да си ја извршуваат онаа работа за коај тие се формирале. Инаку во земјата во која еден британски војник е убиен со камен во глава, во таа земја и камењата можат да бидат оружје. Ќе бараме ли ние од НАТО да ги собере и сите камења од Македонија до колку кај нас остане вољата за меѓусебно убивање.

На крајот со оглед на тоа што некои колеги досега во расправата смета дека сета оваа работа е толку голема заради што одговорноста не може да ја преземат претставниците во македонскиот Парламент и дека тие би сакале да ја проверат вољата на некаков референдум, јас само ќе кажам дека е време и реализацијата на овој мировен договор сепак е поврзан со некои договори и термини во врска со состојбата што ја имаме на теренот и дека всушност идејата за реализација на некаков референдум е идеја која оди во правец да се глуми нормална состојба во Македонија која, за жал ја немаме. Второто е бегање од одговорноста на пратениците за она што треба тие да го направат. Тоа претставува одлагање на мировниот процес и создавање на нови неизвесности за негово повторно започнување. И на крајот на краиштата откако веќе сме потпишале дека три дена по предавањето на оружјето и по расформирањето на вооружените единици ќе ги изгласаме промените во Парламентот, тоа може да претставува обид за измама од страна на оние кои го имаат потпишано овој Договор. Оттаму сметам дека е време во Македонија да сватиме една работа а тоа е дека е време да ги закопаме воените секири и да пристапиме кон процесот на национално помирување. Што порано тоа го направиме, ќе го заштитиме највисокиот национален интерес на оваа држава, а тоа е да немаме повеќе ниту една жртва во Македонија.

Мораме да го сведеме на минимум бројот на оние кои се убедени дека по ова што се случило дека албанците и македонците повеќе заедно не можат да живеат. Тие што така мислат ќе треба со заеднички сили да ги поразиме. Ние денес не избираме помеѓу ужасен крај или ужас бес крај. Ние денес избираме помеѓу можноста, со помош на понудената рака од страна на НАТО, Европската унија, САД и прогресивниот свет да воспоставиме долготраен мир во Македонија и да ја градиме Македонија како демократска држава а не да останеме балканска крчма во која повремено ќе се гасат светлата и ќе светкаат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да му дадам збор на следниот учесник во претресот морам да направам неколку забелешки од страна на прозивањето на Ѓорѓи Спасов.

Ѓорѓи Спасов очигледно ми е некоја судбина и тој вечно нешто ќе ме критикува, ќе ме обвинува и добро си нашол работа. Меѓутоа он кажа некои невистини на кој сакам да обрнам внимание. Тој зборува овде дека со мене било договорено јас да станам и да зборувам овде, да го објаснам Договорот и да агитирам тој да се усвои. Таков договор ниту е правен, ниту некој од мене го барал, ниту со мене за тоа некој разговарал. За тоа сакам да ви кажам дека луѓето кои се одговорни за таа работа знаат дека тоа не било така. Г-динот Спасов веројатно не знае и тој не зборуваше вистини. Тоа не е точно.

Второ седницата во петокот ја започнав кога ме известија од обезбедувањето дека има повеќе од половината пратеници влезени во зградата. Тогаш дојдов во салата. А морам да ви кажам, за да се помести седница од 11,00 за 16,00 часот беше договорено по телефон со раководителите на пратеничките групи. Да знаев дека морав да му кажам на г-динот Спасов ќе му кажев, но не знаев и не му реков за тоа.

Трето на г-динот Спасов знам дека не му значи ништо таму некој комвој од 350 граѓани. Меѓутоа јас имам подруго мислење. Моето мислење е вакво и за тоа што јас го направи спремен сум да одговарам.

Г-динот Спасов нека покрене постапка за моја одговорност.

За реплика се јавува г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Добро е што во овој момент во салата влезе и премиерот на Владата г-динот Љубчо Георгиевски за да можам да и соопштам дека моите информации за тоа дека и Вие требаше да бидете еден од оние што ќе настапите меѓу првите на оваа седница во врска со вашите оценки за Рамковниот договор, како еден од најодговорните функционери во оваа држава, како претседател на Либералната партија и како член на владината коалиција, дека беше даден од оние кои го подготвуваа сценариото за оваа седница. Можеби тие со вас така не се договориле или можеби Вие сте ги убедиле дека е добро за вашата политичка кариера, во врска со ова прашање воопшто да не се изјаснувате. Тоа е прашање на личен став и избор г-дине Андов и Вие тоа можете да го правите, кога сакате, како сакате и во кои услови сакате.

Што се однесува до конвојот јас можам да ви кажам дека во овој момент има исто толку причини да не се одржува оваа седница како што беше од запрениот комвој. Незнам дали на вас ви е жал за сите оние луѓе кои уште не се вратени во своите места, незнам дали на вас сеуште ви е жал за оние кои сеуште се киднапирани и незнаеме каде се, или пак тоа беше само една од причините за која што го покажавте својот патриотизам во определен момент и за која подоцна отстапивте затоа што се најдоа некои луѓе да ви сугерираат дека ваквата блокада на Парламентот што се прави директно од ваша страна може да биде само во правец на натамошното заострување на ситуацијата на теренот и натамошното одлагање на решавањето на овој суштински проблем за кој сите подеднакво сме заинтересирани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледно г. Спасов зборува што ќе му падне на памет и не е лошо, ова е Парламент. Меѓутоа, подобро е, веројатно, тој мене да ме праша за тоа дали некој со мене разговарал и дали од мене барал да настапам и дали со мене се договорил, а не да дознава од некој трет, очигледно ќе го измамат, му кажуваат што сака да слушне.

Друго, морам да ви кажам оти никој не може да ја поколеба мојата одлука кога ќе ја донесам и никој не дошол да ми каже што ќе биде на теренот. Можеби г. Спасов знае што ќе биде на теренот, јас не знам, јас собирам информации, моите информации беа дека тој конвој е запрен и дека прашањето на враќање на луѓето во своите домови е оставено за по донесувањето на Законот за локална самоуправа, јас сакав на тоа прашање да обрнам внимание и го обрнав вниманието, го демонстрирав мојот став, г. Спасов секогаш има прво да си го демонстрира својот став. За мојот став подготвен сум да одговарам.

Одиме натаму. Процедурално г. Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, Вие сте претседател на Собранието, согласно Деловникот имате ингеренции, надлежности и не е спорно дека Вие можете и треба да ги користите за успешна работа на Собранието.

Меѓутоа, Вие сте еден од 120 -те пратеници и исто така и по тој основ сте можеле да бидете кандидат, да бидете претседател на Собранието. Токму повикувајќи се на Деловникот и на вашите принципи кои често пати ги истакнувате јас би ве замолил во иднина кога искажувате свој политички став, кога реплицирате со пооделни пратеници што нема врска со начинот на водење на седницата, едноставно како што сте го правеле во изминатиот период да настапите од говорницата да знаеме дека тогаш настапувате како пратеник на Собранието а не во исто време како претседавач со седницата каде ја водите седницата.

Имало ситуации, Вие знаете, сте биле долг временски период претседател на Собранието каде апсолутно легитимно сте ги искажувале своите политички ставови како пратеник. Во врска со тоа и околу идејата дека Вие не треба да си ги искажувате ставовите за да не влијаете на нас пратениците, јас сакам да ви кажам, бидејќи таа работа ја истакнавте неколку пати во јавноста, апсолутно нема да влијаете со вашиот став како ние ќе се изјаснуваме, меѓутоа, Вие имате легитимно право, не се плашете, ако имате став по ова прашање, јавно искажете го, ве убедувам дека ниту еден од останатите 119 пратеници нема да подпадне под вашето влијание заради тоа што Вие ќе се удирате во еден или во друг правец заради тоа така да се одлучи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира ова не е никаква деловничка интервенција, туку обид на поука. Морам на тоа да одговорам. Мене ми се обратија како на претседател на Собранието а не како на пратеник. Кога ми

се обраќаат како на претседател на Собрание одоговарам од местото на претседател на Собранието г. Црвенковски и понатаму ќе го правам тоа, ако некој го интересира мојот став како пратеник, тогаш и ако сакаме нешто, ќе одам таму ќе кажам.

Дали можеме да одиме понатаму?

Одиме натаму. Господин Ристески има збор.

(г. Котевски бара реплика). Не сте спомнат.

Го молам г. Ристески да products почека малку.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван г. Спасов, ако некој работи во областа на политиката и глобалната политика што се води во светот не ти се јасни, нема потреба да ги ампутираш на други пратеници во Парламентот.

Второ, што најмногу ме загрижува сакам да бидам најотворен во последните денови се врши голема агресија врз пратениците посебно на партијата ВМРО-ДПМНЕ и тоа од страна на странски отежнувачи Леотар и Пердју, и од страна на одредени пратеници од СДСМ. Истиот тој притисок се врши и врз претседателот на Собранието на РМ. Нема легитимно право ниту Пердју ниту Леотар да кажува како ќе работи ова Собрание. Тие можат да кажат за во нивните земји. Овде ние сме легитимно избрани, ние имаме легитимен претседател на Собранието и доколку се создадат услови за исправно, за безбедно работење на ова Собрание, ние сме тука.

Јас не сум во иста состојба со г. Спасов, тој ќе каже 10 збора и ќе оди да спие, јас два саати патувам од Битола небезбедно до овде ни со стража ни со кола ни со обезбедување и два саата се враќам назад. Јас сега вечерва не сум безбеден да се вратам во Битола. Ќе ве молам, да престанете со притисок на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Секој нека се искаже и нека гласа така како што смета да гласа. Меѓутоа, ова е неоправдано одредени отежнувачи на РМ да вршат притисок на нашиот легитимен претседател на Собранието на РМ. Еден од тие притисоци е интерпелацијата од страна на ПДП што е доставена до претседателот Стојан Андов. Тоа се недозволени политички ниски удари кои во овој миг во РМ треба да имаме трезвена глава, Вие ја подгрејувате состојбата за да дојде до несакани последици.

Господине Спасов, славјанството е позната работа. Ако вам не ви се јасни некои движења општо во оваа глобална политика, тоа е ваш проблем, но ќе ве молам малку подлабоко да земете да прочитате некоја од таа странска литература и од тие странски стратези, па да видите за што се работи, во суштина. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи ме спомна г. Котевски, сакам и нему да му одоговрам. Ве молам немојте никој од вас да ме браните од притисоци. Јас знам да се одбранам доволно, мене никој не може да ме притиска. Тоа што се обидуваат тоа се илузии од било кој од овде, навикнат сум да поднесам и алузии. (Смеа и аплауз во салата).

Збор има г. Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Господин претседател на Република Македонија, господин претседател на Собранието, почитуван премиер, министри, колеги пратеници.

Расправата која ја водиме околу прифаќањето на иницијативата за измени во Уставот во овие два дена реално ја отсликуваат состојбата во РМ и на површина ги изнесоа причините од кои РМ се најде во оваа ситуација.

Евидентно е и очевидно дека ние македонците по ниту едно прашање не можеме да најдеме едно заедничко мислење и дека кон најголемиот проблем што го имаме сега во државата имаме очигледно спротивставени разлики и сами на себе сме најголемите душмани и затоа не можеме да се одбраниме од оваа состојба која денеска ја имаме. Репликите, препирките, нападите кои еве два дена се изнесуваат од оваа говорница мислам дека не се начинот со кој ќе излеземе од оваа многу тешка ситуација, многу сериозна ситуација како за РМ така и за најблиското соседство, а најмногу за поколенијата кои остануваат после нас.

Желбата за власт очигледно е голема. Меѓутоа, таква сува власт, власт во држава која ќе биде поделена, во држава во која не ќе се знае кој е народ, кој е качак, кој е полицаец, таква власт не носи никому благодет, па токму и на тие кои толку желно очекуваат што побргу да заврши оваа седница, што побргу да се дојде до реализација на тој Рамковен договор, и што побргу да се дојде до избори на кои, според нивните очекувања, ќе ја добијат власта. Меѓутоа, има многу фактори кои ја даваат власта и кои ја земаат власта, не е само меѓународната поддршка, не е само она што ние ќе го направиме како пристап конструктивен односно "лигавење" пред меѓународниот фактор, тука е еден друг фактор, тука е народот кој треба да одлучи кому ќе ја даде власта. Затоа оваа седница и дискусиите треба да ги водиме во правец на

тоа колку и како во овој Рамковен договор може да ги реши проблемите во РМ.

Сите ние го видовме Рамковниот договор и пред сите нас се поставува дилемата што губиме, а што добиваме со овој Рамковен договор.

Според мое мислење губиме многу работи, а добиваме тапкање по рамо како благодарност за нашата конструктивност и послушност, а Македонија ќе биде квазидемократија и сублимат на политички интереси на Албанија, Косово, дел од македонските политички интереси, кога велам македонски мислам на Македонците и овие две тешко ќе функционираат во еден систем замислен со Устав кој ќе нуди решенија преку консензуална демократија. Не случајно споменувам дека во севкупниот живот на РМ ќе има влијание токму овие набројани околни територии или земји. Сите добро знаеме дека Албанската академија на науките и уметностите излезе со платформа за Голема Албанија која платформа е основа на она што го започнаа Албанците на Косово и она што ние денеска го имаме во РМ.

Ние како пратеници пред македонскито граѓани треба да имаме доблест да кажеме, да признаеме дека никој од нас нема желба, никој од нас не смета дека овој Рамковен договор нуди мир, нуди решение на сите граѓани во РМ ниту на Албанците ниту на Македонците.

Со овој Рамковен договор посебно со измените во Уставот и редица закони албанците добиваат одредени права, меѓутоа, тие права кои албанците ги добиваат се далеку од она што го има зацртано Албанската академија на науките и уметностите далеку од она што го посакуваше Али Ахмети мојот земјак исто така и Фазли Велиу, далеку е од она што го сака Соколи, Гаврани и сите останати. Затоа да не гаиме илузии дека со оваа Рамковна спогодба ќе се решат проблемите во РМ. Меѓутоа, мора да кажеме пред граѓаните и пред целата јавност и пред меѓународниот фактор дека ние се наоѓаме притиснати во менгеме од една страна од уцена а од друга страна со прифаќање на овој Рамковен договор. Тоа е факт и не е многу мудро да кажеме дека седнале политичките претставници од најголемите партии, Претседателот на РМ и веројатно како претставници на ОНА господата Леотар и Пердју затоа што нив никој не ги застапуваше, ОНА не беше засегната, меѓутоа, ОНА најмногу доби со овој Рамковен договор. Јас се прашувам како се избори за тие големи отстапки, ако немаше свои претставници токму во овие двајца.

Меѓутоа, состојбата е таа, ние сме исправени пред една историска одговорност, одговорност која сигурно ќе има далекусежни последици и на нас како личности посебно на тие што живееме во средини кои се етнички мешани, ние сме пратеници, претставуваме дел од албанскиот електорат, претставуваме македонци, претставуваме турци, претставуваме многу националности, меѓутоа, со нашата одлука треба да донесеме решение кое ќе биде добро и прифатливо за сите.

Посебно што ми става дилеми околу прифаќањето на оваа спогодба е самиот Рамковен договор односно самиот негов почеток односно првиот негов принцип. Во тој прв принцип од Рамковниот договор децидно "стои целосно и безусловно се отфрла употребата на насиолство за остварување на политички цели. Само мирни политички решенија можат да ја загарантираат и демократската иднина на Македонија. Со ова треба да стартува мирот во РМ. Со ова треба да стартува Рамковниот договор. Меѓутоа, за старт на Рамковниот договор условите воопшто не се исполнети затоа што во РМ ниту целосно ниту безусловно прекинување на непријателството, напротив во РМ се уште се пука на сите страни, во РМ сеуште се врши етничко чистење, во РМ сеуште се киднапираат македонци и токму прекршувањето на овој принцип дава право на тие кои размислуваат за да не го поддржат овој Рамковен договор да сметаат дека условите во Рамковниот договор не се исполнети. Меѓутоа и тоа нека да биде така.

Сакам да се осврнам со неколку збора за извориштето на оваа криза. Евидентно е дека на Република Македонија оваа криза и е наметната однадвор. Оваа криза е продолжение на косовската криза. Ако ова е само мое логичко заклучување или моја измислица, сигурно би го изрекол со одредени резерви. Меѓутоа, голем дел од светски авторитети и политичари во последно време многу отворено зборуваат за ова и мене ми е навистина жал што еден добар познавач на балканските прилики многу јасно ја отслика улогата и на НАТО и на ЕУ како на Балканот така во Бивша Југославија, така и во Македонија, меѓутоа, заради одредени интереси тој политичар доби многу малку простор во Република Македонија, а се работи за г. Карл Билт. Карл Билт во неговото писмо многу отворено и децидно се произнесе за улогата на НАТО. Би сакал да ви предочам еден цитат од г. Билт. Меѓу другото вели: "јас сум голем приврзаник на НАТО, но во исто

време и голем критичар на кукавичлукот во редовите на Алијансата. НАТО не сака да влезе и да ја стабилизира безбедноста во Македонија. Наместо ова донесува половични решенија кои носат половични резултати со што само ја влошува ситуацијата. Зачудува спроведувањето на бунтовниците од страна на американските војници од едно во друго село без да им биде одземено оружјето. Прво ги нарекува терористи, ако е така, тогаш зошто терористите се експортираат без да бидат разоружани". Ова е што пратениците од ВМРО-ДПМНЕ постојано го зборуваат заради сопствените ставови, ние како пратеници се карактеризираме од страна на останатите политички партии како анти НАТО расположени, ние сметаме дека навистина НАТО во Република Македонија ја извалка совеста. ЕУ уште повеќе.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:** (Продолжение)

Не сакаме да бидеме ние тие кои Република Македонија ќе ја оддалачат од сеопштите текови кон европските и евроатланските интеграции. Ние сите бевма и сме едни од најголемите заложници за да Македонија се приклучи во овие светски асоцијации. Токму партијата ВМРО-ДПМНЕ беше таа која што се залагаше за приод кон западната дипломатија, додака најголем дел од нашите политички опоненти во минатите периоди се залагаа да бидат привезок на еден поранешен систам.

Исто така, би сакал да презентирам уншта една мисла од господинот Карл Билд. Во писмото укажува на неговите предвидувања во време, со можноста од ескалација на албанскиот национализам преку Косово. Притоа критички се однесува кон успешноста на мисијата на НАТО на Косово. Тоа е она што и ние го велиме, и не само го велима, тоа е фактичка состојба, реално е и очигледно дака сето оружје најголам дел од иницијаторите, најголем дал од командантита *се* обучувани во Косово и со початокот на кризата тие беа носителите на бунтот во Република Макадонија.

Исто така, треба да се потенцира дека во оваа криза и нашиот западен сосед, Република Албанија многу неискрено влегува со изјави дека го поддржува интегритетот на Република Македонија, се залага за мирно решение, меѓутоа, од друга страна на секој чекор отвара тренинг центри за тие кои ќе дојдат во Македонија и ќе убиваат македонски војници и полицајци. Нема човек во Република Макадонија, нема човек во Европа кој што не знае за центрите во Тропоја, Кукс, Пешкопеја и којзнае уште колку. Сето тоа ни дава за право пред македонската јавност ние како пратеници да образложиме кои се причините што дојде до оваа безбедносна криза и кои *се* причините што македонските безбедносни сили, покрај останатите слабости, неможжат да се справат со непријателот.

Карл Билд во своето писмо исто така за дипломатските мисии на Хавиер Солана има мислење кое со една реченица јасно покажува колку е позитивно. Тој вели: "патувањата на Хавиер Солана ваму-таму наличуваат на полуреалистично театарска претстава без своевиден успех". Ако ги додадам и изјавите на Ибрахим Ругова, кој што за албанските екстремисти во Македонија се произнесе дека се тоа само луѓе кои во себе имаат слепа омраза и ништо друго и нивната цел не се ни човекови права ни било какво подобрување на статусот на албанците во Македонија, мислам дека треба да го заокружиме нашето мислење околу овие причини што ја доведоа Република Македонија во оваа состојба.

Околу принципите во Рамковниот договор, околу првиот принцип за да се престане со непријателствата и вооружените дејствија, сметам дека не со намера господине претседателе вас да ве штитам, тоа е мој став дека вашата реакција на случувањата во Тетово се апсолутно на место и ние како Собрание треба уште поцврсто да реагираме на вакви состојби и овој Рамковен договор безусловно да го условиме со прекин на непријателствата и со разоружување на терористите. Доколку не се случи тоа, јас верувам дека Рамковниот договор ќе биде само една обична фарса и после завршената работа околу промената на Уставот и законите се ќе си продолжи по старо, односно ќе немаме војна, односно ќе имаме војна, продолжение на вооружените дејствија.

Често од оваа говорница се потенцира дека, доколку не се изгласа овој Рамковен договор, ни останува единствен избор војна. Јас не гледам дека ќе биде така. Доколку и понатаму биде министер господинот Бучковски, во Македонија нема да има војна, затоа што нема да изврши ниедна наредба на претседателот и доколку СДСМ преку своите активисти на теренот ги мобилизира своите членови во смисла не на пристапување во македонските безбедносни сили, туку да ја бојкотираат мобилизацијата, во Македонија нема да има војна, а во тоа јас сум сигурен дека ќе продолжат така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави премиерот, господинот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседател на државата, почитуван претседател на Парламентот,

почитувани пратеници, на самиот почеток би сакал да ја поддржам иницијативата на претседателот на Република Македонија, Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, што произлегува од Рамковниот договор и да ги повикам сите пратеници до кои допира мојот авторитет да го поддржат овој предлог, при што веднаш на самиот почеток би кажал дека многу од дискусиите влегоа во еден погрешен правец со анализа на самиот Рамковен договор. Јас и во оваа прилика би потенцирал дека предлогот што го дава овде претседателот е само еден дел од Рамковниот договор и исто така би потенцирал дека ова е само почеток, додека јас лично за содржината на таа иницијатива и за конкретните предлози сигурно ќе имам можности во текот на дискусијата за поединечни амандмани да го дадам и своето мислење. Затоа, не би се задржувал премногу на содржината која треба да уследи после овој прв предлог. Би го кажал само следното како една глобална оценка, што е содржината на она што треба да оди како промена понатаму.

Содржината е најверојатно спој меѓу она што веќе албанците го имаат во Република Македонија и она што можеби со уставните амандмани од 1988 или 1989 година, не се сеќавам точно, во времето уште на поранешна Југославија им беше одземено од страна на тогашната Влада. Значи, глобалната оценка што е тоа што ќе го направиме е токму тоа за содржината, меѓутоа, би рекол не би сакал премногу да дискутирам, освен оваа глобална оценка, затоа што навистина сметам дека покрај она што е понудено во Рамковниот договор кој обилува со политичка реторика и политички текстови, без сомнение на тој текст му фали една сериозна теоретска правна корекција, а исто така сигурно и сите пратеници имаат право на свои амандмани и дискусии, во кои како што реков и јас би се вклучил понатаму.

Она за што сакам денес повеќе да зборувам е условите, атмосферата зборувам за политички, нели - безбедносни, економски и воени, во кои се покренува оваа иницијатива и во која ние треба да дискутираме за оваа иницијатива. Во таа насока на самиот почеток би сакал многу сериозно да демантирам една работа, која автоматски произлегува од основниот заклучок кој се нуди пред Парламентот, дека во моментот кога ќе се промени Уставот на Република Македонија со 35 амандмани, практично ќе престанат причините за кризата во Република Македонија и ќе завладее мирот во Република Македонија.

Во таа насока на самиот почеток сакам многу децидно да кажам дека апсолутно во ниту еден момент не сум помислил ниту сега ќе помислам дека Уставот на Република Македонија и причината за воената криза која беше шест месеци во оваа држава. Исто ќе додадам и дека не сметам дека ниту оваа Влада, ниту претходната Влада и се она што владееше во изминатите 10 години откако почна плурализмот во Република Македонија е одговорно за кризата односно за военатга ситуација, убиствата, насилствата кои ги имаше и кои ги гледавме во овие шест месеци.

Во истиот момент, би сакал некој да ми одговори кој е тој момент, кој е тој чин, кој е тој акт што го направи оваа Влада во нејзиниот мандат или претходната Влада во нејзиниот мандат, за да го имаме она што ние го имаме во изминатите шест месеци.

Токму заради тоа сакам уште еднаш многу децидно да повторам, апсолутно не сметам дека Уставот на Република Македонија, ниту пак владеењето во овие 10 години на било која Влада или во било кој состав е и причина за воената криза во Република Македонија. Напротив, ние мораме уште еднаш овде да се соочиме со реалноста. Уставот на Република Македонија и тие 35 амандмани кои ќе бидат дадени за дискусија понатаму во втората фаза на процедурата во Република Македонија се резултат на воената агресија која ја доживеа Република Македонија во минатите шест месеци. Нема да ги раскажувам сите битки кои беа во овие шест месеци, ќе ја спомнам првата која беше во Танушевци, директно окупирање од Косово на селото Танушевци кое е погранично село и ќе ја спомнам последната офанзива, селото Радуша, исто пограничен реон каде се бомбардираше, се маваше и се влегуваше директно од Косово на територијата на Република Македонија.

Значи, ние мораме јасно и гласно да проговориме дека Република Македонија во овие шест месеци беше изложена на воена агресија, независно од тоа што во тие единици влегоа еден голем процент на локални албанци, меѓутоа, морам да потсетам дека и тие прво одеа на Косово во КЗК, формално се зачленуваа, после три месеци излегуваа од КЗК и се враќаа на територијата на Република Македонија. Значи Република Македонија имаше еден спој на воена агресија од страна на Косово и масовно - за жал, морам да го потенцирам тој факт - масовно приклучување на многу млади и повозрасни албанци во истите тие единици.

Значи, мораме на самиот почеток да заклучиме дека ние нашиот Устав сме приморани да го промениме или да влеземе во фаза на промена на тој Устав под притисок на воена агресија.

Сега тука би сакал да се задржам и би сакал навистина да избегаме од она што го памтиме од времето на комунизмот. Се сеќавам дека во времето на комунизмот секој пораз се претвораше во победа и политичарите и пропагандата и сите, она што беше најголем пораз за кратко време ќе го претвореа во голема победа и нов успех. Мислам дека тој стил еднаш засекогаш, поддржувајќи ја оваа иницијатива, треба да го напуштиме, меѓутоа, ќе се обидам навистина да не зборувам како победник туку ќе се обидам да укажам на неколку аргументи под кои услови ние ја почнуваме оваа иницијатива за промена на Уставот на Република Македонија.

Прво, иницијативата за промена на Уставот на Република Македонија се носи под директна сила и под директен притисок на насилството и на теророт. Прекршивме еден од најголемите принципи во Меѓународната заедница и во исто време им праќаме еден огромен подарок на сите терористи или на оние кои сакаат да бидат терористи во целиот свет, заедно ние како Македонија и Меѓународната Заедница, дека тероризмот е исплатлива работа. Она што со децении го учевме по нашите школи, по сите теории дека тероризмот не може да се награди со политичка цел и со политичко остварување, ние за жал мораме да си погледнеме во очи и да си признаеме дека го прифаќаме.

Второ, промената на иницијативата ја правиме под услови на окупирани територии во Република Македонија. Исто така, ние можме да зборуваме што сакаме, меѓутоа факт е незнам колку квадратни километри, колку села и колку простори се, меѓутоа, еден сериозен дел од територијата на Република Македонија во овој момент во кој ја почнуваме расправата за промената на уставот на Република Македонија е окупиран и во тие територии не може да влезе македонската полиција и македонската армија. Тоа е факт од кој не смееме да бегаме и кој мораме да го имаме пред нашите очи кога ќе дискутираме понатаму за успешното справување со кризата, а ако кажеме дека генератор за кризата е Уставот, навистина даваме и оправдување за оние кои денес стојат на тие окупирани територии.

Трета работа која исто така сакам заедно со вас како заедничка одговорност да ја споделам, ние мораме да си погледнеме на фактите во очи и да кажеме дека ние практично одсега натаму ќе дискутираме за Призренскиот документ. Од она што го имаме ние во Рамковниот документ, ми се чини од она што го има во Призренскиот документ фали само една работа. А тоа е војниците да можат да си служат дома армија, односно во градовите каде што се родени, сите други елементи на Призренскиот документ, значи на терористите ние денес ги имаме на маса и најверојатно во една фаза која доаѓа пред нас ќе мораме да дискутираме.

Конечно, кога зборуваме за целата оваа ситуација, ние мораме да се соочиме со уште еден факт што сакам да го предочам како аргумент зошто треба да ја поддржиме оваа првична иницијатива и понатаму зошто треба да го поддржиме Рамковниот договор. Затоа што Република Македонија во овој момент не се наоѓа само под воено ембарго, туку сериозно се наоѓа пред економска блокада, неформална. Јас можам да ви кажам дека денес Република Македонија апсолутно ги има сите елементи на неформално економски блокирана држава, сите аранжмани со меѓународните финансиски организации ни се прекинати, сите билатерални програми се прекинати и јас можам едноставно да ве предупредам, ако продолжиме уште неколку месеци така, најверојатно дека економската ситуација сериозно ќе се влоши во нашата држава и ние ќе можеме да зборуваме и за сосема изменет економски амбиент. Тоа е и еден од аргументите зошто треба да се поддржи во овој момент оваа иницијатива. Јас ви ги кажувам деловите на притисоци што се прават врз легалните институции на Република Македонија и Република Македонија како држава, иако можам со разочарување веднаш да кажам дека за жал во овие шест месеци многу малку видов што е тоа што Меѓународната Заедница го прави против терористите кои убиваа, палеа и уништуваа во нашата територија. Мислам дека тоа и го знаеме, освен една листа на еден список на терористи дека не можат да влезат во САД, ниеедна друга сериозна санкција против тероризмот кој се бореше против Република Македонија не е преземена и сите ние можеме тоа да го констатираме, а пак ќе потврдам, притисокот врз Република Македонија е повеќе од евидентен.

Конечно, кога зборуваме за фактот зошто треба да се поддржи оваа иницијатива, ќе го спомнам и фактот на националното единство. Од моментот кога се појави кризата во Танушевци, па до ден денешен, пред мене како премиер и лидер на ВМРО-ДПМНЕ не сум имал ниеден друг политички противник

освен терористите од ОНА. За жал, во ова шестмесечно искуство се покажа дека не сите политички партии, не сите поединци кои учествуваат во власта во Република Македонија се однесуваат на истиот начин. Ние кога зборуваме како треба да продолжи Македонија, мораме пред сите нас да го имаме фактот на досегашното национално неединство во рамките на македонскиот народ, кој нема ниту една гаранција дека ако продолжиме со војна дека ќе се поправи нешто понатаму. Во таа насока, посебно сакам да го искажам тоа национално единство по првото прашање, за кое сите ние сме задолжени, дека ако имаме окупирана територија на Република Македонија, треба да ја браниме и да ја ослободиме таа територија. По повод прашањето, ако имаме киднапирани луѓе и ако има насилство над нив, треба да ги заштитиме со нашите безбедносни сили. За жал дури ни по такви суштествени прашања ние не успеавме да најдеме единство во Република Македонија.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Јас можам сериозно да ве известам дека во Република Македонија во изминатите шест месеци ние имавме неединство по прашањето на одбраната на Република Македонија. Прво, на политичко ниво, а понатаму кога ќе се постигнеше политичката согласност имавме и на ниво на безбедносните сили на Република Македонија. Не сакам да го наречам тоа саботажа на државните интереси, можеби се работи за страв, можеби се работи за неспособност, уште помалку би сакал да мислам дека се тоа нечии партиски интереси, меѓу тоа во овие шест месеци многу пати го изјавував и денеска пред Парламентот уште еднаш ќе го повторам и жал ми е што и јас бев внесен во една таква машина каде што прашањето на ослободувањето на окупираните територии на Република Македонија беше ставено како последно и едноставно не се ни размислуваше за тоа. Така што, начинот на националното неединство кое досега многу јасно се практикуваше и каде што некој постојано бараше радикали во сопствените македонски редови за да може да се додвори на некои други навистина сакам да го предочам пред вас како предупредување, ако во изминатите шест месеци, кога имавме толку жешки злосторства не успеавме да воспоставиме национално единство тешко во идните шест месеци да воспоставиме национално единство, а тоа значи дека негласањето може да значи сериозна катастрофа за безбедноста на уште пошироки слоеви и граѓани на Република Македонија.

Конечно, кога сме кај условите во кои ги почнуваме, во кои се почнува иницијативата за промена на Уставот на Република Македонија би сакал да споменам дека на денот на потпишувањето на Рамковниот договор ние заедно како македонски блок партии пред меѓународните претставници со нивниот авторитет поставивме четири услови за да почне парламентарната расправа за промената на Уставот на Република Македонија.

Прво, предавање на 1/3 од оружјето на терористите,

Второ, враќањето на терористите на позициите пред 5 јули,

Трето, враќањето на селаните во нивните домови. Не се потенцираше, меѓутоа се подразбираше враќањето на киднапираните. Во овој момент, според полициски извори ние имаме сеуште 16 киднапирани граѓани на Република Македонија,

Четврто, перманентен прекин на огнот.

Од овие четири услови за жал само првиот делимично, или некој ако цени и полно е исполнет, меѓутоа јас сакам да укажам на тоа, затоа што ми се чини дека во текот на дискусијата беа споменувани многу често тие услови.

Конечно, апсолутно не можам да се согласам со една теза која ја промовираат некои пратеници во Македонскиот Парламент, а тоа е дека пратениците кои нема да гласаат за иницијативата за промена на Уставот на Република Македонија, не зборувам за првата фаза, туку зборувам за понатамошната фаза, ќе бидат одговорни за војната во Република Македонија.

Почитувани пратеници, во овие шест месеци ова обвинување ако попуштиш овде, ти си виновен за војната во Република Македонија го слушав барем едно триесетина пати и тоа не од македонските претставници, туку од многу посериозни претставници. И затоа денеска тешко ми паѓа кога македонски претставници ја употребуваат таа флоскула со која нам некои странски претставници во изминатите шест месеци постојано ни ја повторуваат. Јас апсолутно не сметам дека оние кои ќе гласаат во Македонскиот парламент против промените или амандманите ќе бидат виновни за Уставот на Република Македонија и покрај тоа што ги повикувам да гласаат од многу едноставна и принципиелна причина. Зарем можеме толку лесно да ги

амнестираме терористите, зарем можеме толку лесно оние кои убиваа и уништуваа во Република Македонија да им дадеме легитимно право дека практично биле во право и ако продолжат со насилството во Република Македонија имаат право затоа што пратениците се виновни во Македонскиот Парламент. Сметам дека треба да се соочат сите пратеници со своето не гласање на одговорноста која произлегува од нивното негласање. Меѓутоа, жално паѓа што хорот на меѓународните специјалисти и нашите домашни специјалисти ќе ја пеат истата песна и тогаш ќе го заборават господинот Али Ахмети и неговите крвожедни луѓе, а единствениот виновник ќе го бараат меѓу сопствените Македонци. Впрочем, тоа во овие шест месеци се случуваше достапно многу и се случуваше со многу примери и со многу искуства за да не веруваме дека ќе биде и понатаму така.

Конечно, кога зборуваме за целата оваа ситуација зошто треба да се поддржи оваа иницијатива ќе го споменам и меѓународното присуство на НАТО Пактот во Република Македонија. Вие го гледата авторитетот со кој НАТО влезе во Република Македонија и покрај тоа што има некои спорни елементи, да речеме дали е воопшто принципиелно да се потроши една милијарда марки за оваа операција, а да се собере два милиони марки оружје. Дали е потребно пет илјади војници за да соберат 3300 парчиња оружје, меѓутоа очигледно дека ние не треба да се коцкаме со авторитетот на НАТО и ако тој е влезен во оваа игра треба да ја прифатиме таа игра и навистина да ја покажеме нашата доверба кон истиот тој фактор.

Кога дискутираме за тезата војна или мир и за условите во кои ние зборуваме денеска за иницијативата за промена на Уставот на Република Македонија има неодговорено прашање. Има едно неодговорено прашање кое најверојатно никој не може ни да го одговори. Имено, тие што нема да гласаат ако се случи војна ќе бидат прогласени дека се виновни за војната. Јас го поставувам обратното прашање. Што ако сите амандмани поминат во ред и повторно тероризмот не престане во Македонија и што ако насилството на нашите селани повторно не престане и што ако за една година сите тие села повторно се со невратени жители во нивните домови и со се она што значи продолжување на војната за територии која почна на тој начин и за жал најверојатно така и ќе заврши.

Конечно кога зборувам зошто треба да се гласа за иницијативата за промена на Уставот треба да се има јасна свест дека Република Македонија за жал е колатерална штета од интервенцијата на НАТО 1999 година. Ќе потсетам што беше тоа колатерална и кога се измисли зборот колатерална штета. Кога авионите по грешка бомбардираа во разни приколици со Албанци, или во возови со цивили, тогаш се измисли за прв пат во меѓународната терминологија колатерална штета. За жал гласајќи и поддржувајќи ја оваа иницијатива ние мораме да бидеме со таа свест дека Македонија е колатерална штета на таа интервенција и ние не можеме да очекуваме од оние кои влегоа во таа грешка 1999 година дека денеска ќе ја признаат таа грешка, туку напротив можеме само да очекуваме дека таа грешка во еден циклус понатаму ќе ја вртат. Тоа се условите, за жал во кои ние ја почнуваме иницијативата. На крајот уште еднаш само ќе повторам.

Апсолутно не сметам дека Уставот на Република Македонија е причинител на кризата која се случуваше во Република Македонија во изминатите шест месеци. Тоа е само една добра форма за да се спасат многу одговорности и од меѓународната политичка сцена, а можеби и од регионот, меѓутоа тие се мали играчи во оваа ситуација.

Конечно, на крајот би го споменал она што никаде не го пишуваше ни во постоечкиот Устав, а не го пишува во постоечките измени доколку се донесат и се утврдат во Република Македонија. Тоа е довербата меѓу Македонците и Албанците. Тоа е она што го нарекувавме сожителство во овие десет години. Животот меѓу Македонците и Албанците во изминатите десет години не беше идеален, меѓутоа од денешен аспект можам да кажам дека и во времето на претходната коалиција и во времето на оваа коалиција едностано имаше живот меѓу Македонците и Албанците. Не знам дали навистина десет години ќе бидат малку да поминат во Република Македонија и колку генерации треба да се променат за да се врати онаа ситуација која беше пред шест месеци во Република Македонија кога добивавме комплименти од целата Меѓународна заедница и кога добивавме комплименти од самите лидери на албанските политички партии на нашата држава.

Посебко тешко во тој поглед ми паѓаат обвинувањата кои можат да се случат меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. СДСМ го обвинува

ВМРО-ДПМНЕ дека направил грешка или предавство со Законот за амнестија. Го обвинува дека истото тоа го направил со Законот за високо образование. Го обвинува со истото, етикета дека тоа го направил со разните индивидуални случаи на популивост, па дури и со Косовската криза.

ВМРО-ДПМНЕ од своја страна го обвинува СДСМ дека е виновен за 150 илјади државјанста кои во периодот од 1994 година, 1995 година ги даде, меѓу кои имаше и такви случаи како што беше господинот Басир Бајрами, кој воопшто немаше право да има македонско државјанство, а вие знаете дека Белгија го бараше за некои тешки убиства, меѓутоа по некоја грешка и верувам од добра намера во времето на СДСМ доби македонски пасош. ВМРО него го обвинува дека во тие државјанства СДСМ даде меѓу 20 и 40 пасоши на политичари од Косово кои воопшто немаа право да имаат македонски пасош, затоа што беа под тортурата на Милошевиќ. Само еден таков пасош ќе споменам. Господинот Ветон Сурои, кој има македонски пасош од тој период 1994-1995 година и истиот тој господин денеска е главната врска меѓу македонските политичари и албанските терористи на Косово и Меѓународните посматрачи, и е главната сива еминенција на сето она што денеска се случува во Македонија. Да, тој господин има македонски пасош. И да не зборувам за сите оние обвинувања кои си ги кажуваа едните на другите, затоа што за мене тоа не се ни предавства, ниту се грешки. Напротив, и едните и другите грешки ги ценам како големо срце на македонскиот човек, на македонскиот народ да му се помогне на некој кој му е тешко во тој момент. Со тоа македонско големо срце го ценам и нашето големо гостопримство кое го дадовме во периодот на Косовската криза на 350 илјади граѓани кои дојдоа од Косово во Република Македонија. Не се тоа предавства, не се тоа ни грешки. Тоа се само наши докази дека Македонскиот човек и Македонскиот народ заедно со другите малцинства односно националности во Република Македонија сакаше да живее со Албанците во овие десет години како што живеел и во историјата. Проблемот што не е запишан ниту во сегашниот Устав, ниту во идните промени е како ќе ја вратиме таа доверба меѓу граѓаните. Како ќе ја вратиме довербата на луѓето што не ја пишува никаде. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван претседател на Републиката, добро е што сега веќе не сте граѓанин Борис Трајковски и од левата страна, туку сега сте вистински претседател на нашата Република.

Почитуван претседател на Собранието, почитуван премиер. Навистина многу е тешко јас да зборувам после овој инспиративен говор на нашиот премиер, на нашиот лидер, меѓутоа сепак оваа постапка мора да оди понатаму. Јас, морам да кажам, ако имав одредени дилеми во врска на тоа како ќе се изјаснувам, која ќе биде мојата одлука после вчерашната и голем дел од денешната дискусија кај мене повеќе дилеми нема. Еве зошто.

Настапот на еден од потписниците на овој Рамковен договор што седи во првите редови, а сега го нема, излезе, не убедува сите нас овде дека ако некој размислува поинаку, ако некој не го прифати овој Рамковен договор во целина, ако не ја прифати оваа иницијатива на нашиот претседател тој ќе биде за војна, тој нема да биде за соживот и.т.н. Јас ќе кажам само една мисла односно каде што дотичниот господин кажува дека за Македонија ова е ситуација да се биде или не. Сите ние како пратеници овој Парламент во целина, јас го цитирам, не е избран за да бега од одговорноста, да се затскрива зад волјата на народот, туку за да го води народот, да гледа и да предвидува подалеку и да одлучува во името на народот. А се се сведува ако е волјата на народот се поистоветува со волјата на СДСМ односно со прифаќањето на овој Рамковен договор.

Исто така, дискусиите што беа од колегите пратеници од СДСМ сите беа како јајце на јајце еднакви меѓутоа морам да ја издвојам дискусијата на младиот господин пратеник Никола Поповски. Верувајте таа на некој начин ме погоди, а еве зошто.

Дотичниот господин си зеде за право да прети дека размислувањето негово и на неговата партија е нај, е тоа што треба да се прифати и ако биде поинаку ние пак одиме во една крајност. И замислете што, дали него му се испушти тоа, или така мисли тој, вели ние Македонците, македонскиот блок со овој Рамковен договор ништо не губиме. Дури добиваме. Ти благодарам господине Поповски. Јас не мислам така. Еве зошто. Да ве потсетам сите пратеници и македонската јавност, сигурно

ја гледавте сликата кога нашите почитувани лидери го потпишуваа тој договор во Охрид на 13 август оваа година. Па, ми се чини тоа беше, барем за мене, морбидно. Не беше славје како што вика господинот Поповски, ние треба да сме задоволни дека многу добиваме и.т.н.

Исто така, на господинот Никола Поповски морам да му кажам, почесто го употребува терминот "Мимикрија" со асоцијација на наша страна. Јас не сакам да му поставувам прашања, меѓутоа морам да му кажам дека тој не го знае вистинското значење на поимот "Мимикрија" затоа што поимот "Мимикрија" е биолошки термин господине Поповски, а не политички, односно економски и политички, не знам од која струка сте Вие.

Јас со таа разлика што пратениците од СДСМ, дискусиите им беа јајце на јајце, сега и покрај тоа што мојот лидер, нашиот премиер се појави со еден апел кој што треба ние во таа смисла сега само да повторуваме и така да дискутираме и така да се изјаснуваме. Јас во оваа прилика во мојава дискусија ќе настапам со едни дивергенции кои што отстапуваат од едно такво мислење. Еве зошто.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Овој Рамковен договор и ова барање за почнување постапка за промена на Устазот на РМ во овие услови кога имаме окупирани територии од нашата земја, многу убиени војници и цивили, разурнати населби, човечки трагедии, десетици илјади македонски граѓани, јас неможам да го прифатам овој Рамковен договор. Овој Рамковен договор уште повеќе го предлабочува раздорот и недоразбирањата и конфликтите меѓу македонците и нелојалното албанско малцинство.

Почитувани пратеници, јас не сакам да учествувам во претварањето на мојата земја Македонија во нем сведок на нејзината несреќа.

Прво, во Рамковниот договор не се употребува поимот народ и поимот малцинство. Според Рамковниот договор во РМ не живее македонски народ и малцинства: Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, туку само различни етнички заедници. Со тоа на македонскиот народ му се негира правото името на државата Македонија да се рефлектира со името на нацијата македонци. На тој начин се крши историската спојка Македонија, македонци и македонци Македонија. Според Рамковниот договор РМ веќе не е држава на македонскиот народ и држава на малцинства, туку е држава на етнички заедници. Тука ќе дојдат македонска етничка заедница, албанска етничка заедница, српска етничка заедница и.т.н еве и ромската етничка заедница, колегата Амди Бајрам нека чуе. Со тоа на Македонија и се негира македонскиот етнички карактер, со тоа ние стануваме шаренило на народи, а РМ станува само географски поим нешто што е упорно барано од нашите јужни соседи грците.

По овие суштински промени дел од Меѓународната заедница која што е подчинета на американската политичка волја во иднина ќе врши и силен притисок за сменување и на името на државата. Тие во иднина ќе бараат името на ниту една етничка заедница да не се рефлектира во името на државата, односно името на државата да не се соодвествува и да не се совпаѓа со името на ниту една етничка заедница, на етнички заедници што живеат во РМ. Оваа моја констатација ја изведувам од фактот што не случајно видни претставници на Меѓународната заедница за Македонија чисто го користат поимот: оваа земја, оваа територија, а за македонците наместо етничкото име, користат разни етнички деривати како "овој народ" "славјанско население" и во последно време "славомакедонци". Значи тоа секако не е случајно.

Со овој Рамковен договор се официјализираат јазикот на едно малцинство што е без преседан во меѓународната практика. Со високиот наталитет и со масовната емиграција од Косово, албанскиот јазик се повеќе се шири на територијата на РМ. На тој начин албанците ќе добијат статус на народ со сите етнички, политички и економски последици за РМ.

Натаму, РМ ширум ја отвора вратата на федерализација преку кантонизација на РМ. Тоа ќе се постигне со новиот закон за редифинирање на општините и со огромните локални овластувања што ќе ги добијат општините. Со непристрасната помош на разни западни олеснувачи ќе се создадат пет до шест албански кантони, што ќе претставуваат една компактна албанска културна и територијална целина во западна Македонија. Тоа се тетовско, гостиварско, струшко, кичевско, дебарско и дел од кумановско. Со тоа РМ, според мене, само формално ќе биде унитарна и суверена држава.

Со овој Рамковен договор САД и нивните европски сојузници уште еднаш потврдуваат дека во меѓународните односи

тие го почитуваат правото на силата, а не силата на правото. Со нашава Република тие потврдија дека не ги почитуваат основните демократски принципи за кои што на збор толку често се повикуваат и се залагаат. Што е демократијата? Демократијата е волја на мнозинството. Демократијата е владеење на мнозинството кое ја наметнува својата волја со демократски избори. Во РМ близу 70% од населението се македонци, срби, турци, власи и роми, кои што го поддржуваат Уставот на РМ. А, само нешто повеќе од 22% албанци не го почитуваат, покрај тоа што Уставот на РМ им ги гарантира сите малцински права. Тие на тој начин го поддржуваат малцинството и остануваат верни и достојни наследници на непринципиелната дипломатска традиција на нивните претци, што се изрази со решенијата на Берлинскиот конгрес во 1878 год, Букурешкиот мировен договор во 1913 год, и Парискиот мировен договор во 1919 и 1920 год. По нивните дипломатски решенија секогаш по правило следуваа нови војни и нови судири, кои што беа покрвави од претходните.

Јас, почитувани пратеници, сум убеден дека така ќе биде и со овој Рамковен договор и ако го имплементираме во нашиот Устав ќе следуваат нови и уште покрвави судири. Рамковниот договор нема да биде исклучок од тоа правило. Македонија неможе да биде држава на два народи. Рамковниот договор само привидно нуди решенија за мирна разврска на кризата. Тој сигурно не нуди договор за мир. Ние со Рамковниот договор, ако го прифатиме ќе го посееме семето на раздорот. Семето на идните недоразбирања и конфликти меѓу македонците и на албанското малцинство.

Затоа, според мене, Рамковниот договор е по малку безвреден. Со него се оневозможуваат македонските сили на безбедност да ја одбранат својата територија, што на крајот на краиштата е нивно уставно право. Во исто време специјалните сили на НАТО ќе влезат во РМ, ќе се поврзат со своите стари пријатели и ќе ги штитат, додека овие ќе го одложат дел од старото неупотребливо оружје. Уште повеќе одземените територии кои се под контрола на терористите ќе бидат посигурни со присуството на НАТО силите. За нас сега како да се надминати термините националности, национални малцинства и етнички гурпи. Наместо нив Рамковниот договор таму се промовира една навистина ингениозна синтагма, а тоа е заедници кои не се мнозинско население во РМ. Значи, заедници кои не се мнозинско население.

Што се не доживеавме за овие 10 транзициски години. Сега се најдовме во состојба на без малку замрено стопанство, рекорд на невработеност и социјална беда. Се заплеткавме во пајаковата мрежа на криминалот, а човечкиот живот доби многу ниска цена. За сето тоа како и за сите други наши "успеси" добивме пофалби и признанија, ни ги искривија рамениците од силните ударања и пофалби. Ни годеа таквите разни епитети. Ние станавме оаза на мирот. Пример за вистински соживот на разни националности и др. А, кулминација на тоа беше што истите тие не нарекоа лидери на западен балкан, миротворци и шампиони на реформските процеси и демократијата. Според нив, станавме земја на хармонизирани национални односи. Силно се стабилизиравме и со асоциравме со Европа и сите не уверуваа дека таму ни е вистинското место. И, какво изненадување, почитувани пратеници! Кога ние поверувавме дека е тоа навистина така не изненадија пукотници од планинските села на северниот дел на нашата земја. Пукањето стана позачестено и се пожестоко и се прошири на поголемите подрачја. Кога се разбудивме од летаргичниот сон, почитувани пратеници, пред нас се појави грозоморната слика, грозоморната вистина, десетици мртви, многу повеќе ранети, осакатени и киднапирани. Десети илјади македонски семејства беа најурени од своите вековни огништа и станаа, видете каков апсурд, апсурд кој што е невиден во светот, бегалци во сопствената земја. Не убедуваат дека никој не ги прогонува, туку тие сами, кој знае зошто, се исплашиле и побегнале. Многу уверливо, почитувани пратеници, нема што. Експлозиите продолжуваат на сите страни. Уништени се културно историски споменици со непроценлива вредност, индустриски капацитети и др. Експлозиите се случуваат на сите страни. Животот стана несигурен, дури и во нашата претстолнина, во Градот Скопје. И, наеднаш почитувани пратеници, "за наша среќа" се појавува Меѓународната заедница која многу ја сака нашата земја и се грижи за нејзиниот суверенитет и територијален интегритет. И, не дозволуваат да влеземе во општа граѓанска војна, со што земјата би се поделила и народот масовно би изгинал. Затоа, почитувани пратеници, ни испратија олеснувачи, а сега и жетвари, за да го потпишеме т.н. историски договор меѓу македонците и албанците односно веќе објавениот Рамковен договор заедно со

трите анекси, кои ние како пратеници дури сега ги добивме. Сето тоа во текст на англиски јазик како единствена автентична верзија. Веројатно, за подобро да сфатиме и да разбереме и секогаш да го имаме на ум кој е афтентичниот писател. Ова почитувани пратеници, е огромен "придонес" кон модерната теорија за суверенитетот и независноста на самостојните држави во светот.

Јас очекувам по длабока анализа на Рамковниот договор да направат експерти по уставното право. Мене тука ме чуди зошто сеуште не се јавуваат со свое видување за овој Рамковен договор членовите на МАНУ. Потоа, афирмирани стручњаци од двата наши универзитети, од Скопскиот и од Битолскиот и тие да кажат и да изнесат стручни анализи од овој договор и да види македонскиот народ дека промената на Уставот ќе биде оправдана и во интерес на Македонскиот народ.

Јас во оваа прилика ќе кажам дека РМ од последните податоци има 72.463. илјади раселени лица, граѓани на РМ и тоа поголем дел македонци.

Повторно да се вратам на Рамковниот договор. Во него посебно се впечатливи две работи.

Првата е доследноста на потписниците во изведувањето на конкретните решенија во предложени уставни и законски промени. Тоа е Анекс а и б, со почитување на петте принципи од почетокот на Рамковниот договор. Еве, само еден пример. Целосно и безусловно ќе се отфрли употребата на насилство за остварување на политички цели. Овој принцип се применува така што со уставните и законските промени ќе се прифатат политичките барања на албанските вооружени групи и тие доброволно ќе се распуштат. Се разбира, под услов Собранието на РМ да ги прифати предложените уставни амандмани во рок од 45 дена. Какви се тие уставни промени, почитувани пратеници, кои ќе се изведуваат под притисок и закана со употреба на оружје, насилство врз неалбанското население. Нема да и робуваме и на поделбата на јазиците, која што е вообичаена во другите земји на официјален јазик, јазик во службена употреба. За нас тоа, почитувани претставници, пратеници, е надмината работа. Затоа, ние ќе имаме повеќе официјални јазици.

Почитувани пратеници, кризата на балканот и кај нас во Македонија неможе да се реши со имитации и декларации од акции. Ако навистина сакаме да се реши проблемот во Македонија, пред се мора да се затворат каналите за доставување на оружје во овој регион. Се додека имаме огромни количини на оружје, мир на нашите простори ќе нема.

Јас почитувани пратеници, како пратеник од мнозинската листа сум обврзан да го изнесам мислењето на моите избирачи од мојата изборна единица, од моето Драчево, од населбата Пинтија, од с. Драчево, од Долно Лисиче, од Усје, каде што недвосмислено ме обврзуваат јас да не ја прифатам ниту иницијативата за промена на Уставот, а не Рамковниот договор. Верувајте, јас надвор од сето тоа, без оглед што можеби мојата пратеничка група има поинакво мислење, поинакво гледање, јас морам така и да гласам. Јас не наидов на ниеден граѓанин кој поддржува овој Рамковен договор, ниту на моето работно место, ниту меѓу моите студенти, ниту моите соседи, моите сограѓани. На секој чекор, секаде наидувам само на едно, не смеете да го прифатите Рамковниот договор.

И , на крајот, ќе го цитирам Сергеј Ван Довен поет од Холандија кој што беше присутен на овогодишните Струшки вечери на поезијата кој кажа: "Моменталната ситуација во Македонија ја коментирам како уште еден производ од силите на НАТО. Ужасот што се случуваше минативе години во Босна, Хрватска и Србија како пожар ја зафати и Македонија. Можеби иднината ќе може да ја расветли вистинската причина за сето тоа, дека ако некој реши да наметне деструктивност, безумие врз народот, тоа секогаш функционира и се остварува како сценарио со проверен успех".

На крајот, почитувани пратеници, морам да кажам, заради сите тие причини, неможам да го прифатам Рамковниот договор и нема да гласам да почне постапка за промени на Уставот на РМ. Затоа што, ова ќе биде почеток на крајот и на македонската држава и на македонскиот народ и на овој парламент. Ви благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Да се договориме, има уште 21 пријавен дискутант и затоа ве молам сега да прекинеме, но утре да дојдете во 11,00 часот, а не како денес во 12,00 часот.

Дали може така? (Пратениците се изјаснуваат дека може така).

Седницата ја прекинуваме.

(Седницата прекина со работа во 22,20 часот).